Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 326, 14 јули 2023 година

јули 2023 година
Штип

**СОДРЖИНА**


РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 3

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА, НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 10

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 19

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАНИКА НА КАРПИТЕ И ТЛОТО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 26

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП ..... 35

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 54

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МАКЕДОНИСТИКА И НАРОДНА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 69

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „АПАРАТИ И ИНСТРУМЕНТИ ВО ЗАБОТЕХНИЧКАТА ЛАБОРАТОРИЈА” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р КИРО ПАПАКОЧА, ДОЦ. Д-Р МИХАЈЛО ПЕТРОВСКИ, АС. Д-Р ЉУБИЦА ПРОШЕВА, ЛАБ. Д-Р ПАВЛЕ АПОСТОЛОВСКИ И ЛАБ. КИРИЛ МИТЕВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 95

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ” ОД ПРОФ. ДР. ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 100

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МАРКЕТИНГ: ОСНОВИ ЗА НАВИГАЦИЈА ВО ДИНАМИЧНО ОПКРУЖУВАЊЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р ТАМАРА ЈОВАНОВ-АПАСИЕВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..... 102

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПЕТРОЛОГИЈА (МАГМАТСКИ И МЕТАМОРФНИ КАРПИ)“ ОД ПРОФ. Д-Р ИВАН БОЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..... 106

РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРАТЦИЈА СО НАСЛОВ „УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ“, ОД КАНДИДАТОТ М-Р САЊА ГАЦОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ..... 109

РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРАТЦИЈА СО НАСЛОВ „ОБРАЗОВАНИЕ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК ВО КОСОВО“, ОД КАНДИДАТОТ М-Р САЛИЈА БАНГОЈИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ..... 118

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 2 ..... 126



Издавач:

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева

Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов

Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски

Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска

Печати: Печатница „2- Август“ - Штип

**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**
**ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА**
**НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, на својата 303. редовна седница, одржана на ден 26.10.2023 година, донесе Одлука со бр. 2007/147/2 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област офталмологија (30219) – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- д-р Страхил Газепов, вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - претседател;
- д-р Билјана Костовска, насловен доцент за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
- д-р Беким Татеши, насловен доцент за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 16.5.2023 година и во предвидениот рок се пријави д-р Снежана Зечевиќ, специјалист по офталмологија, доктор на медицински науки, од научната област офталмологија, вработена во ПЗУ „Европска очна болница“ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Снежана Зечевиќ е родена 1972 година во Сараево, БиХ. Во Скопје го завршува средното образование со одличен успех. Дипломира на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ со просечен успех 8,87. Од 1998 до 2002 година специјализира офталмологија на Универзитетската клиника за очни болести при Медицинскиот факултет во Скопје и се здобива со титулата специјалист офталмолог. Основа приватна здравствена организација Центар за очни болести „Проф. Коста Јанев” и таму работи од 2002 до 2012 г. Потоа работи во „Европската очна болница“ во Скопје. Од 2017 до 2022 година работи во специјализирана Очна болница во Кувајт, по што повторно станува дел од „Европската очна болница“, каде што работи како специјалист офталмолог. Посебно поле за работа остварува во областа на медицинска ретина, дијагностика

и третман на пациенти со дијабетична ретинопатија и васкуларни заболувања, апликација на антиВЕГФ препарати и ласерфотокоагулација, скрининг на пациенти за рефрактивна хирургија и третман на кератоконус. Има активно учество во глобални мултицентрични истражувања. Коавтор е на книгата „Општа офталмологија“ од проф. д-р Коста Јанев.

Својата докторска дисертација д-р Снежана Зечевиќ ја одбранува во април 2023 г. на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Посетува многубројни едукации како во земјава така и во странство. Некои од нив се:

1. 2003-2012, Проф. Светислав Миленковиќ, Континуирана едукација во областа на медицинска ретина;
2. 2009-2012, Ласер фокус Очна клиника, Белград, Мастерклас по катаракта и рефрактивна хирургија во 4 дела;
3. 2011-2018, Специјализирана очна болница „Милош клиника“, Белград, Континуиран тренинг по рефрактивна хирургија;
4. 2014, Очна болница „Окулус“, Белград, Тренинг по индикации и ефекти од интравитреална апликација на анти-ВГФ препарати;
5. 2015, Wiener privatklinik, Виена, работилница ”Corneal collagen cross-linking in Keratoconus treatment”;
6. 2017-2020, Специјализирана очна болница во Кувајт, Континуирана едукација во областа на медицинска ретина;
7. 2019, Специјализирана очна болница во Кувајт, Едукација за современ пристап во рефрактивната хирургија;
8. 2020, Континуирана едукација во областа на медицинска ретина “Al Mamoon medical Center” UAE;
9. 2019-2021, Проект координатор за мултицентрична студија IBM Clinical Development AURIGA;
10. 2020-2021м Проект координатор за мултицентрично истражување Global nAMD & DR Baroemeter Programme.

Член е на Здружението на офталмолози на Македонија, Македонското лекарско друштво и Лекарската комора на Македонија. Член е на Американската академија на офталмолози, Европското здружение на офталмолози и Кувајтската медицинска асоцијација.

Во последните 5 години има публикувано и презентирано 4 научни труда со оригинални научни резултати, 3 од нив објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 1 труд во списание со импакт фактор и 2 труда прифатени на Научен конгрес со меѓународно учество.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент:***

Општи и посебни услови кои д-р Снежана Зечевиќ ги исполнува за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научно звање на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

*Општи услови:*

– Просек од додипломски студии – 8,87 (Медицински факултет, УКИМ);

– Специјализација по офталмологија (завршена на Универзитетската клиника за очни болести при Медицинскиот факултет во Скопје, УКИМ);

– Научен степен - доктор на медицински науки – клиничка медицина, стекнат на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј» во Скопје;

– Во последните пет години (пред објавување на огласот за избор) има објавено четири научни труда во меѓународно признаени списанија, индексирани во меѓународни бази на податоци;

– Потврда за познавање на англиски јазик.

*Посебни услови:*

– Препораки од двајца професори од соодветната област и препорака од работодавец;

– Учество во меѓународни проекти;

– Активно партиципира во работилници и има престои во странство, со што го унапредува своето стручно познавање, кое понатака го пренесува на своите соработници и колеги.

*Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

Д-р Снежана Зечевиќ завршува специјализација по офталмологија во 2002 година. Во 2017 година го брани магистерски труд со наслов „Влијание на корнеален колаген кроц-линкинг со рибофлавин и УВА ирадијација во запирањето на прогресијата на ектазијата на рожницата при кератоконус“ и се стекнува со звање магистер по медицински науки од областа на офталмологија. По одбраната на докторската дисертација под наслов „Евалуација на постоперативните промени на солзниот филм и на рожницата по фемтосекундна лентикуларна екстракција со мала инцизија“ во 2023 година се стекнува со звање доктор на медицински науки – клиничка медицина. Д-р Снежана Зечевиќ како офталмолог со повеќегодишно искуство и стручњак од пракса е активно вклучена во пренесување на знаења од областа на офталмологијата на помладите колеги. Во периодот од 2018-2022 е координатор на две големи мултицентрични истражувачки студии за макуларна дегенерација и дијабетичка ретинопатија. Од доставените биографски податоци таа учествувала активно на голем број на обуки, работилници, конгреси и семинари од областа на офталмологијата, одржани во и надвор од нашата земја. Притоа, д-р Снежана Зечевиќ се стекнала со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Д-р Снежана Зечевиќ како медицински директор е активно вклучена во стручно-апликативната и научноистражувачката работа во „Европската очна болница“. Член е на Комисијата за акредитација на болницата, како и на Етичката комисија на болницата во која работи.

***Трудови објавени во списанија со фактор на влијание и меѓународен уредувачки одбор во последни пет години***

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Zechevikj S**, Raizada S. | Severe Bilateral Intraocular Inflammation Following Intravitreal Injection of Bevacizumab | Macedonian Journal of ophthalmology BR.2, Vol 6, 2019, p 22-29. | Повеќе од 5 години |
| 2. | **Zechevikj S**, Dimovska V. | Preliminary results of lipid layer tear film changes after femtosecond small incision lenticel extraction | Macedonian Journal of ophthalmology BR.1, Vol 7, 2020, p 22-29. | Повеќе од 5 години |
| 3. | **Zechevikj S**, Dimovska V. | Evaluation of the tear film and cornea stability in patients with different myopia degrees after small incision lenticel extraction | Macedonian Journal of ophthalmology BR.2, Vol 8, 2021, p 24-33. | Повеќе од 5 години |
| 4. | Al Sabti K, **Zechevikj S,** Raizada S. | Evaluation of lipid layer tear film changes after femtosecond small incision Lenticule extraction | Therapeutic Advances in Ophthalmology. 2022 October 10; 14:25158414221129534. DOI: 10.117/25158414221129534. PMID: 36246953; PMCID: PMC9554113. | Повеќе од 5 години<br><br>( IF ) |

*Евалуација на трудовите за избор на д-р Снежана Зечевиќ публикувани во последните пет години*

1. **Zechevikj S**, Raizada S. 2019, Severe Bilateral Intraocular Inflammation Following Intravitreal Injection of Bevacizumab. Macedonian Journal of ophthalmology BR.1, Vol 7, 2020, p 22-29.

Авторката прикажа случај на сериозно интраокуларно воспаление кое имитира билатерален инфективен ендофталмит, по интравитреална инјекција на Бевацизумаб во двете очи истовремено, за третман на дијабетичен макуларен едем. Еден ден по инјекцијата е забележан хипопион во предната комора на двете очи со билатерален витритис, влошена видна острина, но без болки и други симптоми. Третиран е со интензивен топикакален третман со антибиотици, стероиди и мидријатици. Хипопионот комплетно се повлече без интравитреална антибиотска терапија или парс плана витректомија. Заклучокот е дека не се сите воспаленија инфламаторни по интравиреална инјекција. Нема дефинитивен лабораториски

тест или клинички знак за да веднаш апсолутно се разликува инфективен од неинфективен ендофталмит. Детална клиничка анамнеза, темелно испитување на предната комора и задниот сегмент со прецизно следење е неопходно за справување со овие случаи за да се избегнат дополнителни хируршки процедури.

2. **Zechevikj S**, Dimovska V. 2020, Preliminary results of lipid layer tear film changes after femtosecond small incision lenticel extraction. Macedonian Journal of ophthalmology BR.1, Vol 7, 2020, p 22-29.

Трудот претставува пилот студија во областа на рефрактивната хирургија SMILE која означува фемтосекундна лентикуларна екстракција со мала инцизија. Во трудот кандидатката се осврнува и на причините за настанување, клиничките карактеристики и симптомите на синдромот на суво око, како една од најчестите компликации по изведување на рефрактивните хируршки процедури. Предноста на методата е задржување на непроменловост во поголемиот дел од интегритетот на епителот и Бовмановата мембрана. Во контекст на овие сознанија, испитувањето на дебелината на липидниот слој на солзниот филм преку неинвазивната метода на интерферометрија, помеѓу другото, ќе придонесе за евалуација на симптомите на суво око и детекција на структурата на Meibomian жлезди.

3. **Zechevikj S**, Dimovska V. 2021, Evaluation of the tear film and cornea stability in patients with different myopia degrees after small incision lenticel extraction. Macedonian Journal of ophthalmology BR.2, Vol 8, 2021, p 24-33.

Студијата имаше за цел да ги евалуира промените на дебелината на липидниот слој, стабилноста на солзниот филм, закривеноста и централната дебелина на рожницата кај пациенти со различен степен на миопија по фемтосекундна лентикуларна екстракција со мала инцизија (SMILE). Студијата покажа дека SMILE рефрактивната процедура ги задоволува сите мерки на безбедност, ефикасност, предвидливост и стабилност за корекција на миопијата и миопичниот астигматизам во текот на целиот период на следење. Анализата помеѓу групите покажа сигнификантна разлика во дебелината на рожницата и кератометриските вредности (групата со ниска миопија покажа помали промени од групата со висока миопија). Не постоеше статистички сигнификантна промена во липидниот слој на солзниот филм и во прекин на солзниот филм помеѓу трите групи со миопија.

4. Al Sabti K, **Zechevikj S,** Raizada S. 2022, Evaluation of lipid layer tear film changes after femtosecond small incision Lenticule extraction. Therapeutic Advances in Ophthalmology. 2022 October 10; 14:25158414221129534. DOI:10.117/25158414221129534. PMID: 36246953; PMCID: PMC9554113.

Авторката во трудот ја претставува евалуацијата на дебелината на липидниот слој по направена рефрактивна хирургија SMILE, кај пациенти со миопија и миопичен астигматизам. Синдромот на суво око како една од најчестите компликации по рефрактивната хирургија се должи во голема мерка на стабилноста на липидниот слој на солзниот филм кој ја спречува евапорацијата на солзите. Испитувањето на дебелината на липидниот слој со неинвазивна метода на интерферометрија, игра кандидатката констатира дека операцијата SMILE како релативно нов хируршки метод ветува одржување на подобар структурален интегритет на рожницата и поретка појава на суво око. Со оглед на фактот дека дебелината на липидниот слој има клучна улога во одржување на стабилноста

на солзниот филм, оваа студија покажува дека рефрактивната процедура SMILE не влијае на дебелината на липидниот слој по периодот на следење, како и дека интерферометријата претставува брз и сигурен метод во проценка на дебелината на липидниот слој.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Д-р Снежана Зечевиќ, доктор на медицински науки – клиничка медицина, е пријавен кандидат на Конкурсот за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Од степенот на образованието, работното искуство, како и научноистражувачката работа, евидентна е способноста на д-р Снежана Зечевиќ да пристапува кон самостојни истражувања, да анализира и сублимира резултати. Преку ангажманите и сериозниот пристап кон работата, покажува еволутивен развој и стремеж кон подобрување на сопствените вештини, како и подготвеност да прифати работни задачи, предизвици и обврски.

Врз основа на приложениот материјал, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип да ја избере д-р Снежана Зечевиќ во звање насловен доцент за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Страхил Газепов, вонреден професор, претседател, с.р.

Д-р Билјана Костовска, насловен доцент, член, с.р.

Д-р Беким Татеши, насловен доцент, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**Д-р Снежана Зечевиќ**

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | поени | број | поени | Вкупно |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) ( 15/10/5)<br>Труд под реден број 4 - втор автор | 1 x 10 = 10 | | | | 10 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br>Труд под реден број 1, 2 и 3 - прв автор | 3 x 9 = 27 | | | | 27 |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | 8 |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | 6 | | | | 6 |
| 12 | Одбранет магистерски труд | 4 | | | | 4 |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | 8 |
| | Вкупно | | | | | 63 |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Книга / учебник | 10 | | | | 10 |
| 13 | Учесник во научен проект | | | 2 x 8 | | 16 |
| 26 | Раководител на катедра/оддел/центар | 3 | | | | 3 |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | 2 x 2 | | | | 4 |
| | Вкупно | | | | | 33 |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | 96 бод | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА, НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2007-127/3 од 8.5.2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицисנки науки, одржана на 8.5.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научна област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **академик д-р Нада Поп-Јорданова**, редовен професор во пензија за наставно-научната област педијатрија - претседател;
- **д-р Катерина Ставриќ**, редовен професор за наставно-научната област педијатрија, вработена на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – член;
- **д-р Ивица Смоковски**, вонреден професор за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот, вработен на Универзитетската клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања во Скопје и Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип– член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 13.4.2023 година и во предвидениот рок се пријави: насловен доцент Анета Демерџиева, доктор на медицински науки од научна област педијатрија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Анета Ѓорги Демерџиева е родена на 19.2.1967 година во Скопје, каде што се стекнала со основно и гимназиско образование. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломира во 1991 година со просечна оценка 9,67. На Клиниката за детски болести Скопје се вработува во октомври 1995 година. На 22.12.2000 година завршува специјализација по педијатрија на Клиниката за детски болести при Медицинскиот факултет во Скопје. По завршување на специјализацијата распределена била и работела на Одделот за доенче и метаболизам, Одделот за психофизиологија и Одделот за цистична фиброза. Од 15.1.2015 година го сменила работното место и е вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ на Одделот за педијатрија.

***Стручна активност***

Во областа на педијатријата и посебно психофизиологијата се едуцирала преку повеќекратни стручни престои во земјава и во странство – септември 2001 година – тренинг курс за ЕЕГ биофидбек во Прага, Чешка Република; од септември до декември 2006 година – курс по детска и адолесцентна психотерапија во Ѓаковица Косово, под раководство на тим на професионалци од Универзитетската болница во Хамбург – Епендорф; во јануари 2007 година интензивен семинар (40 часа) во Универзитетската болница во Хамбург – Р.Германија.

Во 2007 година во рамките на COST B 27 – Neuronal Oscillations and Cognition - Проектот д-р Демерџиева остварила STSM (Short Term Scientific Mission) - едномесечен престој во Gottingen, Р.Германија насловен како – Neurophysiologic assessment of children with tic disorders, ADHD (hyperkinetic disorders) and stuttering.

Во 2009 година учествува на семинарот во Салзбург организиран од CHOP – Children Hospital of Philadelphia – насловен како – "Behavioral Pediatrics and Child Development".

Била раководител на внатрешна организациска единица – шеф на Отсек од 2009 година – Отсек за биофидбек – на Одделот за психофизиологија. Учествувала во повеќе комисии и тела на државни органи од кои за одбележување е членството во работната група за ажурирање и имплементација на МЗД упатства и членството во комисијата за оценка на здравствената состојба на доенчињата во Битола при Министерството за труд и социјална политика на предлог на Министерството за здравство.

Во јули 2016 година во рамките на групацијата на болници Аџибадем била испратена на едукација за скрининг на слух кај новородени и мали деца и последните седум години активно работи во оваа област. Воедно е член на тимот лекари во болницата кои се вклучени во работата на развојното советувалиште на сите деца со развојни проблеми.

***Наставна дејност***

Во 2003 година кандидатката е избрана за асистент по предметот Педијатрија и во периодот до 2011 година активно водела практична настава за студентите по медицина, стоматологија и фармација, а потоа била и активно вклучена во доедукацијата на специјализантите по семејна медицина и како едукатор на специјализантите по педијатрија. Во октомври 2018 година избрана е во наставно звање – насловен доцент од областа педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во изминатите 5 години вклучена била во теоретска и практична настава на студенти и била ангажирана како ментор на 5 специјализанти од областа педијатрија.

***Научна дејност***

Магистерските студии ги завршила декември 2002 година со одбрана на магистерскиот труд „Биофидбек – принципи и апликација во педијатријата" на Медицинскиот факултет во Скопје а докторатот го одбранила во јуни 2012 година со наслов „Компаративна анализа на електричната мозочна активност кај деца со анорексија, анксиозност и хиперактивност", исто така на Медицинскиот факултет во Скопје.

Член е на Здружението на педијатри на РМ, Македонското здружение за психофизиологија, Интернационалната лига за борба против епилепсија и член на SAN (Society of Applied Neuroscience).

Активно учествувала во 2 домашни проекти: „Етиолошка дијагноза на долнореспираторните инфекции кај децата со посебен осврт на BRANCHAMELLA CATHARALIS и нејзините особини“ и „Нови концепти и методи на педијатриската психофизиологија “– проекти на Министерството за наука на РМ како и во четири меѓународни проекти:

- Neuronal Oscillations and Cognition-COST B 27;
- Neuronal Regeneration and Plasticity - NEREPLAS - COST Action B30;
- COST Action BM 0601: Advanced Methods for The Estimation of Human Brain Activity and Connectivity и
- Tubitak – Neuronal electricity and Neurofeedback 2009-2011.

Како автор/коавтор на стручно-научни трудови има свои презентации на конгреси и симпозиуми од меѓународен и републички карактер. Автор или коавтор е на 62 труда, од кои не се рецензирани последните 5.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен вонреден професор***

Научните трудови со кои насловен доцент д-р Анета Демерџиева ги исполнува законските критериуми за избор во звање насловен вонреден професор се:

Список на трудови за реценензија :

1. **A.Demerdzieva,** N.Pop-Jordanova. Brain rate parameter in children with General Anxiety Disorder. Contributions (Prilozi). Sec of Med.Sci., XL 1, 2019: 41-50.
2. **A.Demerdzieva,** N.Pop-Jordanova. History information's are indispensable in developmental assessment of children. CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XLI 1, 2020: 33-45.
3. **A Demerdzieva**, O Lekovska, N Angelkova, S Jordanova-Cacanovska and N Pop-Jordanova. Need for Developmental Assessment. Acta Scientific Paediatrics 4.6 (2021): 68-87.
4. Pop-Jordanova N., **Demerdzieva A**. How alchohol damages brain development in children. CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XLIII 3, 2022: 29-42.
5. **Demerdzieva A**, Pop-Jordanova N. An overview of pediatric approaches to child with developmental delay especially if there is suspicion of ASD in first few years of life. CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XLIII 3, 2022: 43-53.

| | *Автор* | *Наслов на трудот* | *Списание* | *Година и линк на излегување на трудот и импакт фактор* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | **A Demerdzieva**, O Lekovska, N Angelkova, S Jordanova-Cacanovska and N Pop-Jordanova. | Need for Developmental Assessment. | Acta Scientific Paediatrics | June 2021. Volume 4 Issue 6: 68-87. ***IF=1,197*** **https://eprints.ugd.edu.mk/31730/** |
| *2.* | **A.Demerdzieva,** N.Pop-Jordanova.. | Brain rate parameter in children with General Anxiety Disorder. | CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci. | XL 1, 2019: 41-50. ***Списание на МАНУ – Pubmed*** **https://eprints.ugd.edu.mk/31717/** |
| *3.* | **A.Demerdzieva,** N.Pop-Jordanova. | History information's are indispensable in developmental assessment of children. | CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci. | XLI 1, 2020: 33-45. ***Списание на МАНУ – Pubmed*** **https://eprints.ugd.edu.mk/31731/** |
| *4.* | Pop-Jordanova N., **Demerdzieva A**. | How alchohol damages brain development in children. | CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci. | XLIII 3, 2022: 29-42. ***Списание на МАНУ – Pubmed*** **https://eprints.ugd.edu.mk/31732/** |
| *5.* | **Demerdzieva A**, Pop-Jordanova N. | An overview of pediatric approaches to child with developmental delay especially if there is suspicion of ASD in first few years of life. | CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci. | XLIII 3, 2022: 43-53. ***Списание на МАНУ – Pubmed*** **https://eprints.ugd.edu.mk/31729/** |

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на д-р Анета Демерџиева (публикувани во последните 5 години).**

1. **A. Demerdzieva**, O Lekovska, N Angelkova, S Jordanova-Cacanovska and N Pop-Jordanova. Need for Developmental Assessment. Acta Scientific Paediatrics 4.6 (2021): 68-87.

Трудот ја потенцира потребата од сеопфатен преглед на детето што го вклучува не само неговото физичко здравје, туку во исто време и неговиот ментален и социјален развој. Целта е всушност рано откривање на развојно доцнење што е не само одговорност туку во исто време и обрвска на секој педијатар. Целта на овој труд е да се направи анализа на развојното следење базирано на информациите

добиени од родителите и да се утврди процентот на деца кои бараат понатамошна евалуација со цел да се отпочне рана интервенција. Групата автори на трудот го опишуваат пристапот во развојното следење што се состои од првично многу внимателно земање на педијатриска анамнеза, а потоа внимателен преглед на соматскиот статус со цел да се исклучи одредена органска дисфункација. Во овој дел посебен акцент авторите ставаат на невролошката проценка имајки го предвид фактот на честата асоцијација на развојното доцнење со епилептичките синдроми и структурни анатомски абнормалности – посебно фронтална атрофија. Во трудот е опфатено развојно следење на 465 деца на возраст од 12-60 месеци испратени во центарот за развојно следење во Клиничката болница „Аџибадем Систина" во период од 4 години – од јануари 2016 до декември 2019 година. Проценката е направена со користење на чек-листите за развојно следење препорачани од Центарот за контрола и превенција на болестите во САД. Во трудот резултатите се дадени за секоја возрасна група поединечно. Заклучокот е дека првите 5 години од животот на детето се круцијални за неговиот мозочен развој и академски постигања. Всушност правилната развојна проценка може засекогаш да ја промени траекторијата на животот на детето.

2. **A. Demerdzieva,** N.Pop-Jordanova. Brain rate parameter in children with General Anxiety Disorder. Contributions (Prilozi).Sec of Med.Sci., XL 1, 2019: 41-50.

Во овој труд авторите даваат осврт на Brain rate - параметар што всушност е индикатор на општата мозочна возбуденост и корелира со метаболната и електричната активност на мозокот. Целта на истражувањето е да се пресмета овој параметар кај анксиозни пациенти и резултатите да се споредат со оние кај здрави индивидуи и кај деца со анорексија и дефицит на вниманието. Авторите дијагнозата кај сите испитаници ја поставиле врз основа на два статистички прирачници (DMS-IV и ICD-10), медицинската историја, невропсихолошката процена, биохемиските анализи и QEEG. Добиените резултати биле експортирани во софтвер за brain rate и пресметани за секој регион посебно. Резултатите покажале дека во однос на сагиталната и латералната топографија, максимални вредности на параметарот brain rate се добиени кај групите здрави испитаници и кај оние со анорексија. Најниски резултати се добиени кај хиперактивните деца во сите три региони. Според ова авторите заклучиле дека сите анализирани патолошки состојби во детството, особено анксиозноста, може да се дефинираат како состојби на смалена ментална возбуденост, што може да биде специфичен знак за мозочна дисфункција.

3. **A. Demerdzieva,** N.Pop-Jordanova. History information's are indispensable in developmental assessment of children. CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XLI 1, 2020: 33-45.

Во овој труд авторите повторно ја потенцираат улогата на педијатарот во развојната проценка на децата на возраст од 12 до 60 месеци. Анализирани се 465 деца во период од четири години (2016 - 2019) упатени во Клиничката болница „Аџибадем Систина" под сомение за отстапување од нормалниот рзвој. Во алгоритамот на обработката на пациентите иницијално биле земани точни анамнестички податоци – посебно за пренаталниот, перинаталниот и постнаталниот период. Добиените резултати покажале дека 16,13 % од анализираните пациенти имале сериозна болест во семејната историја и идентичен процент деца имале

перинатални проблеми што биле причина за третман на ЕИНТ (единица за интензивна нега и терапија). Во поглед на исхраната само половина од децата биле на мајчино млеко. Само 7,53 % од децата не биле вакцинирани. Од аспект на психомоторниот развој само 11,83 % од децата не оделе во моментот на првичната процена, а 65,81 % немале говор. За авторите поразителни биле информациите за контрола на сфинктерите – 75,27 % од децата во моментот на првичната проценка сеуште биле со пелени односно немале воспоставено контрола на сфинктерите. Алергиските манифестации биле ретки и нотирани само кај 8,60 %, а сериозна болест во минатото – имале 19,35 % од анализираните пациенти. Заклучокот на авторите е дека добрата анамнеза е неопходна во процесот на развојна процена, посебно кога ќе се идентификуваат одредени причинители како ризик-фактор за развојно доцнење. Добиените информации се насоки за продлабочени иследувања, кои би ја потврдиле причинско-последичната врска.

4. Pop-Jordanova N., **Demerdzieva A**. How alchohol damages brain development in children. CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XLIII 3, 2022: 29-42.

Во овој труд авторите се осврнуваат на фактот дека и покрај општо прифатеното тврдење дека алкохолот има тешки здравствени последици, насекаде низ светот луѓето пијат за да се социјализираат, да прославуваат или да се релаксираат. Најчувствителни периоди од аспект на динамичните мозочни промени се гестацијата (од зачнување до раѓање), доцната адолесценција (15–19 години) и постарата возрасна група (над 65 години). Трудот примарно се осврнува на негативните последици на алкохолот кај деца што биле изложени на оваа хемикалија пред раѓањето, ентитет познат како фетален алкохолен синдром (ФАС). Станува збор за ревијален труд кој е базиран на публикувани статии во ПубМед објавени во последните две децении и содржи анализа на над 150 трудови. Авторите потенцираат дека употребата на алкохол за време на бременоста може да предизвика спонтани абортуси, мртвородени деца и цела палета долгорочни физички, бихевиорални и интелектуални попречености. Ефектите на етанолот се изразени врз група молекули што се вклучени во невроинфламацијата, миелинизацијата, невротрансмисијата и невралната функција. Авторите прават осврт на модерните невроимицинг-техники што овозможуваат спецификација на фини структурни промени во оштетениот мозок: редукција на волуменот на фронталниот лобус, вклучително на средниот фронтален гирус во префронталната кора, промени во хипокампусната структура, интерхемисфериска поврзаност, абнормалности во глија-клетките, дефицит во белата маса итн. Како резултат од дефицитарната интерхемисферична поврзаност, засегната е миелинизацијата на корпус калозум, состојба што може да предизвика аутизам, мозочен удар, шизофренија, деменција, како и растројство на когнитивните вештини и невробихевиорални дефицитарности. Во трудот посебно е нагласено дека многу симптоми и невроимицинг карактеристики се слични кај АДХД и ФАС, така што е неопходна прецизна анамнеза за пренатална експозиција на алкохол и никотин за да се направи реална интерпретација на клиничките симптоми.

5. **Demerdzieva A**, Pop-Jordanova N. An overview of pediatric approaches to child with developmental delay especially if there is suspicion of ASD in first few years of life. CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XLIII 3, 2022: 43-53.

Авторите во овој труд даваат осврт на улогата на педијатарот не само во справувањето со многу сериозни проблеми кај децата туку и во помош на семејството во прифаќање на проблемот. За некои патолошки состојби симптомите кај децата можат да бидат дискретни и затоа одговорноста на педијатарот е огромна во разликувањето на нормалното од патолошкото. Авторите потенцираат дека се соочуваме со нов период во развојната процена кај децата. Можеби најголемиот проблем е што родителите не го препознаваат вистинскиот проблем навреме. Од аспект на невроразвојно каснење најголемата грижа на родителите најчесто е поврзана со говорот. Затоа е многу важно да се добијат објективни анамнестички податоци и да се направи внимателен физикален преглед, невропсихолошка процена, метаболен и генетски скрининг. Етиологијата најчесто е мултифакторска: генетски, епигенетски и негенетски фактори дејствуваат во комбинација и на различни начини. Многу деца изгледа дека имаат типичен невроразвој во првата година. Најдено е дека една третина од децата со растројството од групата на аутистичен спектар ги губат своите вештини во претшколскиот период, особено оние поврзани со говорот, но понекогаш и со невербалната комуникација, социјалните вештини и играта. Како заклучок, авторите потенцираат дека е многу важно да се препознаат рано знаците за растројството од групата на аутистичен спектар и на другите развојни растројства за да се започне со рана интервенција. Клиничкиот педијатар има за цел да направи корелација меѓу клиничките манифестации и биолошките основи поврзани со невроразвојните растројства, особено кај растројството од групата на аутистичен спектар. Причината за тоа е подобар приод кон можностите за третман.

Насловен доцент д-р Анета Демерџиева е еден од авторите на **Медицинскиот речник** – второ дополнето и изменето издание на 1088 страни, објавено од Издавачката куќа СОФИЈА од Богданци (ISBN 978-4756-75-0) - дело кое е изработено со цел помош во секојдневната работа на секој студент по медицина и лекар но и насекој академски граѓанин кој во некој момент има потреба од објаснување при користењето на стручните термини. Има неколу дела:

- Етимолошки латински-англиски-македонски речник;
- Македонско-англиски речник;
- Англиски-македонски-латински речник;
- Епонимен речник;
- Посебни додатоци – фармацевтски речник; некои биолошки константи на човекот; календар на вакцинации (дел од посебен интерес на авторот), административно-медицински документи, меѓународен систем на мерни единици, римски броеви и латински сентенци.

Насловен доц. д-р Анета Демерџиева е воедно и ментор на 5 лекари запишани на специјализација по предметот Педијатрија.

***Стручно-апликативна дејност***

Д-р Анета Демерџиева била вклучена во наставата по предметот Педијатрија за студенти по медицина и стоматологија откако е првпат именувана за асистент по педијатрија во 2003 година, до 2011 година, во континуирано времетраење од 8 години.

Учествувала во неколку меѓународни научни проекти во соработка со МАНУ (Македонската академија на науки и уметности). Посебно треба да се истакне учеството заедно со комплетниот македонски тим во Проектот - Neuronal Oscillations and Cognition-COST B27- каде за прв пат носител на проект на ЕУ е земја која не е член на Европската Унија (голема чест за македонската наука) и учеството на Neuronal Regeneration and Plasticity – NEREPLAS – COST Action B30 – као член на Menagement Committee.

Д-р Анета Демерџиева е искусен професионалец во својата област со 23 години специјалистички стаж. Оттука таа е и член на повеќе професионални организации како: Македонско лекарско друштво, Здружението на педијатри на РМ, Македонското здружение за психофизиологија, Интернационалната лига за борба против Епилепсија, МНЗА (македонско научно здружение за аутизам) и член на SAN (Society of Applied Neuroscience).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија детално ги разгледа доставените документи и докази за севкупните активности на кандидатката насловен доцент д-р Анета Демерџиева. Согласно со претходно наведените податоци во рефератот, Комисијата е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа, д-р Анета Демерџиева има придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организационо-развојната дејност, со посебен акцент во областа на педијатријата. Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универитетот „Гоце Делчев" во Штип, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог кандидатката насловен доцент д-р Анета Демерџиева да биде избрана во звање – насловен вонреден професор за наставно-научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Академик Нада Поп-Јорданова, редовен професор во пензија,

претседател, с.р.

Д-р Катарина Ставриќ, редовен професор, член, с.р.

Д-р Ивица Смоковски, вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | / | / | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| 3 | Избор во звање асистент-докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| 4. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **75** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО - УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор) | | | 1 | 15 | 15 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) | | | 3 | | 27 |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автори) | | | 1 | 6 | 6 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| 5 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 1 | 2 | | | 2 |
| 6 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 7 | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| 8 | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 3 | Речник - Медицински речник на 1088 страници, објавен во 2022 год. | 10 | |
| | **ВКУПНО** | | **10** |
| | **Вкупно** | | **155 бода** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-142/4 донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медициснки науки, одржана на 26.5.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научна област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Анета Демерџиева**, насловен доцент за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – претседател;
- **д-р Снежана Палчевска-Коцевска**, насловен доцент за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје - член;
- **д-р Марија Димитровска-Иванова**, насловен доцент за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,вработена во Клиничка болница Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и Коха на 16.5.2023 година и во предвидениот рок се пријави:

д-р Билјана Чонеска-Јованова, доктор на медицински науки од научна област педијатрија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медициснки науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката Билјана Чонеска-Јованова е родена на 2.4.1965 година во Скопје. Средно образование завршува во 1983 година во Скопје како првенец на генерацијата, со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 30.5.1989 година со просечен успех 9,19 и се стекнува со стручниот назив доктор на медицина.

Од 1991 до 1995 г. работела како волонтер на Клиниката за детски болести Скопје, а од 1995 до 2018 г. била во редовен работен однос на Клиниката за детски болести. Од 2018 г. до денес е вработена во Клиничка Болница „Аџибадем Систина“ – Скопје.

Специјализацијата по педијатрија ја започнува во 1996 година и истата ја завршува во 2000 година.

На докторските студии од областа на клиничка медицина на Медицинскиот факултет во Скопје при УКИМ се запишува во учебната 2011/2012 година и истите ги завршува на 7.7.2016 година со просечен успех 9,6. Дисертацијата на тема „Влијанието на полиморфизмите на гените вклучени во фолатниот метаболизам врз токсичните ефекти од високите дози на метотрексат кај деца со акутна лимфобластна леукемија" ја одбранила на 7.7.2016 година, пред Комисијата во состав: проф. д-р Софијанка Гламочанин, проф. д-р Соња Алабаковска, проф. д-р Ката Мартинова, проф. д-р Сашо Панов и проф. д-р Лилјана Колева-Гудева. Со тоа се стекнува со научниот степен доктор на медицински науки од научната област педијатрија.

За помлад асистент на Катедрата по педијатрија при Медицински факултет Скопје, УКИМ, е избрана во 2008 година, за редовен асистент е избрана 2011 година, за асистент-докторанд е избрана во 2015 година, а за доцент е избрана во 2017 година.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех - додипломски студии 9,19;
- Научен степен - доктор на медицински науки. Докторска дисертација со наслов: „Влијанието на полиморфизмите на гените вклучени во фолатниот метаболизам врз токсичните ефекти од високите дози на метотрексат кај деца со акутна лимфобластна леукемија";
- Сертификат за владеење со англискиот јазик;
- Две препораки од професори – од проф. д-р Елизабета Зисовска, педијатар неонатолог, редовен професор на Катедрата по педијатрија на Факултет за медицински науки Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и проф. д-р Софијанка Гламочанин, педијатар-хематоонколог, редовен профеор во пензија на Катедрата по педијатрија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје;
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години.

**Посебни услови:**

Д-р Билјана Чонеска-Јованова активно била вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за хематологија и онкологија на ЈЗУ Универзитетска Клиника за детски болести Скопје и до 2018 година, била раководител на отсекот за солидни тумори. На Клиниката за детски болести за првпат ја вовела ензимската супституциона терапија кај пациентите со болеста на Гоше.

Од 2018 година до денес е вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина", каде што активно е вклучена во работата на педијатрискиот оддел, ургентната и педијатриската амбуланта.

Стручно усовршување во странство остварила во 2002 година, во Салзбург, семинар за педијатриска хематологија и онкологија, во 2003 година во Варшава, Европски курс за палијативна грижа кај деца, во 2004 година, во Анталија, курс за трансфузионен третман на таласемии и други хронични анемии, во 2006 г. во Варшава, обука за дијагноза, третман и мониторирање на болеста на Гоше, во 2014 во Салзбург семинар за педијатриска хематологија и онкологија и во 2015 година во Лондон, Imperial College NHS, Profesional education and opservational visit to Imperial College Heathcare NHS Trust Pediatric Department - St Mary's Hospital.

Кандидатката учествувала како субинвестигатор во две клинички студии: Клиничка студија NN7008-3545 за примена на рекомбинантен фактор 8 кај деца со хемофилија на возраст од 6 до 12 години и клиничка студија NN7008-3568 за истражување на сигурноста и ефикасноста на N8 за превенција и третман на крваречки епизоди по потреба кај пациенти со хемофилија А, под проект: ефикасноста и сигурноста на N8 во превенција и третман на крварења за време на хируршки процедури кај пациенти со хемофилија.

Активно била вклучена во работата на стручни комисии:

- Комисија за малигни болести при ЈЗУ Клиника за детски болести - Скопје;
- Комисија за телемедицина - консултант на Детското одделение при Клиничката болница Тетово;
- Национална комисија за ретки болести, при што учествувала во формирање на регистерот за ретки болести и дефинирање на потребните лекови за терапија на лицата од регистерот во Република Македонија.

Учествувала во преводот на три публикации:

- Упатства за клинички третман на таласемија, второ обновено издание. Меѓународна федерација за таласемија, ноември 2008 г., публикацијата е печатена во 2016 година.
- Водичи за третман на хемофилија, Светска федерација за хемофилија, публикацијата е печатена во 2009 година.
- Хемофилија во слики, Светска федерација за хемофилија, публикацијата е печатена во 2009 година.

Кандидатката била акредитиран испитувач во три мандати за спроведување на стручен испит на здравствени работници со високо образование, за добивање на лиценца за работа.

Добитник е на благодарница, диплома и плакета за активно учество и извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво.

Учествувала во формирање на регистерот за ретки болести и дефинирање на потребни лекови за терапија на лицата од регистерот во Република Македонија.

Д-р Билјана Чонеска-Јованова била секретар на Здружението за хематологија на Македонија и во два мандати член на Управниот одбор на Здружението.

Член е на SIOP (Интернационално здружение за детска онкологија), SIOPE (Европско здружение за детска онкологија), EHA (Европска хематолошка асоцијација), TIF – Интернационално здружение за таласемија, Здружението на педијатри на Македонија и Здружението на хематолози на Македонија.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

1. Nevenka Ridova, Sanja Trajkova, **Biljana Chonevska**, Zlate Stojanoski, Martin Ivanovski, Marija Popova-Labachevska, Simona Stojanovska-Jakimovska, Venko Filipche, Aspazija Sofijanova, Irina Panovska-Stavridis **Gaucher disease in North Macedonia: Unexpected prevalence of the N370S GBA1 allele with attenuated disease expression** Molecular Genetics and Metabolism Reports Volume 32, September 2022, 100895

Во трудот е прикажана корелацијата на генотипот со фенотипот кај пациенти со болеста на Гоше во Северна Македонија. Опфатени се 14 пациенти со болеста на Гоше тип I, кај кои е направена генотипизација, при што се верифицирани 6 различни генотипови. Најчесто е детектирана N370S мутацијата. Детектирани се две ретки мутации W92+ и D399N. Кај сите пациенти била присутна спленомегалија, додека хепатомегалија била присутна само кај 50% од пациентите. Најголем дел од пациентите имале тромбоцитопенија, а само половина од пациентите имале анемија. Заклучено е дека пациентите со N370S мутацијата имале релативно благи симптоми, без зафаќање на централниот нервен систем и полесна клиничка слика.

2. Gordana Ilieva, Mirjana Kocova, **Biljana Conevska** and Elena Sukarova Angelovska **Implementation of Novel Mode for Evaluation of MYCN Amplification that can Predict Outcome in Patients with Neuroblastoma** Clinical Oncology & Research doi:10.31487/j.COR.2020.11.04 Volume 3(11): 6-6, impact factor (2020):1,86

Целта на трудот е да се прикаже значењето на флуоресцентната ин ситу хибридизација (FISH) во детекција на MYCN амплификацијата кај пациенти со неуробластом. Присуството на MYCN амплификацијата во туморското ткиво или коскената срцевина кај овие пациенти води кон поагресивен тек на болеста. Во трудот опфатени се пет пациенти со дијагностициран неуробластом кај кои со помош на FISH е одредено присуството на MYCN на ткиво од туморот или коскена срцевина. Кај двајца од пациентите е детектирана голема количина на амплификација на MYCN и тие имале лош исход. Кај останатите три пациенти е детектирана мала количина на амплификација или не е воопшто детектирана. Заклучено е дека FISH методата за детекција на MYCN амплификација е корисна, брза и сензитивна метода за детекција на MYCN амплификација кај пациенти со неуробластом и може да помогне во планирање на терапијата кај овие пациенти.

3. Jovanovska A, Martinova K, Kocheva S, TrajkovaAntevska Z, **Coneska-Jovanova B**, Panovska-Stavridis I, Stankovikj S, Trajkova S, Dimovskia A. **Clinical significance of minimal residual disease at the end of remission induction therapy in childhood acute lymphoblastic leukemia**. Open Access Maced J Med Sci. 2019 Sep 14;7(17):2818-2823

Целта на трудот е да се детерминира сигнификантноста на одредување на минимална резидуална болест (МРД) на крајот на индукцијата (33-ти ден од терапијата) кај пациенти со акутна лимфобластна леукемија (АЛЛ) како прогностички фактор за исходот од третманот на АЛЛ. Во трудот се опфатени 44 пациенти со АЛЛ во период од 7 години на возраст од 1-14 години. Сите пациенти биле третирани по протоколот ALL IC BFM 2002. МРД била одредувана флоуцитометриски на шестколорен флоуцитометар. Пациентите со негативен МРД статус на 33. ден имале одлично петгодишно преживување (94,6%) во споредба со пациентите кои имале позитивен МРД статус (76,1%). Заклучено е дека одредување на МРД на крајот од индукцијата има клиничко значење во предикција на исходот од лекување на АЛЛ.

4. Jovanovska A., Martinova K., Trajkova-Antevska Z., **Coneska B.**, Kocheva S. **Clinical features and treatment outcome of relapsed acute lymphoblastic leukemia in childhood.** Physioacta 2017; 11(2):55-62 ISSN 1857-5587

Целта на трудот е да се прикажат клиничките карактеристики на релапсот на акутна лимфобластна леукемија (АЛЛ) во детската возраст и исходот од третманот на овие пациенти. Во студијата опфатени се 16 пациенти кај кои е дијагностициран релапс на АЛЛ во периодот од 2003 до 2016 година. Кај најголем дел од нив (12 пациенти) е дијагностицирана прекурсорна Б клеточна АЛЛ. Според локализацијата на релапсот доминантен бил медуларниот релапс, кај 83% од пациентите. Повеќето пациенти развиле многу ран релапс на болеста (7 пациенти) и кај ниту едно дете од нив не е забележано долгорочно преживување. Пациентите со доцен релапс постигнале комплетна ремисија и имале подобра стапка на преживување. Кај три деца била изведена алогена хематопоетска транслантација на коскена срцевина. Заклучено е дека е потребно подобрување на индукциските тераписки режими за релапс на АЛЛ и изведување на алогена трансплантација на коскена срцевина кај сите пациенти кои ќе влезат во втора комплетна ремисија.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во својата досегашна професионална кариера д-р Билјана Чонеска-Јованова активно била вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за хематологија и онкологија на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје и до 2018 година, била раководител на отсекот за солидни тумори. На Клиниката за детски болести за прв пат ја вовела ензимската супституциона терапија кај пациентите со болеста на Гоше.

Кандидатката учествувала како субинвестигатор во две клинички студии: Клиничка студија NN7008-3545 за примена на рекомбинантен фактор 8 кај деца со хемофилија на возраст од 6 до 12 години и клиничка студија NN7008-3568 за истражување на сигурноста и ефикасноста на N8 за превенција и третман на крвавечки епизоди по потреба кај пациенти со хемофилија А, под проект: ефикасноста и сигурноста на N8 во превенција и третман на крварења за време на хируршки процедури кај пациенти со хемофилија. Активно била вклучена во работата на веќе споменатаите стручни комисии како и во преводот на три стручни публикации - Упатства за клинички третман на таласемија (печатен 2016 година), Водичи за третман на хемофилија и хемофилија во слики (печатени 2009 година).

Д-р Билјана Чонеска-Јованова била секретар на Здружението за хематологија на Македонија и во два мандати член на Управниот одбор на здружението. Активен член е на SIOP (Интернационално здружение за детска онкологија), SIOPE (Европско здружение за детска онкологија), EHA (Европска хематолошка асоцијација), TIF – Интернационално здружение за таласемија, Здружението на педијатри на Македонија и Здружението на хематолози на Македонија.

Во моментов д-р Билјана Чоневска-Јованова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Одделот за педијатрија во Клиничка болница – „Аџибадем Систина“ - Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена. По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Билјана Чонеска-Јованова во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен доцент.

Од целокупната активност на д-р Билјана Чонеска-Јованова може да се заклучи дека кандидатката остварува значителен напредок во научноистражувачката дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во списанија со импакт фактор, како и повеќето публикации во меѓународни списанија, бројните презентации на научни и стручни собири во земјава и во странство. Истовремено, кандидатката остварува континуиран прогрес и во наставно-образовната дејност и стручно-апликативната дејност. **Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р Билјана Чонеска-Јованова во звањето насловен доцент за наставно-научната област педијатрија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Анета Демерџиева, насловен доцент, претседател, с.р.

Д-р Снежана Палчевска-Коцевска, член, с.р.

Д-р Марија Димитровска-Иванова, насловен доцент, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | / | / | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| 3 | Избор во звање асистент-докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| 4. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **75** |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | 0Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор –бр. 3, 4) | 2 | 5 | 3 | 5 | 25 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр. 7, 8, 9, 10, 11) | 2 | 9 | | | 18 |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори – бр. 5, 6) | | | 3 | 3 | 12 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (бр. 12, 14) | 1 | 2 | | | 2 |
| 5 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (бр. 13, 16) | 3 | 2 | | | 6 |
| 6 | Учество на научен собир со реферат (постер), концерт во земјата и во странство (бр. 15, 17, 18, 19) | 50 | 1 | 65 | 97.5 | 147,5 |
| 7 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 8 | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| 9 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| 10 | Учесник во научен проект | 3 | 6 | 2 | 6 | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **254,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАНИКА НА КАРПИТЕ И ТЛОТО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-122/4 од 6.6.2023 година донесена на 51. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 31.5.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ***механика на карпите и тлото*** на Факултетот за природни и технички науки при „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- **д-р Зоран Панов**, редовен професор за наставно-научната област експлоатација на слоевити лежишта и механика на карпите и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **претседател**;
- **д-р Ристо Дамбов**, редовен професор за наставно-научната област експлоатација на неслоевити лежишта и длабинско дупчење на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **член**;
- **д-р Зоран Десподов**, редовен професор за наставно-научната област транспортни и извозни постројки на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 16.5.2023 година и во предвидениот рок се пријави д-р Ристо Поповски, доктор на технички науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Ристо Поповски** е роден на 1 мај 1963 година во Штип. Основно и среддно образование завршува во Штип. Во учебната 1982/1983 година се запишува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, на насоката Рударство, на студиска програма од осум семестри. Дипломира во 1990 година, стекнувајќи се со звање **дипломиран рударски инженер**.

Кандидатот д-р Ристо Поповски во 1996 година се запишува на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет – Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, на Катедрата за површинска експлоатација. По завршувањето на сите испити и обврски, во 2006 година го брани магистерскиот труд и се здобива со звање **магистер на технички науки**.

Во 2008 година пријавува докторска дисертација на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на тема „Модел на стабилност на карпест масив карактеристичен за Источномакедонската зона“ и по завршувањето на изработката, во 2013 година, успешно ја одбранува и се стекнува со научен степен **доктор на технички науки**.

Во ноември 2013 година е избран за доцент на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за наставно-научната област механика на карпи и тлото, а во 2018 година е избран за вонреден професор за истата област.

***Работно искуство***

Од 2018 до 2023 година работи како вонреден професор на Факултетот за природни и технички науки, Институт Рударство, на Катедрата за површинска експлоатација.

Од 2013 до 2018 година работи како доцент на Факултетот за природни и технички науки, Институт Рударство, на Катедрата за површинска експлоатација.

Од 2007 до 2013 година работи како раководител на Оддел за инвестиции, развој и одржување на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Од 1991 година до 2007 година работи како лаборант на Рударско-геолошкиот факултет – Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација** | **Години на излегување на списанието/ публикацијата** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Popovski Risto, Doneva Blagica, Panov Zoran, Karanakova Stefanovska Radmila | *Истражување на плитки подземни води со геоелектрично картирање* | Natural resources and technologies, 12 (12). pp. 25-35. ISSN 185-6966, 2018 | 16 |
| 2. | Panov Zoran, Adjiski Vancho, Zendelska Afrodita, Popovski Risto, Karanakova Stefanovska Radmila | *Осврт кон примена на математичко-моделиски пристапи при геомеханички лабораториски испитувања* | Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 27-38. ISSN 185-6966, 2020 | 16 |
| 3. | Panov Zoran, Adjiski Vancho, Zlatkov Goce, Karanakova Stefanovska Radmila, Popovski Risto | *Нов пристап кон воведување на дигитална гранулометриска анализа на издробен материјал* | Natural resources and technology, XV (1). pp. 6-14. ISSN 1857-6966, 2021 | 16 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Karanakova Stefanovska Radmila, Panov Zoran, Popovski Risto | *Работни услови при процесот на подземна гасификација на јаглен* | XIII Стручно советување со меѓународно учество Подекс-Повекс 2022, Охрид, Македонија | 13 |
| 5. | Panov Zoran, Pekevski Lazo, Karanakova Stefanovska Radmila, Popovski Risto | *Фрагментација на карпи – моделирање на проценка пред и по минирање* | XIII Стручно советување со меѓународно учество Подекс-Повекс 2022, Охрид, Македонија | 13 |
| 6. | Bikov Dusan, Popovski Risto, Panov Zoran | *A prototype system for monitoring the deformation and stability of different type of critical constructions* | Natural resources and technologies, 16 (1). pp. 4-10. ISSN 1857-6966, 2022 | 16 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во текот на своето работење на Универзитетот „Гоце Делчев“ ги покрива следните предметите, во зимскиот семестар: **Инженерска графика** (изборен предмет) се слуша во трет семестар со фонд на часови (2+1+1), на студиската програма Геологија во Штип, Инженерство за заштита на животна средина во Штип и Кавадарци и како задолжителен предмет во прв семестар на студиската програма Рударство во Штип со фонд на часови 2+2+1, **Механика на почви** (изборен предмет) кој се слуша на студиската програма Рударство во Штип со фонд на часови 2+1+1, **Електричен и електронски отпад** со фонд на часови 2+1+1, се слуша на насоката Инженерство за заштита на животна средина во седми семестар и **ГПС, ГИС и навигации** како изборен предмет со фонд на часови 2+1+1 на насоката Рударство.

Во летниот семестар ги покрива: **Стабилност на косини** како изборен предмет во шести семестар на насока Рударство со фонд на часови 2+1+1, Инженерска графика како задолжителен предмет во втор семестар, со фонд на часови 2+2+1 на студиската програма Дизајн на мебел и ентериер во Штип.

Предметите се содржани во студиските програми на Факултетот на природни и технички науки во наставните центри Штип и Кавадарци. Кандидатот активно е вклучен во работата со студентите (вежби, консултации, изработка/проверка на семинарски трудови и домашни задачи, обработка на податоци за студентите и останати дополнителни активности поврзани како за наставно-научниот процес, така и од аспект на евиденциско-административни задачи).

Ментор е на повеќе дипломски трудови, а како претседател или член учествувал во повеќе комисии за одбрана на магистратури и повеќе дипломски работи.

Учесник е во работни комисии за изготвување на нови студиски програми и нивна акредитација/реакредитација и други комисии.

Автор е на учебник „Механика на почви“ (https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1130&ugd=94b01d1a1e9ad36c2fe16d1b81e30e2f).

Од приложената документација и досегашното работно искуство на факултетот, очигледно е дека кандидатот проф. д-р Ристо Поповски одлично зборува англиски јазик.

Одлично владее со платформите на е-индекс и е-учење, за што има посетувано соодветни обуки. Тој поседува извонредни организациски способности, како и способност за тимска и индивидуална работа.

До денес има учествувано на повеќе научни и стручни собири, како во земјата така и во странство, а тоа се потврдува со големиот број објавени стручни и научни трудови во кои се јавува како автор или коавтор.

***Кандидатот д-р Ристо Поповски, од последниот избор до денес, ги има објавено следниве трудови:***

1. Bikov, Dusan and Popovski, Risto and Panov, Zoran (2022) A prototype system for monitoring the deformation and stability of different type of critical constructions. Natural resources and technologies, 16 (1). pp. 4-10. ISSN 1857-6966
2. Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto (2022) Работни услови при процесот на подземна гасификација на јаглен. Зборник на трудови Технологија на површинска и подземна експлоатација на минерални суровини, XIII. pp. 207-218.
3. Panov, Zoran and Pekevski, Lazo and Karanakova Stefanovska, Radmila and Popovski, Risto (2022) Фрагментација на карпи – моделирање на проценка пред и по минирање. Технологија на подземна и површинска експлоатација на минерални суровини, 13. pp. 129-137.
4. Popovski, Risto and Doneva, Blagica and Dimov, Gorgi and Boev, Ivan and Nacev, Trajce and Karanakova Stefanovska, Radmila (2022) Geomagnetic research of the archaeological site Isar Marvinci, Republic of North Macedonia. Natural resources and technologies, 16 (1). pp. 13-26. ISSN 1857-6966
5. Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2021) Application of photogrammetry for determination of volumetric joint count as a measure for improved rock quality designation (RQD) index. Sustainable Extraction and Processing of Raw Materials Journal (SEPRM), 2 (1). pp. 12-20. ISSN 2738-7100
6. Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Zlatkov, Goce and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2021) Methodology for automated approach in determining the Rock Quality Designation (RQD) index from drill core photographs. Natural Resources and Technologies, 15 (1). pp. 27-36. ISSN 1857-6966
7. Panov, Zoran and Adjiski, Vancho and Zlatkov, Goce and Karanakova Stefanovska, Radmila and Popovski, Risto (2021) Нов пристап кон воведување на дигитална гранулометриска анализа на издробен материјал. Natural resources and technology, XV (1). pp. 6-14. ISSN 1857-6966
8. Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Adjiski, Vancho (2021) Physical and chemical processes under the underground coal gasification. Natural resources and technology, XV (1). pp. 1-6. ISSN 1857-6966

9. Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) Discrete Element Method (DEM) for segregation analysis of granular materials: analysis of stockpile formed by conveyor belt. Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 19-26. ISSN 185-6966

10. Panov, Zoran and Adjiski, Vancho and Zendelska, Afrodita and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) Осврт кон примена на математичко – моделиски пристапи при геомеханички лабораториски испитувања. Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 27-38. ISSN 185-6966

11. Panov, Zoran and Adjiski, Vancho and Zendelska, Afrodita and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) Approach of application of mathematical modelling in geomechanical laboratory tests. Natural resources and technology, 14. pp. 20-27. ISSN 185-6966

12. Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto (2020) The mainstreaming of underground coal gasification in European Union countries. Natural resources and technology. pp. 5-13. ISSN 185-6966

13. Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto (2020) Проценка на одржливост на подземна гасификација на јаглен. Подекс – Повекс '19. ISSN 978-608-65530-5-0

14. Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Murtanovski, Pece and Stoilkov, Aleksandar and Jovanova, Maja (2019) Техноекономска анализа на подготовка и имплементација на подземната гасификација во рудниците за јаглен. Зборник на трудови „Природни ресурси и технологии» на Факултет за природни и технички науки. ISSN 185-6966

15. Karanakova Stefanovska, Radmila and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Dambov, Risto and Murtanovski, Pece (2018) Можност за примена на подземна гасификација на јаглен на наоѓалиштето Живојно. Подекс – Повекс '18. pp. 165-172. ISSN 978-608-65530-4-3

16. Popovski, Risto and Doneva, Blagica and Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila (2018) Истражување на плитки подземни води со геоелектрично картирање. Natural resources and technologies, 12 (12). pp. 25-35. ISSN 185-6966

17. Doneva, Blagica and Delipetrev, Marjan and Dimov, Gorgi and Popovski, Risto (2022) Примена на геофизичките методи во рударството. In: XIII Стручно советување со меѓународно учество Подекс – Повекс '22, 14-16 Oct 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia.

18. Petrevska, Biljana and Popovski, Risto and Cingoski, Vlatko (2021) New innovative tourism product for reanimating rural areas. In: ETIMA 2021, 19-21.10.2021, online via Zoom platform.

19. Adjiski, Vancho and Panov, Zoran and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) Implementation of discrete element method to evaluate the design and material flow in ore pass systems. In: Technologies and Practices in Underground Mining and Mine construction, 5-8 Oct 2020, Devin, Bulgaria.

20. Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila and Popovski, Risto (2019) Approach towards optimising on truck transport during surface exploitation on metals in function of minimising the costs of exploitation. In: Waste Management - GzO'19 Urban Mining, 12-13 April 2019, Ljubljana, Slovenia.

21. Petrevska, Biljana and Popovski, Risto (2019) Schumann resonance: new aspects for tourism development. In: 4th International Scientific Conference "Tourism in the function of development", 31 May -01 June 2019, Vrnjacka Banja, Serbia.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

**Елаборација на трудот под реден број 1**

***Истражување на плитки подземни води со геоелектрично картирање***

Во трудот е прикажано плитко геоелектрично сондирање на терен во Овче Поле во Р. Македонија за одредување на плитките подземни води на дадениот терен. Направени се 11 геоелектрични профили со Шлумбергеров распоред на електродите AB/2 = 30 m, за секоја геоелектрична сонда. Притоа, презентацијата на резултатите на CEO се дадени со 1D дијаграмите кои се изработени во IPI2win, а во Сурфер се направени градиентни хоризонтални карти на различна длабочина.

**Елаборација на трудот под реден број 2**

***Осврт кон примена на математичко-моделиски пристапи при геомеханички лабораториски испитувања***

Во овој труд даден е пристап кон можна примена на математичко-моделски истражувања при геомеханички испитувања. Притоа, направени се конкретни геомеханички лабораториски испитувања на примерок на гранит. Потоа за овие испитувања се направени математичко-моделски истражувања со цел замена моделирање на физичко-механичките истражувања. Притоа, лабораториски материјалот е здробен, класиран и пресметани се волуменската маса во природна и растресита состојба (по дробењето). Исто така, подготвен е 3D модел со реконструкција на слики од реалниот модел. Потоа, од овој 3D модел со примена на DEM (Discrete Element Method), направен е модел од честички (зрна) кои го заменуваат здробениот материјал и на кој се анализирани некои физичко-механички карактеристики. Со компаративна анализа е дефинирана разликата помеѓу реалните лабораториски и моделираните резултати.

**Елаборација на трудот под реден број 3**

***Нов пристап кон воведување на дигитална гранулометриска анализа на издробен материјал***

Во овој труд е направен обид за дефинирање на пристап за воведување на дигитална гранулометриска анализа на издробен материјал со примена на фотограметриски методи и користење на софтвер за препознавања и анализа на парчиња. За потребите на трудот се направени геометриски анализи на издробен материјал во лабораториски услови од чељусна дробилка. Врз база на добиените резултати и примена на софтверски решенија е направена проценка на гранулацијата. Моделираната гранулација даде можност за изведување на одредени заклучоци и предлози за понатомошно користење на овие методи за изведување на гранулометриската анализа, не само во лабораториски услови, туку и in situ, на издробен материјал по минирање, товарање, транспорт, истоварање и др.

**Елаборација на трудот под реден број 4**

***Работни услови при процесот на подземна гасификација на јаглен***

Истражувањата покажале дека условите за работа при процесот на подземна гасификација на јаглени кои имаат најголемо влијание врз стапката на растот на шуплината се температурата, приливот на вода, притисокот и составот гас во подземнита гасификација на јаглен. Овде се презентирани, ефектите од условите за работа и јагленовите својства, поточно, јагленовата реактивност, работниот притисок, загубата на топлина, како и видот на оксидантот којшто се користи.

**Елаборација на трудот под реден број 5**

***Фрагментација на карпи – моделирање на проценка пред и по минирање***

Овој труд има за цел да направи пристап кон дефинирање на методологија за проценка на фрагментација на карпи пред и по минирање. Пред да се изврши минирањето, мерењето на сеизмичките брзини во просторот каде што се планира да се изведе минирањето, дава податоци за структурно-тектонските карактеристики на опфатените карпи, нивната компактност и сл. По минирањето, визуелниот мониторинг преку изработка на модели на одминирани маси со користење на софтвери за проценка на гранулометрискиот состав дава конкретна проценка на фрагментацијата од минирањето. Токму овие две мерења и анализа можат да бидат предмет за истражувања поврзани со моделирање на фрагментации, односно можност за добивање на оптимална гранулација на одминирани карпи.

**Елаборација на трудот под реден број 6**

***A prototype system for monitoring the deformation and stability of different type of critical constructions***

Во трудот е претставен прототип за следење на деформацијата и стабилноста на различни типови на конструкции. Овој систем може да се примени со цел да се постигне повисоко ниво на управување со ризикот и побезбедни работни услови. Системот може да има голема примена, како на пример систем во реално време за откривање на деформации на рударски конструкции или други видови критични градежни области. Главната компонента на овој систем содржи ласерски модул за мерење на растојание и Развоен Микрокомпјутер Raspberry Pi. Овој систем може да се интегрира како модул во веќе постоечки систем за следење или како независен систем. Овде ќе бидат претставени основните функционалности на оваа платформа и што може да се направи за да се унапреди процесот на следење.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во својата досегашна работа активно учествува како **главен проектант** и **соработник** во апликативни проекти, извештаи, студии од областа на површинската експлоатација.

**Учесник во апликативни проекти**

1. Упростен рударски проект за санација на свлечиште и вклучување на сегашниот ПК „Боров Дол“ во рамките на главниот рударски проект - 2023

2. Упростен рударски проект за експлоатација на лапорец од концесија Усје (зона А1) – цементарница Усје, 2023
3. Детален план за вклучување на сегашниот ПК „Боров Дол“ во рамките на Главниот рударски проект, 2023
4. Извештај за стабилноста на ПК Боров Дол до кота 525, 2023
5. Дополнителен рударски проект за експлоатација на минерална суровина - лапорец на локалитетот Усје – Скопје
6. Месечни извештаи за консултативни услуги од областа на рударството, АД Електрани на Македонија – Скопје (2021 - 2023)
7. Дополнителен рударски проект за површинска експлоатација на бакарна руда од северо-источниот дел од Централно рудно тело во склоп на рудник Бучим – Радовиш, 2021
8. Студија за идеен развој на ПК „УСЈЕ“, Титан Цементарница Усје - АД Скопје, 2020
9. Месечни извештаи за консултативни услуги од областа на рударството, АД Електрани на Македонија – Скопје (2017-2019)
10. Дополнителен рударски проект за санација на свлечиште во северо-западниот дел на рудно тело „БУНАРЦИК“ при рудник „БУЧИМ“- РАДОВИШ, 2019
11. Главен рударски проект за површинска експлоатација на лапорец во ПК „УСЈЕ“, 2018
12. Главен рударски проект за експлоатација на минерална суровина бакарни руди на локалитетот „БОРОВ ДОЛ“, Општина Конче и Општина Штип, 2018
13. Главен рударски проект за експлоатација на лапорец од локалитетот Три Круши, 2018
14. Главен рударски проект за површинска експлоатација на руди на бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село, 2018

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 41 од 15.2.2019 год.), по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот проф. д-р Ристо Поповски има остварено минимум потребни поени коишто се однесуваат на наставно-образовната дејност (НО=40), научноистражувачката дејност (НИ=45) и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност (САОР=15 поени), или вкупен минимум од 100 поени. Кандидатот, проф. д-р Ристо Поповски го надминува вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звањето редовен професор (НО+НИ+САОР=40+45+59) и од целокупната актива остварил 144 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот проф. д-р Ристо Поповски може да се заклучи дека има континуиран развој во наставната и научноистражувачката работа и во сите наведени дејности тој постигнал мошне значајни резултати.

Рецензентската комисија, врз основа на изнесеното, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот вон. проф. д-р Ристо Поповски да го избере за наставник во звање редовен професор за наставно-научната област механика на карпи и тлото.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Зоран Панов, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Ристо Дамбов, редовен професор, член, с.р.

Д-р Зоран Десподов, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | Избор во звање вонреден професор | 40 |
| | **Вкупно** | **40** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Прв автор: 4,<br>Втор автор: 1,<br>Останати автори: 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 14, 16<br>Во странство: 5 | 1x9=9<br>1x6=6<br>9x3=27 | **9**<br>**6**<br>**27** | 1x3=3 | **3** | 45 |
| | **Вкупно** | | | | | **45** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Книга (учебник – Механика на почви) | 1 | 10 | | | 10 |
| **2** | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир<br>Во земјава: 2, 3, 13, 15, 17, 18<br>Во странство: 19, 20, 21 | 6x2=12 | 12 | 3x3=9 | 9 | 21 |
| **3** | Елаборати и експертизи (апликативни проекти) | 14 | 2 | | | 28 |
| | **Вкупно** | | | | | **59** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **144** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Со Одлука бр.1702-122/3 од 6.6.2023 година донесена на 51. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 31.5.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област животна средина на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 16.5.2023 година и во предвидениот рок за наставник во сите звања за наставно-научна област животна средина, во предвидениот рок се пријавила само кандидатката проф. д-р Марија Хаџи-Николова.

Согласно со Одлуката, Комисијата работеше во состав:

– д-р Дејан Мираковски, редовен професор за наставно-научната област вентилација и техничка заштита, вработен на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **претседател**;

– д-р Љубица Тодоровска-Ажиевска, редовен професор во пензија за наставно-научната област механика на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - **член**;

– д-р Златко Петрески, редовен професор за наставно-научните области техничка механика и механика на цврсто тело и бучава и вибрации на Машински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје – **член**.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Марија Хаџи-Николова е родена на 12.2.1972 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех. Во 1990/1991 година се запишува на Интердисциплинарните студии по заштита при работа на Машинскиот факултет во Скопје. Како студент во трета година во академската 1992/1993 година има добиено пофалница од Машинскиот факултет за најдобар студент со постигнат успех (9,87). Дипломира во 1994 година со просечен успех 9.40 и се стекнува со звање дипл.инж. по заштита при работа. Во академската 1993/1994 година била наградена како најдобар дипломиран студент на Интердисциплинарните студии по заштита при работа.

Понатамошно стручно усовршување го продолжува со запишување на постдипломски студии во март 2006 година на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, отсек Рударство, насока Инженерство на рудничка средина. Испитите на постдипломските студии ги положува во предвидениот рок, со просечен успех од 9,57 и на 14.3.2008 година успешно го одбранува магистерскиот труд „Загрозување на животната средина предизвикано од нарушување на стабилноста на земјени брани под дејство на сеизмички побуди“ со што се стекнува со звање магистер на технички науки.

Во академската 2006-2007 година била ангажирана како демонстратор на Катедрата за рударска механика и механизација по предметите Рудно-машинско инженерство и Механика на флуидите на Рударско-геолошки факултет во Штип.

Во декември 2008 година Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки ја прифаќа пријавата за изработка на докторска дисертација со наслов „Современ пристап во контрола и управување на бучава во животна средина", која успешно ја брани на 5.6.2013 година со што се стекнува со научен назив доктор на технички науки.

Со Одлука бр.1702-209/7 од 27.9.2018 година е избрана за вонреден професор за наставно-научната област животна средина, каде што е ангажирана во изведување на наставата на прв и втор циклус на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина, како и на трет циклус студии на студиските програми Инженерство за заштита на животна средина и Инженерство за заштита на работна средина.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор според Правилникот за критериумите за избор и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД.***

1. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (кандидатката има просечен успех од 9,40 на прв циклус и 9,57 на втор циклус на студии);
2. Доктор на науки од соодветната научна област (кандидатката д-р Марија Хаџи-Николова има одбранетo докторска дисертација од научноистражувачко подрачје: техничко-технолошки науки - Животна средина на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип);
3. Претходно е избрана во наставно-научно звање вонреден професор (Одлука бр. 1702-209/7 од 27.9.2018);
4. Има објавено минимум шест рецензирани меѓународни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објава на конкурсот: кандидатката има објавено 31 научни трудови во последните пет години (од кои 12 научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, од кои ги издвојуваме следниве шест):

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието/ импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Zendelska, A., Pancevska, V., Golomeova, M., Golomeov,B., Mirakov-ski, D., **Hadzi-Nikolova, M**. Doneva, N., (2022) | Characterization and isothermal studies of Cd removal from aqueous solutions using sludge-based activated carbon | Desalination and Water Treatment, 276. pp. 142-149. ISSN ISSN Print 1944-3994, ISSN Online 1944-3986 | Прво издание 2009 година<br>Impact Factor (2022) = 1.27 |
| 2 | Mirakovski, D., Damevska, K., Simeonovski, V., Nikolovska, S., Boev, B., Petrov, A., Sijakova-Ivanova, T., Zendelska, A., **Hadzi-Nikolova, M.**, Boev, I., Dimov, G., Darlenski, R., Kazandjieva, J., Damevska, S., Situm, M. (2022) | Use of SEM/EDX methods for the analysis of ambient particulate matter adhering to the skin surface | Journal of the European Academy of Dermatology and Venereology. ISSN 1468-3083 | Прво издание 1999 година. Impact factor (2021): 9.228, Wiley Journal |
| 3 | **Hadzi-Nikolova, M.**, Dimov, G., Mirakovski, D., Zendelska, A., Doneva, N. Zlatkovski, V., Maragkaki, A., Papadaki, A., Sabathianakis, G. Manios, T. Poda, K., Naskova, Lj., Misseris, T., Zapounidis, K., Lazarov, D., (2022) | Biowaste Management and Circular Economy: Usage of Pay as you Throw System and Autonomous Composting Units in Municipality of Probishtip | Circular Economy and Sustainability, 2. pp. 1283-1300 | Прво издание 2021година. SPRINGER Journal |
| 4 | Zendelska, A., Trajanova, A., Golomeova, M., Golomeov, B., Mirakovski, D., D. Doneva, N., **Hadzi-Nikolova, M** (2022) | Comparison of Efficiencies of Neutralizing Agents for Heavy Metal Removal from Acid Mine Drainage | Journal of Mining and Environment, 13 (3). pp. 679-691. ISSN Print ISSN: 2251-8592 Online ISSN: 2251-8606 | Прво издание 2010 година<br>Индексирано во Web of Science, Scopus |
| 5 | Doneva,N., Zendelska, A., **Hadzi-Nikolova, M.**, Mirakovski,D., Dimov, G., (2021) | Implementation of innovative technologies pay-as-you-throw and autonomous composting units for biowaste management. Scaling up the biowaste project in the municipality of Probishtip, Republic of North Macedonia. | Environment Protection Engineering, 47 (3). pp. 53-65. ISSN 2450-260X | Прво издание 2017 година<br>Impact Factor (2021) = 0.887 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | **Hadzi-Nikolova, M.**, Mirakovski, D., Doneva, N., Bakreska Kormushoska, N., (2019) | Environmental and occupational noise management process in cement industry | Safety Engineering, 9 (1). pp. 7-12. ISSN 2217-7124 | Прво издание 2011 година<br>Индексирано во Scopus |

5. Има познавање на англиски јазик кое се докажува со доставениот документ за положен англиски јазик B1.
6. Покажува способност за изведување високообразовна дејност. Имено, кандидатката д-р Марија Хаџи-Николова ја докажува способноста за вршење на наставно-научна и образовна дејност преку успешниот ангажман како редовно вработена на Факултетот за природни и технички науки при УГД - Штип.

**Посебни услови:**

1. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати (кандидатката има учествувано во повеќе научноистражувачки проекти: „*Примена на компјутерски апликации и технологии за подобрување на ефикасноста и безбедноста при рабора во рудниците со подземна експлоатација*“, (1.11.2018 – 1.11.2019) финансиран од Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. Од 2018 - 2020 година учесник е во пректот: *Utilizing Pay as You Throw Systems and Autonomous Composting Units for Biowastes Management in Touristic Areas (BIOWASTE)* - број BMPL/22/2156/2017 на програмата: Interreg V-B Balkan Mediterranean 2014-2020, како експерт по работен пакет 4: Автономни компостерски единици; Учесник е во стручниот тим во рамки на проектите: Справување со загадувањето на воздухот во градот Скопје, проект финансиран од UNDP (2021) и Transboundary Air Pollution Health Index Development and Implementation, TRAP-CN1-SO2.3.-SC030 финансиран од Interreg IPA CBC програмата, Reference: CCI: 2014TC16I5CB009, имплементиран од страна на Центарот за климатски промени, Гевгелија, МЖСПП.
2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
3. Рецензиран учебник, Хаџи-Николова, М., Мираковски, Д., Бучава во животна средина (ISBN: 978-608-244-928-9, http://e-lib.ugd.edu.mk/1094).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Марија Хаџи-Николова својата наставно-образовна дејност ја започнува во јули 2008 година на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ како помлад асистент, а во 2011 година е избрана во звање асистент. Во овој период како помлад ассистент и асистент кандидатката успешно ги изведува и организира вежбите по група предмети на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина. Со Одлука бр. 2202-324/7 од 29.11.2013 г. е избрана во звање доцент, а од 2018 година со Одлука бр.1702-209/7 од 27.9.2018 г. е избрана во звање вонреден професор.

Како доцент, а подоцна и вонреден професор успешно ја изведува и организира наставата на прв циклус студии на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина и Рударство, по предметите: Бучава во животна средина, Инженерство на еколошки процеси, Глобални еколошки процеси, Закони за заштита на средината, Еколошка економија, Заштита на животната средина од рударски активности и Заштита при работа.

На втор циклус студии е ангажирана како наставник на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина на предметите: Контрола на бучава и вибрации и Национална и европска регулатива во областа на животна средина, како и на студиската програма Инженерство за заштита на работна средина на предметите: Вовед во безбедност и здравје при работа, Контрола на бучава и вибрации, Национална и европска регулатива во областа на безбедноста и здравјето при работа, Ергономија и ергономско проектирање и Методи за процена на ризици.

Како доцент и вонреден професор била ментор на повеќе од десет дипломски работи, член на комисија за одбрана на повеќе од дваесет дипломски работи, ментор на пет магистерски трудови и член на комисија за одбрана на повеќе од десет магистерски трудови.

Како вонреден професор на Факултетот за природни и технички науки вклучена е во наставата на трет циклус студии на студиските програми Инженерство за заштита на животна средина и Инженерство за заштита на работна средина.

Учествува на голем број домашни и меѓународни конференции, конгреси и симпозиуми од областа на инженерство за заштита на животна и работна средина и рударство. Како автор или коавтор има објавено повеќе научни трудови. Активностите се презентирани во е-репозиториумот, објавени на веб-страницата на УГД. Кандидатката исто така е дел од тимот на повеќе научноистражувачки и апликативни проекти.

***Кандидатката д-р Марија Хаџи-Николова, од последниот избор до денес, ги има објавено следниве трудови:***

***Трудови објавени во меѓународни списанија со импакт фактор***

1. Zendelska, A., Pancevska, V., Golomeova, M., Golomeov, B., Mirakovski, D., **Hadzi-Nikolova, M.** Doneva, N., (2022) *Characterization and isothermal studies of Cd removal from aqueous solutions using sludge-based activated carbon.* Desalination and Water Treatment, 276. pp. 142-149. ISSN ISSN Print 1944-3994, ISSN Online 1944-3986

Во трудот е прикажана можноста за добивање на активен јаглен од тиња од пречистителна станица за отпадни води, како и негова примена како атсорбент, за отстранување на јони на кадмиум од водени раствори. Со помош на рентген дифрактометар и електронски микроскоп за скенирање беше извршена карактеризација на добиениот активен јаглен од отпадна тиња, а исто така, беше испитана и неговата атсорпциона моќ преку низа на експерименти. Резултатите покажаа дека отстранувањето на Cd од водени раствори со употреба на активен јаглен добиен од тиња од отпадни води од пречистителни станици изнесува 73,91%. Во овој труд се прикажани и резултатите од испитувањата за ефектите на параметрите: pH вредност, масата на атсорбентот, времето на контакт и почетната концентрацијата на јони на кадмиум. Фројндлиховите и Лангмуировите атсорпциони изотерми беа користени за моделирање на добиените податоци, а атсорпционииот капацитет на добиениот активен јаглен беше определен со помош на Лангмуировите атсорпциони изотерми со кои се доби и подбро совпаѓање.

2. Mirakovski, D., Damevska, K., Simeonovski, V., Nikolovska, S. Boev, B., Petrov, A., Sijakova-Ivanova, T., Zendelska, A., **Hadzi-Nikolova, M**., Boev, I., Dimov, G., Darlenski, R., Kazandjieva, J. Damevska, S. and Situm, M. (2022) *Use of SEM/EDX methods for the analysis of ambient particulate matter adhering to the skin surface.* Journal of the European Academy of Dermatology and Venereology. ISSN 1468-3083

Целта на трудот е да се изврши карактеризација на честичките во загадениот воздух прилепени на човечката кожа со користење на скенинг електронски микроскоп (SEM) во комбинација со дисперзивна енергетска спектрометрија на X-зраци (EDX), имајќи предвид дека кожата е изложена на влијание на бројни честички и гасовити загадувачи на воздухот. Оние на кои треба да се посвети особено внимание се честичките кои се прилепуваат на површината на кожата и подоцна може да предизвикаат директно оштетување на кожата. За остварување на ова цел беа анализирани примероци од кожа од образите и челото со користење на лепенки кај шест волонтери изложени на урбано загаден воздух. Честичките залепени на кожата беа идентификувани во сите примероци и истите беа класифицирани во десет групи врз основа на морфологијата и елементарниот состав. Хлоридите беа најбројна група честички (21,9%), проследени со јаглеродни органски честички (20,3%), силикати (18%), карбонати (16,4%), честички богати со метал (14%) и мал број на биоаеросоли, честички слични на кварц и летечка пепел. SEM-EDX анализата обезбедува докази за контаминација на изложената кожа на различни цврсти честички присутни во воздухот од природно или антропогено потекло. Овој метод може да обезбеди нови сознанија за врската помеѓу изложеноста на аерозагадување и оштетувањето на кожата предизвикано од истото.

3. Doneva, N., Zendelska, A., **Hadzi-Nikolova, M**., Mirakovski, D., Dimov, G., (2021) *Implementation of innovative technologies pay-as-you-throw and autonomous composting units for biowaste management. Scaling up the biowaste project in the municipality of Probishtip, Republic of North Macedonia.* Environment Protection Engineering, 47 (3). pp. 53-65. ISSN 2450-260X

Управувањето со комуналниот цврст отпад сѐ уште е еден од главните еколошки предизвици на национално ниво и иако има национални и регионални планови за отпад, Република Северна Македонија со своите осум региони има само една стандардна активна депонија и најмалку 54 нестандардни општински депонии и стотици ѓубришта. Во трудот се прикажани еколошките придобивки од процесот на селекција на отпадот на местото на негово создавање и имплементирање на системот „Плати колку што фрлаш“ и автономните компостерски единици кои во рамки на проектот „Биоотпад“ беа имплементирани во Општина Пробиштип. Овој проект и неговото проширување и во други општини треба да биде пример и почетна точка за промена на навиките на луѓето и подигање на свеста за заштита на животната средина преку одржливи начини на управување со органскиот отпад.

***Трудови објавени во меѓународни списанија***

4. Trajanova, A., Zendelska, A., Golomeov, B., Mirakovski, D., Doneva, N., **Hadzi-Nikolova, M**., (2023) Heavy metals removal from wastewater from the leaching process by neutralization. Natural Resources and Technology, 17 (1). pp. 21-25. ISSN 1857-6966

Целта на овој труд беше да се истражи можноста за неутрализирање и отстранување на тешките метали од водата што циркулира во процесот на лужење. Обично во процесот на лужење не се создава отпадна вода, односно растворот за лужење не се исфрла, туку повторно се користи во затворен циклус. Меѓутоа, во случај на несреќа, односно ако овие води се излеат, може да се примени процесот на неутрализација со цел да се подигне pH вредноста на водата и да се помогне во таложење на тешки метали. Во овој труд се прикажани резултати од испитувањето на калиум хидроксидот кој се покажа како доста ефикасен неутрализатор со кој успешно се отстрануваат тешките метали.

5. Arsova Neshevski, S., **Hadzi-Nikolova, M**., Mirakovski, D., Doneva, N., Zendelska, A., *Personal noise exposure on underground mining workers* (2022), Natural Resources and Technology, 16 (1). pp. 77-81. ISSN 1857-6966

Во трудот се прикажани резултатите од персонална изложеност на бучава на работниците во погонот за преработка на минерални суровини во рудниците со подземна експлоатација. Имено, како резултат на брзиот развој на технологијата, зголемена работна сила, продуктивност, континуирани методи на производство и оперативната флексибилност, развојот на механизацијата исто така брзо напредува, како во рудниците со површинска и подземна експлоатација, така и во погоните за преработка на минерални суровини. Паралелно со овој развој на рударската механизација, нивото на бучава во рударската индустрија бележи значително зголемување. Развојот на модерната рударска механизација значително го намалува физичкиот напор, но допринесува за зголемување на нивото на бучава. Добиените резултати од персоналната изложеност на бучава кај работниците во погонот за преработка на минерални суровини, како и бројни други студии во оваа област јасно укажуваат на фактот дека работниците во рударството се изложени на доста високи нивоа на бучава кои често ги надминуваат дозволените гранични вредности и на тој начин претставуваат важен фактор на ризик за губење на слухот.

6. Trendova, Lj., **Hadzi-Nikolova, M**., Mirakovski, D., Timovski, R., (2022) *Personal noise exposure on industry workers.* Natural Resources and Technology, 16 (1). pp. 83-89. ISSN 1857-6966

Со брзиот технолошки и индустриски развој, сериозно се зголемува бројот на штетностите, ризиците и опасностите по здравјето на работниците, меѓу останатото и поради прекумерната изложеност на високо ниво на бучава. Тоа ја наметнува потребата да се посвети поголемо внимание на проблемот на влијанието на бучавата врз здравјето на работниците, професионалните болести и штетности кои ги предизвикува, мерките за заштита од високите нивоа на бучава и воведување на мерки за ефективно контролирање на истите.

Со цел да се утврди персоналната изложеност на бучава на одредени работни места, во различни индустрии, беше извршено мерење на персонална изложеност на бучава кај 16 работници, распределени на 16 работни места. Кај секој работник е извршено мерење на бучава со дозиметри во времетраење од 6 часа во три работни дена.

Во трудот се прикажани резултатите од персонална изложеност на бучава на вработените во: погон за производство на мебел, погон за производство на картонски кутии, погон за производство на PVC прозорци и врати, текстилна индустрија и металопреработувачка индустрија.

**7. Hadzi-Nikolova, M.**, Dimov, G., Mirakovski, D., Zendelska, A., Doneva, N., Zlatkovski, V., Maragkaki, A., Papadaki, A., Sabathianakis, G. Manios, T. Poda, K., Naskova, Lj., Misseris, T., Zapounidis, K., Lazarov, D., (2022), *Biowaste Management and Circular Economy: Usage of Pay as you Throw System and Autonomous Composting Units in Municipality of Probishtip.* Circular Economy and Sustainability, 2. pp. 1283-1300.

Целта на овој труд е да се прикаже можноста за зајакнување на системот на циркуларна економија во нашата држава преку трансферот и примената на иновативни технологии за управување со органскиот отпад како што се системот „Плати колку што фрлаш" и автономни компостерски единици. Важен аспект на имплементацијата на претпоставките за циркуларна економија во случајот на цврстиот комунален отпад е планот за намалување на количествата отпад на депониите и зголемување на уделот на отпад кој може да се врати во системот за рециклирање. Циркуларната економија има за цел, меѓу другите аспекти, да ги минимизира еколошките, социјални и економски штети и влијанија од цврстиот отпад, како и намалување на вкупните количини отпад.

8. Zendelska, A., Trajanova, A., Golomeova, M., Golomeov, B., Mirakovski, D., Doneva, N., **Hadzi-Nikolova, M**., (2022), *Comparison of Efficiencies of Neutralizing Agents for Heavy Metal Removal from Acid Mine Drainage*. Journal of Mining and Environment, 13 (3). pp. 679-691. ISSN Print ISSN: 2251-8592 Online ISSN: 2251-8606

Целта на трудот е да се направи споредба на ефикасноста на повеќе соединенија за неутрализација и отстранување на тешките метали од киселите руднички дренажи. Третманот на киселинските руднички дренажи се заснова на две основни технологии, активна и пасивна технологија за третман. Без разлика која технологија се користи, потребно е да се изврши неутрализација на киселите руднички дренажии со користење на соединенија за зголемување на алкалноста, пред нивно испуштање во околните реципиенти. Во трудот е направена споредба на осум различни соединенија за неутрализација на киселите руднички дренажи ($BaCO_3$, $Na_2CO_3$, NaOH, KOH, $K_2CO_3$, MgO, $CaCO_3$ и $Ba(OH)_2$) со цел да се избере најефективното соединение за третман на киселите руднички дренажи. Експериментите се изведени со користење на повеќекомпонентен синтетички воден раствор со почетна концентрација од 10 mg/L на јоните на Cu, Mn, Zn, Fe и Pb и почетна pH вредност на растворот од 1,9. Истражувањето покажа дека најефективно неутрализирачко средство за отстранување на тешки метали од повеќекомпонентен воден раствор е MgO, додека најмалку ефикасно средство е $Na_2CO_3$.

9. Despodov,Z., Doneva, N., Mijalkovski, S., **Hadzi-Nikolova, M., (2021)** *Methodology for selection of the variant for opening the deeper parts of the Toranica mine*. Underground mining engineering, 38 (1). pp. 1-13. ISSN 0354 2904

Во овој труд е дадена методологија за избор на оптимална варијанта за отворање на рудникот за олово-цинкова руда Тораница. Методологијата со примена на индексирани поени дава задоволителни резултати во тој поглед и може успешно да се примени како во обработката на проблемот со отворање на ново рудно наоѓалиште, така и во решавањето на проблемот со избор на варијанта за отворање на подлабоките делови на постоечки или активен рудник. како што беше примерот со рудникот Тораница. Методологијата главно се заснова на

обемот, односно должината и видот на подземните објекти што треба да се изведат за успешно отворање на подземното рудно наоѓалиште.

Разгледувани се шест варијанти на отворање и транспортирање на руда и јаловина во подлабоките делови на рудното наоѓалиште. По извршената анализа, избрана е оптимална варијанта за отворање и транспорт во рудникот Тораница.

10. Mirakovski, D., Boev, B., Boev, I., **Hadzi-Nikolova, M**., Reka, A., Sijakova-Ivanova, T., (2020) *Urban air pollution in Skopje aglomeration – trafic vs background case.* Contributions, Section of Natural, Mathematical and Biotechnical Sciences, MASA, 40 (1). pp. 41-48. ISSN 1857–9027 / e-ISSN 1857-9949

Имајќи ја предвид важноста од релевантни информации за изворите на загадување на воздухот во овој труд е извршена индикативна анализа на распределбата на изворите на загадување на воздухот за две локации (рецептори) во градското подрачје на Скопје, една специфична изворна локација (сообраќајница) и една позадинска локација. На двете мониторирани локации беше одредена просечната годишна концентрација на суспендирани цврсти честички, фракција $PM_{10}$ и $PM_{2,5}$, која укажува на согорувањето на биомасата како главен извор на загадување во текот на зимскиот период (грејна сезона). Иако ваквите шеми на загадување би можеле да се објаснат со природните промени во висината на граничниот слој за време на зимскиот период, директната поврзаност со шемите на загревање на домовите, кои исто така го достигнуваат врвот во утринските и вечерните часови, е повеќе од очигледна.

Дополнително, распределба на изворите е направена со употреба на позитивна матрична факторизација која исто така јасно го идентификува согорувањето на биомаса како единствен доминантен извор на двете локации со високи 69 % на сообраќајната локација и 72 % на локацијата во позаднина, без директно специфично влијание на изворот. Ваквиот висок придонес од согорувањето на биомаса не е изненадувачки, имајќи го предвид инвентарот на емисиите на агломерацијата во Скопје за референтната 2014 година, каде што греењето на домаќинствата учествува со 91%, во вкупните емисии на цврсти суспендирани честички, фракција $PM_{10}$, додека индустријата, производството на енергија, сообраќајот, управувањето со отпад , земјоделството и градежништвото имаат вкупно околу 9 %.

11. Doneva, N., Despodov, Z., Mirakovski, D., **Hadzi-Nikolova, M**., Mijalkovski, S., (2019) Two parametric functional dependents of time for construction of horizontal mining facilities in gneiss and schist. Podzemni radovi (34). pp. 1-9. ISSN YU 03542904

Во овој труд е анализирана изработката на ходник како хоризонтална рударска просторија. При тоа, разгледани се 18 варијанти за изработка на ходник, во работна средина оловно-цинкова руда. Претпоставена должина на објектите кај сите варијанти е 1000 m'. Цел на ова истражување е да се одреди потребното време за изработка на сите варијанти, потоа истото да се сведе на потребно време за изработка на еден метар должен од просториите. Врз основа на направената анализа утврдени се двопараметарски зависности на времето за изработка на рударските простории од еднооксијалната притисна цврстина на карпестиот материјал и големината на попречен пресек на истите.

12. **Hadzi-Nikolova, M**. Mirakovski, D. Doneva, N. Bakreska Kormushoska, N., (2019) *Environmental and occupational noise management process in cement industry.* Safety Ingeenering, 9 (1). pp. 7-12. ISSN 2217-7124

Во трудот се прикажани резултатите од ефективноста на преземените мерки за намалување на бучавата која е резултат на работењето на Цементарница Усје кај најблиските реципиенти, што беше предмет на спроведената Студија во текот на 2016-2017 година. Имено, Цементарница Усје, Групација ТИТАН во Скопје, согласно силната посветеност на високите еколошки перформанси и Корпоративна општествена одговорност и одржлив развој во 2013-2014 година ја ангажира Лабораторијата АМБИКОН да спроведе мерење на бучава со цел да се идентификуваат изворите на бучава во цементарницата и ПК за лапорец, и нивните влијанија врз блиското население и да се развијат соодветни стратегии за контрола/заштита од високите нивоа на бучава.

***Трудови објавени во домашни списанија***

**13. Hadzi-Nikolova,M**., Mirakovski,D., Zendelska, A., Doneva, N., (2021), *Еколошки прифатливи техники за одлагање на флотациска јаловина во стари површински копови.* Natural Resources and Technology, 15 (2). pp. 15-22. ISSN 1857-6966

Во овој труд се презентирани еколошки прифатливи техники за одлагање на флотациската јаловина во откопаните простори, како и придобивките од аспект на заштита на животната средина со примена на овие техники. Имено, праксата на несоодветно одлагање на флотациската јаловина во минатото постојано потсетува на сериозните негативни влијанија врз животната средина. Еден од начините за минимизирање на ова влијание е одлагање на флотациската јаловина во површински копови чија експлоатација е веќе завршена. Клучните еколошки прашања, како и оние кои се од интерес на јавноста се однесуваат на: долгорочна стабилност на одлагалиштата; долготрајно испирање/лужење и ерозија на површинските одлагалишта. Значајни фактори кои треба да се земат предвид при проценка на применливоста на методологијата за одлагање на отпадот од минерални суровини во копови чија експлоатација е веќе завршена вклучуваат: хидрогеологија на локацијата, геохемија на отпадот, морфологија на копот и релевантни алтернативи. Сите овие фактори детално се елаборирани во трудот и прикажани се еколошки прифатливите техники за одлагање на флотациската јаловина: покривање на одложената флотациска јаловина со вода во откопаниот простор, заполнување на откопаниот простор и суво одлагање.

14. Mirakovski, D., Talevska Zhelcheska, M., **Hadzi-Nikolova, M**., Zendelska, A., (2021), *Мерење на миризба со стандардни методи.* Natural Resources and Technology, 15 (2). pp. 59-66. ISSN 1857-6966

Влијанието на миризбата врз човекот може да има потенцијални негативни ефекти и да предизвика здравствени проблеми. Заради тоа е потребно мерење на миризбата и постоење на законска регулатива за гранични вредности на миризба. Научните методи за мерење на миризба се базираат врз интернационални стандарди од кои најупотребуван е стандардот EN13725 Квалитет на воздух – одредување на концентрација на миризба со динамичка олфактометрија од Европскиот Комитет за стандардизирање (CEN). Најчест параметар на миризба кој се одредува при мерењето на миризба е концентрација на миризба која се одредува со користење

на инструмент наречен олфактометар. Концентрацијата на миризба може да се мери во строго контролирани лабораториски услови со помош на тренирани оценувачи на миризба и тогаш станува збор за лабораториска (динамичка, одложена) олфактометрија или се мери директно на терен со теренска (директна) олфактометрија. Во овој труд се прикажани резултати од мерење на миризба на фарма, со директна олфактометрија.

15. Lazarevska, E., **Hadzi-Nikolova, M**., Mirakovski, D., (2021), *Систем за анализа и класификација на човечкиот фактор во рударската индустрија во Македонија.* Natural Resources and Technology, 15 (2). pp. 23-33. ISSN 1857-6966

Историски гледано, рударството секогаш се сметало за високоризична индустрија. Сепак, воведувањето на нови технологии и зголемената безбедност резултираа со значително намалување на стапките на несреќи и повреди во последните неколку децении. Во обид за понатамошно намалување на овие стапки, треба да се разреши проблемот со човечкиот фактор поврзан со инциденти и несреќи. Целта на овој труд е да се анализира ризикот во однос на човечката грешка, нејзините причини и можните последици од настаните предизвикани од грешката. За да се идентификуваат трендовите на човечкиот фактор како причина за насреќи во рударството во овој труд е применета модифицираната верзија на анализа и класификација на човевкиот фактор во рударската индустрија (HFCAS-MI).

16. Zendelska, A., Doneva, N., **Hadzi-Nikolova, M**., Mirakovski, D., Dimov, G., (2020) *Еколошки ефекти од спроведување на проектот „Биоотпад“ во Општина Пробиштип.* Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 63-70. ISSN 185-6966

Во овој труд се прикажани остварените еколошки ефекти од спроведувањето на проектот БИООТПАД, како што се: намалување на емисија на стакленички гасови, намалување на количината на исцедок што се јавува во депониите, намалување на површината на депонијата, намалување на транспортот за собирање и отстранување на отпадот, како и добивање на компост.

Проектот Плати колку што создаваш отпад (PAYT - Pay As You Throw Systems) и Автономни компостерски единици (Autonomous Composting Units) за управување со биоотпад во туристичките области (акроним: BIOWASTE), беше реализиран од 2017 до 2020 година и истиот е кофинансиран од Европската Унија и Националните агенции за финансирање. Во проектот беа вклучени две групи од општина Пробиштип, дел од децентрализирана урбана заедница и неколку поголеми и помали угостителски објекти. Успешната реализација на овој проект се огледа во остварувањето на поставените цели, низа еколошки и економски придобивки за Општина Пробиштип.

**17. Hadzi-Nikolova, M**., Mirakovski, D., Dimov, G., Doneva, N., Zendelska, A., (2020) *Примена на автономни компостерски единици во управување со биоразградливиот отпад.* Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 71-77. ISSN 185-6966

Во трудот е прикажана примената на автономните компостерски единици, како еден од најсовремените начини за компостирање на биоразградливиот отпад. Компостирањето претставува еден од најстарите начини на рециклирање на отпадот и добивање на висококвалитетно органско ѓубриво – компост. Компостирањето во себе ги обединува трите одржливи начини на управување со отпадот, односно

допринесува за намалување на количините на отпад (редуцирање), повторна употреба на отпадот и негово рециклирање. Биоразградливиот дел од отпадот всушност претставува една од „најзагадувачките" фракции во вкупните текови на отпад, а компостињарето го пренасочува отпадот од традиционалните начини на управување, како што се согорување и депонирање. Најзначајни параметри кои влијаат и придонесуваат за ефикасноста на процесот на компостирање и добивање на квалитетен компост се: температурата, содржината на влага, односот на јаглеродната и азотната компонента (C: N) и pH вредноста во отпадниот материјал.

18. Doneva, N., **Hadzi-Nikolova, M.**, Mijalkovski, S., (2019) *Analysis of required construction time for drift in rock type – lead and zink ore.* Natural resources and technology, 13 (13). pp. 5-9. ISSN 185-6966

Во трудот е анализирана изработката на ходник, како хоризонтална рударска просторија. При тоа, формирани се 9 варијанти за изработка на ходник, во работна средина оловно-цинкова руда. Претпоставена должина на објектите кај сите варијанти е 1000 m'. Цел на ова истражување е да се одреди потребното време за изработка на сите варијанти, потоа истото да се сведе на потребно време за изработка на еден метар должен од просториите. Врз основа на направената анализа, утврдени се двопараметарски зависности на времето за изработка на рударските простории од едноаксијалната притисна цврстина на карпестиот материјал и големината на попречен пресек на истите.

***Трудови објавени на меѓународни научни собири, конгреси и симпозиуми***

**19. Hadzi-Nikolova, M.**, Mirakovski, D., Doneva, N., Zendelska, A., (2022) *Сообраќајна бучава – еколошки проблем и во малите урбани средини.* In: Second Macedonian Road Congress, 03-04 Nov 2022, Skopje.

Во трудот се прикажани резултатите од мерењето на бучавата од патниот сообраќај и моделирањето на дисперзија на бучава во малиот, но динамичен град Штип, што укажува на зголемената загриженост за нивоата на бучава во слични средини низ цела Југоисточна Европа, обидувајќи се да одговори на прашањата: Дали малите урбани средени се безбедни од аспект на високите нивоа на бучава на кои е изложено населението и дали треба и тие да имаат акциони планови за намалување на бучавата?

Имено, во последните неколку децении сообраќајната бучава има сè поголемо влијание врз квалитетот на живеење. Како резултат на несоодветна, непланска урбанизација, интензивирање на сообраќајот, користење на застарени моторни возила, неквалитетни сообраќајници, се доживува како еден од значајните еколошки проблеми кој претставува реална закана за здравјето и квалитетот на живеење. Сегашните регулативи исто како и научните напори се фокусирани на големите метрополи - агломерации, иако двегодишниот монитонг спроведен во Штип (град со околу 50.000 жители) укажува на зголемени нивоа на бучава во поголем дел од градот.

20. Doneva, N., Golomeov, B., Mirakovski, D., **Hadzi-Nikolova, M.**, Zendelska, A., (2022) *Техники за рекултивација на хидројаловишта.* In: 2-ра Конференција за хидројаловишта/2nd Conference on tailings storage facilities, 21-22 Oct 2022, Stip.

Во овој труд се прикажани можните техники на покривање со природни и вештачки материјали со прифатливи карактеристики и рекултивација со соодветни растителни видови на примерот на хидројаловиште Скрдово, Рудник Злетово.

21. Doneva, N., Despodov, Z., Mijalkovski, S., Ivanovski, D., Zendelska, A., **Hadzi-Nikolova, M.**, (2022) *Pipe umbrella support modified method, case study: central dicline in mine Sasa*. In: XIII Expert conference themed: Technology of underground and surface mining of mineral raw materials ”Podex – Poveks” ’22, 14-16 Oct 2022, Ohrid.

При изработката на главниот нископ во ревир „Свиња Река“, рудник Саса, се наишло на лоша средина, во која со досега применетите методи за подградување не можело да се обезбеди задоволителна стабилност и одржливост на самиот објект. Во овој труд е презентирана модифицираната метода на заштитен чадор, како решение за настанатата ситуација. Исто така се презентирани подградните материјали кои се употребени во ваква работна средина, при изработка на главниот нископ во рудник Саса.

22. Zendelska, A., Trajanova, A., Golomeova, M., Golomeov, B., Mirakovski, D., Doneva, N., **Hadzi-Nikolova, M**., (2022), *Use of neutralizing agens in the removal of heavy metals from acid mine drainage*. In: XIII Expert conference themed: Technology of underground and surface mining of mineral raw materials “Podex – Poveks” ’22, 14-16 October 2022, Ohrid.

Неколку неутрализирачки агенси, вклучувајќи $BaCO_3$, $Na_2CO_3$, NaOH, KOH, $K_2CO_3$, MgO, $CaCO_3$ и $Ba(OH)_2$, се испитувани во овој труд со цел да се отстранат тешките метали од кисели руднички дренажи. Експериментите се изведувани во лабораториски услови користејќи повеќекомпонентен синтетички воден раствор со иста почетна концентрација (10 mg/l) на секој јон (Cu, Mn, Zn, Fe и Pb) и почетна pH вредност од 1,90. Споредбата на испитуваните неутрализирачки агенси за отстранување на тешки метали од водени раствори покажа дека најефикасниот неутрализирачки агенс е MgO, додека најмала ефикасност се добива со Na2CO3. Процентот на тешки метали отстранети од водените раствори се зголемува заедно со зголемувањето на pH вредноста. Најголемо отстранување има при pH 12 за сите испитувани тешки метали и речиси 80-82% се отстранети Pb, Fe и Cu, додека Zn и Mn се отстранети скоро 74%.

23. Mirakovski, D., Boev, B., Zendelska, A., **Hadzi-Nikolova, M**., Boev, I., Sijakova-Ivanova, T., (2022) *Sources of ambient particulate matter in Skopje urban area*. In: 11th International Aerosol Conference (IAC), 4-9 Sept 2022, Athens, Greece.

Главна цел на трудот е анализа на изворите на загадување на воздухот (SA) во Град Скопје, како и добивање информации за концентрацијата на загадувачки материи кои придонесуваат за загаденост на амбиенталниот воздух. Студијата вклучува избор на репрезентативен рецептор/локација за следење, земање мостри, хемиска спецификација и изградба на мултиваријантен рецепторски модел, следејќи го европскиот Водич за распределба на изворите на загадување на воздухот со Модели на рецептори, ревидирана верзија, JRC (2019). Мониторинг станица за урбана позадина беше поставена во Карпош, а дел од националната мониторинг мрежа беше избран како репрезентативен рецептор изложен на различни извори на загадување во урбаното подрачје.

24. Doneva, N., **Hadzi-Nikolova, M**., Mirakovski, D., Zendelska, A., (2021) *Regional waste management in Republic of North Macedonia: case study for East and North-East planning region.* In: 2nd scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan countries, October 28th to 30th, 2021. - Štip : Goce Delčev University - Štip, 2021, Shtip, North Macedonia.

Во трудот е прикажано значењето на воспоставување интегриран систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион во Р.Македонија и направена е анализа на придобивките во однос на квалитетот на животот и влијанието врз животната средина по изградбата на регионалната депонија за Источниот и Североисточниот регион, која ќе биде лоцирана 15 километри североисточно од Свети Николе, кај селото Мечкуевци.

**25. Hadzi-Nikolova, M**., Dimov, G., Mirakovski, D., Zendelska, A., Doneva, N., Zlatkovski, V., Maragkaki, A., Papadaki, A., Sabathianakis, G. Manios, T., Poda, K., Naskova, Lj., Misseris, T., Zapounidis, K., Lazarov, D., (2021) *Introducing Pay as You Throw System and Autonomous Composting Units for Biowaste Management in Municipality of Probistip*. In: Retaste: rethink food waste 2021, 6-8 May 2021, Athens, Greece.

Во трудот се презентирани придобивките, еколошки и економски, од воведувањето на системот „Плати колку што фрлаш“ и поставување на автономни компостерски единици како одржливи начини на управување со органскиот отпад.

26. Mirakovski, D., Boev, B., Zendelska, A., Boev, I., **Hadzi-Nikolova, M**., Sijakova-Ivanova, T., Dimov, G., Doneva, N., (2021) *Variation of black carbon concentration in cold and warm seasons in Skopje urban area*. In: The Eighth WeBIOPATR Workshop & Conference Particulate Matter: Research and Management WeBIOPATR 2021, 29 Nov - 1 Dec 2021, Belgrade, Serbia.

Целта на истражувањето направено во рамки на овој труд беше да се проценат концентрациите на црн јаглерод во суспендираните цврсти честички, фракција $PM_{2.5}$ и да се процени придонесот на согорувањето на фосилни горива (BC ff) и согорувањето на биомаса (BC bb) до еквивалентни концентрации на црн јаглерод (e BC) во урбаните области во Град Скопје. За таа цел мерењата беа спроведени наизменично на една урбана позадинска локација и на една урбана локација изложена на интензивен сообраќај, во периодот од јануари до август 2021 година.

27. Domazetovska, S., Anachkova, M., **Hadzi-Nikolova, M**., Mirakovski, D., Gavrilovski, V., (2019) *Analysis of noise impact in urban areas*. In: OSH Priority, 9-12 Oct 2019, Ohrid.

Во трудот е прикажана методологијата применета за анализа на влијанието на бучавата во населбата Дебар Маало, во центарот на Скопје, опкружена со четири главни улици со голема фреквенција на сообраќај и луѓе. Во ова подрачје е спроведена анкета на 93 испитаници, кои живеат, работат или се посетители во населбата. Резултатите покажуваат дека бучавата има штетно влијание врз населението, поради што мора да се преземат мерки за намалување на нивото на бучава во урбаните средини. Оваа студија е основа за понатамошно истражување на штетните влијанија предизвикани од бучавата и изнаоѓање на мерки за нивно спречување и намалување.

28. Mirakovski, D., Boev, B., Sijakova-Ivanova, T., Boev, I., **Hadzi-Nikolova, M.**, (2019) *Asbestos in air – sampling and SEM analysys.* In: OSH Priority, 9-12 Oct 2019, Ohrid.

Класичните методи на броење на азбестни влакна со фазно контрастни микроскопи сеуште имаат широка примена, но тие покажуваат и сериозни недостатоци, пред се од аспект на идентификација на азбестните влакна. Поради тоа и методите на електронска микроскопија, како TEM и SEM наоѓаат се поширока примена во постапките на идентификација на азбестните влакна.

Во трудот е разработена стратегијата на мониторинг на азбест, почнувајќи од земање приемроци од воздух, согласно препораките дефинирани во МКС EN ISO 16000 – Воздух во затворена просторија – Дел 7: Стратегија за земање на примероци за одредување на концентрации на азбестни влакна во воздух. Согласно препораките на стандардот се разликуваат неколку пристапи на мерење во зависност од целите кои се елаборирани во трудот. Согласно ISO14966 за детерминација на азбест на филтер неопходен е сканинг електронски микроскоп (SEM), а дополнително се препорачува визуелен преглед на филтрите под оптички микроскоп (20 X) за можни оштетување или неправилности во товарот.

29. Anachkova, M., Domazetovska, S., **Hadzi-Nikolova, M.**, Mirakovski, D., Gavrilovski, V., (2019) *Noise exposure level detection using the Skopje.Pulse platform.* In: OSH Priority, 9-12 Oct 2019, Ohrid.

Во трудот е презентирано решение за одржлив развој и мониторинг на бучавата во градот Скопје креирано и спроведено од софтверската компанија Netcetera, со цел 24-часовно следење на состојбата на нивото на бучава на повеќе мерни места во градот. Овој концепт се базира на принципот на „Интернет на нештата", кој преку сензорска мрежа, Wi-Fi и LoRaWAN комуникациите собира податоци за нивото на бучава кои потоа се визуелизираат и следат онлајн на платформа наречена Скопје Пулс. Во трудот е даден преглед на слични софтверски решенија и начини за собирање податоци и следење на нивото на бучава од кои беа извлечени искуства за развој на Скопје Пулс, к ако и детално објаснување на платформата, сензорската мрежа и начинот на комуникација изразен и објаснет преку концептот на „Интернет на нештата" кој беше искористен за развој на ова решение. Прикажани се и податоците добиени од сензорската мрежа за секој ден и час во текот на 2018 година, како и нивна анализа од која беа воочени критичните и најоптеретените месеци, денови и часови со зголемено ниво на бучава во градот Скопје.

30. Mirakovski, D., Boev, B., Boev, I., **Hadzi-Nikolova, M.**, Zendelska, A., Sijakova-Ivanova, T., (2019) *Wintertime urban air pollution in Macedonia – composition and source contribution of air particulate matter.* In: 18th World Clean Air Congress 2019, 23-27 Sept 2019, Istanbul, Turkey

Во трудот се прикажани резултатите од двегодишниот мониторинг (2018-2019), направен во рамки на лабораторијата АМБИКОН, во текот на кој беа анализирани концентрациите на суспендирани цврсти честички во одредени урбани зони низ државата. Земени се примероци според стандарден гравиметриски метод (EN 12341:2014) со користење на семплер со мал волумен и 47 mm тефлонски филтри. Хемискиот состав е одреден со помош на флуоресцентен рендгенски спектрометар (Shimadzu EDX-900HS) според EPA/625/R-96/010a. Сезонските и

дневните варијации беа добиени од порталот за квалитет на воздухот на МЖСПП, исто како и од независната мониторинг мрежа на Лабораторијата АМБИКОН со внатрешно развиени монитори за амбиентални честички. Резултатите покажуваат јасна доминација на согорувањето на биомасата како примарен придонесувач за загадувањето на воздухот, додека многу помал придонес имаат сообраќајот и индустриските капацитети.

31. Boev, B., Mirakovski, D., Boev, I., **Hadzi-Nikolova, M.**, Sijakova - Ivanova, T., Zendelska, A., (2018) *Карактеризација на аеросолите во урбаните средини во Македонија – пат до решение. Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата?* - Книга на апстракти. pp. 5-6

Негативните ефекти врз здравјето поврзани, со зголеменото ниво на изложеност на загадувачки материи, а посебно изложеноста на цврсти честички (аеросоли) во амбиентниот воздух, се докажани во бројни екстензивни епидемиолошки студии. Имајќи го предвид фактот дека овие ефекти се посебно изразени во динамичните урбани зони, точната карактеризација на загадувачките компоненти е посебно значајна за алоцирање на изворите, можните мерки на контрола и ултимативно, ефектот на загадувачките материи врз здравјето на луѓето. Во последните неколку години, за потребите на оваа студија, авторскиот тим работеше на карактеризација на суспендираните честички во неколку специфични урбани зони во Македонија, а пред сѐ, во Скопје, Кавадарци и во Штип. Земањето примероци на аеросоли е вршено според стандардниот гравиметриски метод (EN 12341:2014), со нисковолуменски секвенцијален семплер на PTFE-филтри со дијаметар од 47 mm. Хемиската анализа е вршена со користење на рендген флуоресцентен спектрометар (EDX-900HS), во согласност со EPA/625/R-96/010a, а анализата на некои честички е реализирана со електронски микроскоп за оптичко скенирање (TESCAN VEGA3), опремен со енергетско-дисперзен спектрометар (Oxford Instruments X-act). Резултатите покажаа дека во сите примероци доминантно учество имаат секундарните честички од процесите на согорување, кое е екстремно изразено во зимскиот период, проследени од разни минерални и синтетички честички (разни видови пластика). Значајно учество имаат и биоаеросолите, посебно во пролет и во лето. Резултатите се дискутирани и од аспект на применливоста на методите за индицирање на можните извори врз основа на карактеристиките на суспендираните честички во урбаните зони и користење на податоците за развој на рецепторно ориентирани модели за пропорционирање на изворите

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

На стручен план кандидатката д-р Марија Хаџи-Николова е активна во полето на апликативни истржувања во областа на заштита на животната средина, управување со отпад, мерки за заштита од бучава во животна и работна средина, моделирање на дисперзија на бучава во животна средина, управување и техно-економски анализи на проекти во областа на заштита на животната средина и индустриски проекти. Поседува лиценца за експерт за процена на влијанијата врз животната средина, уверение за стручно лице за вршење на работите од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и уверение за вршење на работите за управување и/или постапување со отпад.

Во текот на 2022 година како раководител на проектен тим и проектен инженер учествува во изработката на 2 студии за моделирање и контрола на бучавата:

- Revision of the Operational Noise Assessment and Optimization of Proposed Noise Barriers along Corridor VIII Railway – section 3 Kriva Palanka-Border with the Republic of Bulgaria, North Macedonia, Mott MacDonald S, Western Balkans;
- Noise Dispersion Model along the parts of express road A3, Bitola - Medjitlia border crossing section - and dimenzioning of noise bariers along the road, GIM;

Моментално е ангажирана како проектен инженер во изработка на студија за моделирање и контрола на бучавата во рамки на проектот:

- Western Balkans Investment Facility Infrastructure Project Facility Technical Assistance 10 (IPF 10), Mediterranean Corridor (Routes 1 and 2): Adriatic-Ionian Road Corridor in Albania and Montenegro, Murriqan-Lezhë section ESIA and Preliminary Design" in Albania.

како и на проектот:

- Ревизија на листата на опасни занимања кои се квалификувани за предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж", во рамки на Министерството за труд и социјална политика, финансиран од Светска банка

како учесник во стручниот тим на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, кој е дел од Joint Venture тимот заедно со Машински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Институтот за медицина на труд, ЦИРКО ДООЕЛ Скопје и Технолаб ДООЕЛ Скопје.

Учесник е во изработка на Планови за управување со отпад од минерални суровини во поголем број на рудници.

Во континуирана соработка со стопанството, учесник е во изработката на над 15 студии и елаборати за заштита на животна средина во најголемите компании во минералната индустрија на национално и регионално ниво.

Како стручен соработник во Лабораторијата АМБИКОН, учесник е во голем број мониторинг програми (изложеност на прашина, гасови, бучава) изработени за најголемите компании на национално ниво (ТАВ Македонија, Рудник Саса, Цементарница Усје, ТИТАН Групација, Џонсон Мети), како и пошироко во регионот (ANTEA Cement – Albania, Kosjeric Cement Plant- Serbia, Zlatna Panega- Bulgaria). Како менаџер за квалитет во Лабораторијата АМБИКОН успешно го раководи и комплетира процесот на реакредитација на Лабораторијата АМБИКОН согласно со МКС EN ISO17025:2018.

Активно е вклучена секоја година како предавач на обуките од областа на безбедност и здравје при работа во Рудник „Саса" ДООЕЛ Македонска Каменица.

Член е на Организациониот одбор и работните претседателства, на стручното советување со меѓународно учество ПОДЕКС-ПОВЕКС, во организација на Сојузот на рударски и геолошки инженери на Македонија (СРГИМ) и Факултетот за природни и технички науки, УГД-Штип.

Член е на Програмскиот одбор на стручното советување со меѓународно учество Management and Safety, во организација на Европското здружение на инженери за заштита при работа.

Во текот на својата работна кариера во рамките на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, била член на повеќе факултетски тела и комисии:

- Раководител на Катедра за инженерство за заштита на животна средина во рамки на Факултетот за природни и технички науки;
- Член на Наставно-научниот совет на факултетот;
- Член на Работната група за реакредитација на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии;
- Член на рецензентска комисија за оцена и одбрана на магистерски трудови.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование („Сл. весник на РСМ" бр. 82/18 и 178/21) и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 41, од 15.2.2019 г.), како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката проф. д-р Марија Хаџи-Николова ги исполнува сите законски услови за избор во звање редовен професор. Рецензентската комисија констатира дека проф. д-р Марија Хаџи-Николова го исполнува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + САОР) на поени за избор во звањето редовен професор, дури и значително го надминува, остварувајќи вкупно 246 поени.

Согласно со претходно изнесените податоци (анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката), како и согласно со Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно- научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и распишаниот Конкурс, кај проф. д-р Марија Хаџи-Николова, се гледа еден континуиран развој во научноистражувачката работа и значајни резултати во сите наведени дејности, со што кандидатката во целост ги исполнува сите предвидени услови да биде избрана во звање редовен професор во наставно-научната област: Животна средина на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **да ја избере проф. д-р Марија Хаџи-Николова во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област Животна средина.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Д-р Дејан Мираковски, редовен професор, претседател, с.р;
2. Д-р Љубица Тодоровска Ажиевска, редовен професор во пензија член, с.р;
3. Д-р Златко Петрески, редовен професор, член, с.р.

Се прикажуваат активностите кои се составен дел на табелите во Правилникот.

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | | | | | **Поени** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Избор во звање вонреден професор | | | | | 40 |
| | **Вкупно** | | | | | **40** |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност** | | | | | **Поени** |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1** | Научен труд објавен во списание со ИФ (првавтор, втор автор, останати автори) | 3x5 | | | 15 | 15 |
| **2** | Научен труд објавен во меѓународно научносписание (прв автор, втор автор, останати автори) | 2 x 9<br>2 x 6<br>5 x 3 | | | 18<br>12<br>15 | 45 |
| **3** | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир | 9 | 2 | 4 | 3 | 30 |
| **4** | Учесник во научен проект | 3 | 2 | | | 6 |
| **5** | Член на организационен или научен одбор нанаучен собир | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| | **Вкупно** | | | | | **139** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Книга | 1 | 10 | | | **10** |
| **2** | Труд во стручно (научно популарно списание) | 6 | 2 | / | 3 | **12** |
| **3** | Учесник во научен проект | 3 | 15 | 1 | 8 | **23** |
| **4** | Елаборати и експертизи | 20 | 2 | 3 | 4 | **52** |
| **5** | Изготвување на извештаи од анализи | 50 | 0,1 | / | / | **5** |
| **6** | Раководител на катедра | | | | | **3** |
| **7** | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | **107** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **246** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА И ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-136/9 од 14.6.2023 година донесена на 270. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 14.6.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник/ извршител во сите наставно-научни звања/ *доцент* за наставно-научната област англистика (64004) историја на книжевноста на германските народи (61212) на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- д-р Ендру Гудспид (претседател), редовен професор од наставно-научната област англистика, литературна критика и англиска и ирска литература на Факултетот за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово;
- д-р Марија Кусевска (член), редовен професор во пензија во наставно-научната област англистика (64004) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Сашка Јовановска (член), доцент за наставно-научните области 6.04 подрачје наука за јазикот (лингвистика), поле (64004) англистика и поле (64018) граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од година 16.5.2023 г. и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

1. д-р Крсте Илиев, вработен како виш лектор на Филолошкиот факултет, Катедра за англиски јазик и книжевност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, РС Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Крсте Илиев е роден на 22.7.1979 во Штутгарт, Германија. Во 2003 година завршува Англиска филологија и Француска филологија на ЈУЗУ „Неофит Рилски“- Благоевград, Р. Бугарија и се здобива со титулата професор и преведувач по англиски и француски јазик. Во 2008 година магистрира Англиска филологија на ЈУЗУ „ Неофит Рилски“. Во 2014 година се запишува на докторски студии на Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово. Од 2008/2009 година работи на Универзитет Гоце Делчев како асистент и лектор.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во виш лектор***

1. Д-р Крсте Илиев има завршено прв, втор и трет циклус на студии и се стекна со звање *доктор по филолошки науки од областа на англиски јазик и литература* со научноистрачувачко поле *наука за јазик и наука за литература* и научноистражувачка област *англистика*, кој одговара на областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *доцент* за наставно-научната област *англистика 64004* и *историја на книжевноста на германските народи* 61212 на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

1. Ги завршува студиите од прв, втор и трет циклус со просек од најмалку 8 на студиите од прв и втор циклус (Ги завршил студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (осум просечна вредност - неговиот просек на оцените од прв циклус студии е 8,03, а од втор циклус студии 9,60, просек од двата циклуси 8.8), а од трет циклус просек 9.00.

2. Има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација во областа во која се избира во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | К. Илиев | *Representation of Jealousy and Innocence in Othello, Cymbeline and the Winter`s Tale by W. Shakespeare.* | Institute of Knowledge Management Vol.45.6 стр. 1321-1326 | 14 |
| 2 | Илиев, К., Крстева, М., Костова, К., Донев, Д., Поп Зариева, Н. (2020).. | *Пренебрегнувањето на статусот и должноста на принцот Хал, неговиот грев на мрзливост, неговата реформација и неговото паѓање во гревот на гордоста* | Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 27-35. ISSN 1857-7059 | 12 |
| 3 | Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Донев, Д. (2019). | *The Origins of the Seven Deadly Sins.* | Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 49-53. ISSN 1857-7059. | 12 |
| 4 | Iliev Krste | *Falstaff`s Gluttony, Lust, avarice, sloth and pride in Henry IV part I.* | SEEU Review, 16 (2). pp. 69-79. ISSN 2021-0019 | 17 |
| 5 | Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija and Donev, Dragan | *One Recurrent Theme: Revenge in Shakespeare's Tragedies, Histories and Comedies.* | Yearbook of the Faculty of Philology, University Goce Delcev, Stip, 13 (20). pp. 45-53. ISSN 1857-7059 | 12 |

Кандидатот д-р Крсте Илиев има завршено трет циклус студии од научната област англиски јазик и книжевност, просечен просек 8.8 од додипломски и постдипломски студии и има петнаесетгодишно работно искуство во високото образование и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање доцент.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатот д-р Крсте Илиев се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатот е ангажиран на Катедрата за англиски јазик и книжевност за реализација на вежбите по следните предмети: Шекспир и англиска ренесансна драма, Англиска книжевност од почетоците до 15 век, Англиска книжевност од 16 до 18 век и Британска култура и цивилизација. Истовремено е ангажиран за изведување вежби по предметот Англиски јазик како странски јазик на нематичните факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип: Англиски јазик 2.1 на Факултет за Туризам и бизнис логистика, Англиски јазик 2.2 на Факултет за Туризам и бизнис логистика. За горенаведените предмети тој одржува вежби, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, тој ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

Д-р Крсте Илиев важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се неговите досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, објавените трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за период од последниот избор на кандидатот до денес:

1. Поп Зариева, Наталија, Илиев, Крсте (2018). *Lady Caroline Lamb and Lord Byron: Glenarvon - a Vampire or a Wandering Jew.* Филко - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција.

Овој труд се фокусира на едно не многу познато дело, создададено за време на Романтизмот во Англија, од Лејди Каролаин Ламб, романсиер од аристократско потекло. Нејзиниот роман насловен *Гленарвон*, генерално отфрлен од критичарите, но кој Гете го сметал за дело достојно за литературен углед, всушност бил голем финансиски успех, веројатно заради неговата полуавтобиографска рамка на аферата што ја имала со лордот Гордон Бајрон, кој веќе прераснал во славна личност. И покрај малото внимание што го прими овој роман, овој труд го го разгледува како готски роман кој го прикажува првиот бајронски херој надвор од опусот на Бајрон и успешно ги вклопува одликите на двата архетипски литературни лика – скитникот Евреин и вампирот. https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/152

2. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Donev, Dragan (2018). *Mary Shelley's "Frankenstein" and Byron.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11). pp. 29-34. ISSN 1857-7059

Овој труд ги разгледува различните влијанија врз младата Мери Шели во создавањето на познатиот Франкенштајн. Ликовите и карактеризацијата во романот на Шели ги одразуваат влијанијата на идеите и чувствата на неколку личности. Овие влијанија ги вклучуваат *Изгубениот рај* и *Митот за Прометеј*, за кои е познато дека младата Мери Шели Марија ги прочитала пред создавањето на Франкенштајн. Алегоричниот состав на романот овозможува да се идентификуваат сите овие влијанија. Сепак, овој труд укажува на тоа дека главниот поттик на романот лежи во влијанијата на Перси Шели и Лорд Бајрон. Личностите и поезијата на двајцата поети може да се пронајдат рефлектирани во карактеризацијата на *Франкенштајн*, но овој труд главно се фокусира на влијанието на Бајрон.

3. Донев, Драган, Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2018) *Културолошки импликации во изучувањето на деловен англиски како странски јазик и неговата културолошки импликации во изучувањето.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11) pp. 77-81. ISSN 1857-7059

Трудот ги истражува културолошките аспекти како многу чест фокус на истражувањата поврзани со меѓународната деловна комуникација. Во овој труд се обидува на кратко да даде преглед на ставовите на еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, исто така се фокусира на влијанието на културолошките аспекти поврзани со меѓународната деловна комуникација. Притоа ја анализирана улогата што културата ја има во општествените ситуации на меѓународната деловна комуникација во современиот живот. Трудот прави осврт на мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особини како важен аспект во меѓународната деловна комуникација во време на глобализацијата. Трудот става посебен акцент на употребата на англискиот јазик амбиент на меѓукултурни контакти. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/3310/2995

4. Илиев, К., Поп Зариева, Н., Донев, Д. (2018). *Some Common Traits Shared by English Renaissance Revenge Tragedies*. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, Штип, 9 (12). стр. 25-32. ISSN 1857-7059.

Овој труд го анализира потеклото на трагедиите за одмазда и влијанието на римскиот драматург Сенека на англиските ренесансни трагедии. Понатаму, тој нуди краток преглед за тоа што се сметало за одмазда во елизабетанска Англија и со какви поими елизабетанците ја поврзувале одмаздата. Покрај тоа, овој труд ги анализира карактеристиките што ги содржат англиските ренесансни трагедии. Трудот се фокусира на утврдување дали може да се зборува за некои вид на „заедничка шема" што ја користеле Томас Кид, Вилијам Шекспир и евентуално други автори кога ги создадале овие трајно релевантни примери на трагедии за одмазда. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/150

5. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). *Attitudes to Poetry in the Antiquity and to Dramatic Poetry in Renaissance England*. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, Штип, 9 (12) стр. 65-74. ISSN 1857-7059.

Овој труд нуди преглед на тоа како поезијата се перцепирала во антиката, како таа била спротивна на тогашната филозофија и на нејзиното влијание врз емоциите. Трудот ги карактеризира главните ставови кон поезијата во ренесансна Англија. Трудот ја истражува проблематичната положба на поезијата во ренесансна Англија која настанала поради нејзината некомпатибилност со христијанската црква и нејзините правила. Трудот заклучува дека една од главните причини за лошата позиција на поезија во тој период се должи на фактот што таа потенцира одредени емоции кои, според христијанството, треба да се избегнат заради нивната подмолна и несвета природа. Покрај тоа, трудот разгледува како Шекспир можеби гледал на поимот за поетот повторувајќи ја античката изрека дека поезијата е еден вид „божествена лудост". Трудот завршува со гледиштето на Вилијам Вордсворт за поезијата и неговите совети за тоа како поезијата може да биде од корист, наместо штетно, за читателите и за публиката. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/150

6. Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2019). *Дракула на Брам Стокер: Суеверие или религија?* Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 69-74. ISSN 1857-7059.

*Дракула* е роман навидум поставен на идејата за религиска посветеност на главните ликови, но овој труд е базиран на премисата дека двете спротивставени категории религија и суеверие во делото често имаат тенденција да се слеат една со друга. Тематската линија на делото сумирана во една реченица може да се претстави како алегорија во зборовите на Џон Хенри Њуман „of the warfare between the city of God and the powers of darkness". Ликовите се молат за помош на Семоќниот во нивната битка со демонските сили, се крстат и замавнуваат со крст. Критичкото мислење можеби има потреба од поголема афирмација на фактот дека ова е веројатно најрелигиски-обоениот популарен роман на своето време. Од друга страна, пак, делото изобилува со научни факти и модерни технолошки достигнувања, како што се телеграфи, диктафони и Кодак камери, што дава можност да се толкува како прокламација на религиозност среде секуларизираниот рационалистички Доцен-викторијански свет. Но, религискиот дидактизам во романот не е насочен кон недоверба на секуларната наука, туку напротив кон неговата спротивност - кон застрашувачката појава на суеверието симболично прикажано во вид на вампирска инвазија на Англија. Овој труд тврди дека христијанска религија во делото на Стокер е во заедничка битка со модерното време против атавистичките предрелигиозни влијанија – суеверието. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/187

7. Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Донев, Д. (2019). *The Origins of the Seven Deadly Sins.* Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 49-53. ISSN 1857-7059.

Концептот на седумте смртни гревови се користи во католичките исповедни практики преку употребата на прирачници за каење, но за овој концепт дискутираа и разни филозофи, како Тома Аквински и Роџер Бејкон. Покрај тоа, концептот бил толку популарен што поети како Данте Алигиери, Џефри Чосер, Џон Гауер и Кристофер Марлоу, автори како Вилијам Ленгленд и теолози, како што е Џон Виклиф, меѓу другите, исто така го користеле овој концепт, дали да ги збогатат своите дела или да го расветлат концептот од нивна перспектива. Овој труд го следи

развојот на концептот од „египетските пустини", преку хеленистичката теологија, „Патување на душата", Гностиците, преку воздушните демони и аскетиците во делата на Евагриј од Понт и Јован Касијан до стандардизацијата на концептот од папата Григориј Велики во 6 век. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/187

8. Донев Д., Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Костова, К. (2019). *Културолошки импликации во меѓународната деловна комуникација*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 19-27. ISSN 1857-7059.

Културолошките аспекти се почесто се во фокусот на истражувањата поврзани со наставата по англиски како странски јазик. Во овој труд се обидува да даде преглед на ставовите од еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, како и влијанието на културолошките аспекти во изучувањето на англискиот како странски јазик и нивното влијание во комуникацијата во меѓународниот глобализиран контекст. Притоа се анализира улогата што културата ја има во општествените ситуации на современиот живот. Авторите на трудот презентираат мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особени како важен аспект во изучувањето на англискиот како странски јазик во време на глобализацијата. Трудот, исто така, се фокусира на употребата на англискиот како лингва франка во меѓукултурни контакти. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/180

9. Костова, К., Поп Зариева, Н., Донев, Д., Илиев, К., Крстева, М. (2019). *Андроцентричниот глас на текстот во драмата на Џон Озборн Обврни се во гнев*. Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 53-58. ISSN 1857-7059.

Поимот „глас" упатува на стојалиштето на авторот, но исто така и на ставовите и случувањата кои се прикажани преку ликовите и текот на драмското дејство. Овој труд се обидува накратко да даде преглед на гласот на текстот на драмата *Обврни се во гнев* на Џон Озборн. Притоа ја анализира андроцентричната димензија на гласот на текстот, со детален опис на андроцентричноста како литературен и општествен концепт во кој машките перспективи и искуства се ставени на пиедестал, додека женските перспективи и искуства се целосно игнорирани. Трудот ги дефинира и објаснува поимите „драма покрај кујнскиот „мијалник", „гневни млади мажи" и „порноглосија", притоа презентира неколку извадоци од драмата кои ја потврдуваат андроцентричната природа на гласот на текстот. Во фокусот на трудот се начините на прикажување на секојдневието и особено на одвивањето на драмското дејство и неговата завршница во релација со гласот на текстот. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/180

10. Поп Зариева, Н., Костова, К., Донев, Д., Илиев, К. (2020). *Моќта на очите во Дракула на Брам Стокер*, Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (15) стр. 55-61. ISSN 1857-7059

Трудот ја истражува врската меѓу вампирите од народните легенди и нивните претставниици во литературата кои немаат многу заеднички карактеристики, но еден аспект од митологијата кој што бил засилен во англиската литература на дваесеттиот век била улогата на очите на вампирот. Трудот посебно се фокусира на романот *Дракула* на Брам Стокер кој се базира на оваа карактеристика во

претставувањето на очите на ликовите и воедно го вклучува и народното верување во „зло око“ со цел да ја претстави борбата на доброто против злото. Трудот го истражува уникатниот начин на сликање на сатанската сила во очите на вампирот кај Стокер, која е патем надополнета со сексуална конотација на зажарените очи на вампирите, кои сјаат од жед за згаснување на сексуална желба која воедно значи и згаснување на жед за крв, односно храна. Овој труд ги претстави и анализира различните претставување на очите во *Дракула*, и дава објаснување за нивната импликација во вампирскиот мотиф и темата на делото. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/244

11. Донев, Д., Крстева, М., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). *Улогата на квалификуваните преведувачи во глобализираниот свет во време на пандемија и инфодемија*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 51-57. ISSN 1857-7059

Овој труд го разгледува феноменот на глобализацијата од аспект на соочување со еднанова појава, појава каква немало во изминатите сто години. Станува збор за новонастанатата здравствена криза од светски рамки. Аворите разгледуваат и дискутираат за делата на автори кои во своите трудови пишуваат за две кризи што се одвиваат паралелно една на друга: едната е здравствената, а другата информациската, првата уште ја нарекуваат пандемија, а втората инфодемија. Во овој труд најпрво накратко е изнесен преглед на ставови на еминентни истражувачи од оваа областа презентирани во нивни трудови. Понатаму се анализира влијанието од овие две кризи, здравствената и информациската, во глобализираниот свет, како и улогата што преведувачот ја има во справувањето со вакви кризи. Главната поента во анализата на трудот е потребата од квалификувани преведувачи во меѓународната комуникација во време на здравствена криза од светски рамки, во трката за што побргу да се дојде до релевантни информации кога светот се наоѓа во информациска криза. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

12. Крстева, М., Донев, Д., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). *The Use of Letters in Postmodern Biofictions: The Paris Wife*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 19-25. ISSN 1857-7059

Поле на интерес на овој труд се постмодерните книжевни автори кои користат различни книжевни методи и техники како начин за создавање на различни културни и јазични контексти. Таквите техники кои Јарослав Кусник (2011) ги наведува, вклучуваат употреба на стари форми и жанрови намерно создавање на плагијат, кич, лажни или преправани цитати од познати литературни и други текстови, интертекстуалност, пастиш и сл. Трудот ја истражува посебната улога која ја има постмодерното биофиктивно пишување кое користи фактички и измислени писма во создавањето на нови значења. Трудот прави анализа како авторите вметнуваат измислени факти и ги испревртуваат вистинските со цел да создадат нови форми, стилови и жанрови. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

13. Илиев, К., Крстева, М., Костова, К., Донев, Д., Поп Зариева, Н. (2020). *Пренебрегнувањето на статусот и должноста на принцот Хал, неговиот грев на мрзливост, неговата реформација и неговото паѓање во гревот на гордоста*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 27-35. ISSN 1857-7059

Трудот тргнува од премисата дека гревовите или пороците на мрзливоста и гордоста може да се откријат релативно лесно во однесувањето на литературните ликови кои има високи функции, како што е на пример војсководец, принц или крал. Овој труд ги анализира постапките и недостигот на дејствија на принцот Хал во драмите на Шекспир „Хенри IV“ и „Хенри V“, низ призмата на карактеристиките што обично се поврзани со мрзливост и гордост како што е наведено од Исидор од Севилја и Тома Аквински. Трудот историски ја дефинира појавата „мрзливост“ од почетоците, кога мрзливоста се поврзувала со занемарување на религиозната функција, до XIV век, кога се здобила со втор синоним, имено „занемарување на обврската за статус или професија,“ како што објаснува Зигфрид Вензел (1967: 91). https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

14. Костова, К., Крстева, М., Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2020). *Драмата во Среден век како основа за означување на културниот идентитет во Англија*. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 155-161.

Во овој труд се прикажани различните драмски форми кои биле чести во среден век во Англија. Авторите ги образложуваат нивните специфики, како и разликите кои ги издвојуваат една од друга. Трудот ја дефинира позицијата на драмата како означител на културниот идентитет во Англија за време на ренесансата. Но, и средновековната драма во Англија која е прилично значајна, затоа што претставува основа за понатамошниот развој на драмата во Англија. Авторите започнуваат со анализа на средновековниот театар и неговите почетоци кои ги наоѓаат длабоко вкоренети во литургијата, са потоа да го трасираат развојот на драмите надвор од црквата, кога се издвоиле како нови форми во средновековната драма познати како миракули, мистерии, моралитети итн. https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/249

15. К. Илиев, К (2021). *Representation of Jealousy and Innocence in Othello, Cymbeline and the Winter`s Tale by W. Shakespeare*. Institute of Knowledge Management Vol.45.6 стр. 1321-1326

Во овој труд се анализира љубомората кај ликовите Отело, Постхумус и Леонтес, како и невиноста кај ликовите Дездемона, Имоген и Хермионе во драмите *Отело, Цимбелин* и *Зимска бајка* од Вилијам Шекспир. Современата психологија ги пронаоѓа причините за љубомората во ниската самопочит и депресијата. Според Роберт Брингл има два вида на љубомора, една поттикната од сомнеж и реактивна. Реактивната љубомора се јавува како резултат на јасен флерт од страна на партнерката со друг субјект. Дездемона, Имоген и Хермионе не даваат никаков повод за љубомората која се појавува кај Отело, Постхумус и Леонтес. Следователно можеме да заклучиме дека кај овие три лика се работи за љубомора поттикната од сомнеж, кој сомнеж ги доведува трите лика речиси до лудило REPRESENATION OF JEALOUSY AND INNOCENCE IN OTHELLO, CYMBELINE AND THE WINTER`S TALE BY W. SHAKESPEARE | Knowledge International Journal (ikm.mk)

16. Kostova, Kristina and Iliev, Krste and Donev, Dragan (2022) *Analyzing Image Schemas in Excerpts of some Shakespearean Plays.* Yearbook 2022, Faculty of Philology, University Goce Delcev, Stip, 13 (20). pp. 39-43. ISSN 1857-7059

Овој труд ги истражува различните начини преку кои книжевните текстови на некои драми од Вилијам Шекспир може да се интерпретираат на кохерентен начин. Можноста да се понуди врска помеѓу структурата на драмата и некои нејзини теми ќе се претстави преку употреба на метафорни шеми како корисни средства во интепретацискиот процес. Метафорните шеми ќе бидат општо опишани и посочени во некои Шекспирови драми. Главната цел е да се покаже како метафорните шеми можат да послужат како солидни извори на знаење за читателите и/или публиката на Шекспировите драми.

17. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Kostova, Kristina (2022) *From the Romantics to Stoker: Culture, Appeal and Longevity of the Myth.* Yearbook of the Faculty of Philology, University Goce Delcev, Stip, 13 (20). pp. 9-19. ISSN 1857-7059

Овој труд го истражува книжевното присуство на ликот на вампирот во делата на двајца романтичари, *Поемата на стариот морнар* од Семјуел Тејлор Колриџ и *Ѓаурот* од Лорд Гордон Бајрон преку употреба на контрастивна анализа на примената на немртвите и нивната специфична употреба во овие поеми. Понатамошниот развој на овој лик се истражува и во најрепрезентативниот роман од крајот на 19 век за вампирите - *Дракула* од Брам Стокер. Се обраќа внимание на присуството на овој лик од фолклорот и се истражуваат особините кои овие дела ги прикажуваат кај овој лик. Целта на овој труд е да ги спореди овие различни дела, фокусирајќи се на нивните различности и сличности со цел да ја разоткрие преобразбатана овој митски лик во книжевноста и филмот во 21 век.

18. Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija and Donev, Dragan (2022) *One Recurrent Theme: Revenge in Shakespeare's Tragedies, Histories and Comedies.* Yearbook of the Faculty of Philology, University Goce Delcev, Stip, 13 (20). pp. 45-53. ISSN 1857-7059

Целта на овој труд е да покаже дека не само одмаздничките трагедии *Хамлет* и *Титус Андроникус* се оформени и повлијаени од поимот одмазда, но и дека Шекспир го употребувал овој поим во најголем дел од 34 драми присутни во Првото Фолио од 1623 г., како главна тема и како драмско средство, последното пред се во комедиите. Исто така, присуството на одмаздата во неговите драми покажува дека Шекспир ја следи изреката „Секоја уметност е имитација на природата" и духот на времето во кое живеел, посебно во однос на јужните Европјани и одмаздата. Освен Шекспир, други писатели кои ја запознале публиката со овој поим преку нивните драми биле Томас Кид и неговата „Шпанска трагедија" (1592), Марстон и неговата „Одмаздата на Антонио" (1600) и Мидлтоновата „Одмазничка трагедија" (1606). Друга цел на овој труд е да утврди колку штетна одмаздата може да биде за ликовите кои ја практикуваат.

19. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste (2022) *Coleridge: The World and the Moral of the Rime of the Ancient Mariner.* Yearbook of the Faculty of Philology, University Goce Delcev, Stip, 13 (19). pp. 69-78. ISSN 1857-7059

Целта на овој труд е да ја анализира *Поемата на стариот морнар* од Семјуел Тејлор Колриџ од две перспективи: амбивалентниот свет којшто Колриџ го претставува преку морското патување и нејасната поука или недостиг на поука во поемата. На прв поглед, има јасни христијански конотации и скриен религиозен симболизам коишто нудат христијански поглед според којшто текот грев-покајание-спасение се водечката сила во светогледот на поемата. Иако овие теми се присутни во поемата, подлабоко гледано тие се предизвикани од свет којшто е

раководен од случајни зли сили, коишто доаѓаат неочекувано, и казната често е поголема од гревот. Иста така се анализира темата на силата на индивидуализмот со којшто Колриџ го опишува главниот лик на поемата како и можноста да се гледа на поемата како претставување на страдањето на опседнатиот со болка преживеан.

20. Krsteva, Marija and Donev, Dragan and Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste (2022) *Hemingway in "Hemingway's Girl".* Conference proceedings, Sixth International Scientific Conference "Filko" 6 2021 - Philology, Culture and Education. (In Press).

Како хибриден жанр, биофикциите нудат широк спектар на интерпретации. Ова се должи пред се на фактот што тие припаѓаат како на книжевната, така и на историската наука, фиктивната и фактичката. Како такви, биофикциите манифестираат специфична жанровска слобода од која произлегуваат специфични значења. Еден таков пример е оформувањето на ликот на Ернест Хемингвеј во *Девојчето на Хенингвеј* од Ерика Робук. Овој труд ја истражува играта на жанрови во наративот и го претставува приказот на вистинската личност на Ернест Хемингвеј во полуфиктивна средина. Повеќе варијанти на значења и проникливост се создадени како резултат на играта на текстовите и изградбата на нов наратив за личноста на авторот и неговите животни случки.

21. Iliev, Krste (2021) *Falstaff`s Gluttony, Lust, Avarice, Sloth and Pride in Henry IV Part I.* SEEU Review, 16 (2). pp. 69-79. ISSN 2021-0019

Целта на овој труд е да се анализира Шекспировиот лик Фалстаф преку призмата на седумте смртни гревови. Овој труд не тврди дека ги истражува сите гревови приступни кај Фалстаф, туку се задржува на следните гревови присутни кај Фалстаф: лакомост, сладострасност, алчност, мрзеливост и гордост. Присуството на толку гревови кои се повразани во еден лик е познато како поврзаност на гревовите. Како што Бернард Спивак (1958) и Дејвид Вајлс (1987) имаат истакнато, од повеќе аспекти Фалстаф има функција слична на „Vice" личноста од моралитетите искушувајќи го Принцот Хал. Поради фактот што во моралитетите „Vice" ликот произлегува и е поврзан главно со седумте смртни гревови, овој труд ќе се обиде да покаже дека поради фактот што Фалстаф поседува толку многу од седумте смртни гревови, постои веројатност ликот на Фалстаф да произлегува од „Vice" ликот присутен во моралитетите. Трудот се обидува да ги детектира овие гревови преку анализа на дејствата и не/делувањето на Фалстаф, како и преку пронаоѓање на гревовите во однесувањето на Фалстаф.Овој труд исто така ја анализира судбата на Фалстаф и утврдува дали има некаква сличност помеѓу судбината на „Vice" ликот од моралитетите и судбината на Фалстаф во драмата Хенри IV прв дел.

22. Донев Д, Поп Зариева Н., Костова К., Илиев К. *Дигиталните номади како културолошки феномен во современото општество.* Шеста меѓународна научна конференција ФИЛКО, стр.185-89.

Овој труд се занимава со анализа на културолошкиот феномен на дигитални номади во современото општество. Во последно време дигиталното номадство е зачестена појава. Тоа е културолошки варијација која е мотивирана од брзиот развој на телекомуникациските услуги и поттикната од брзите технолошки, но и социолошки промени на глобално ниво. Феноменот е релативно нов и во својата основа подразбира дека се напуштаат традиционалните приврзаности кон

работно место и домот како институции кои треба да имаат фиксна локација. Ваквиот тренд е поизразен кај помлдата популација чиишто претставници обично потенцираат дека имаат желба да патуваат, често да го менуваат своето место на живеење додека ги извршуваат работни обрвски, а со фамилијата имаат можност да ги истражуваат светските дестинации. По дефинирање на поимот и претставување на неговите особености, во продолжение ќе ги изложиме главните причини кои се повод за поединци да се одлучат на дигитално номадство како начин на живот. Исто така ќе ги разгледаме и проблемите и предизвиците за кои приврзаниците на овој феномен наведуваат дека постојат и кон кои тие треба да се приспособат или навикнат за да го живеат својот живот на дигитални номади и да функционираат оптимално.

23. Iliev K., Pop Zarieva N., Krsteva M, Donev D. The Notion of Banishment in Shakespeare`s Plays. Conference proceedings, Sixth International Scientific Conference "Filko" 6 2021 - Philology, Culture and Education.pp.39-44.

Целта на овој труд е истражување на целта на концептот „прогонство", неговата улога и исход во Шекспировите драма. Иако Шекспир го користел овој поим во 14 од 38. драми, овој труд се фокусира само на драмите коишто содржат таканаречено прогонство со закон, кое е присутно во дванаесет драми. Поимот прогонство може да се засведочи во историјата до античка Атина. Исто така, било пракса да се прогонуваат граѓани, дури цели региони во Римското Царство. Во Англија прогонувањето било употребувано од Елизбета I и нејзиниот наследник Џејмс I. Меѓу другите, Елизабета ги прогонила Еѓипјаните, Језуитите, просјаците, црнците и бутовниците. Џејмс I ги прогонил дисидентите од Лондон. Со оглед на фактот дека Шекспир живеел во овој период, веројатно бил запознаен со оваа пракса. Кај Шекспир, прогонството има драмска улога, затоа што го употребувал за да истражува политички, психолошки и социјални аспект на инволвираните ликови и општества. Исходот од прогонството обично е смрт или самореализација, а во некои случаи е оставен нерешен. Во неколку драми прогонството е проследено со чин на одмазда.

24. Kukubajska, Marija Emilija and Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija (2015) *Англиска литература 2: 16-18 век.* ISBN 978-608-244-274-7.

Скриптата претставува оригинален наставен материјал за спроведување на настава спрема теми и проблеми во огромниот опус на англиската литература во периодот од 16 до 18 век. При изработка на скриптата „Англиска литература 2: 16-18 век", авторите ги имале предвид следните цели за студентите: суштински да го совладаат предаваниот материјал преку анализа на делата со споредбен метод, во контекст на општествен, историски, културолошки, филозофски, економски и уметнички дисциплини од филозофија, историја, социо-култура и уметност. Материјалот во скриптата ќе им помогне на студентите да ги проучуваат сложените книжевни и културни теми и проблеми на ренесансната поезија, проза и драма низ авторите Филип Сидни, Едмунд Спенсер, Кристофер Марло, Вилијам Шекспир, Бен Џонсон и Метафизичарите, Франсис Бејкон и Томас Мор; литературата во периодот на реставрацијата и Џон Милтон, како и литературата од 18 век преку делата на Александар Поуп, Даниел Дефо и Џонатан Свифт.

25. Kukubajska, Marija, and Iliev, Krste, and Pop Zarieva, Natalija and Krsteva, Marija. (2014). *History of British and American Culture and Civilization*. ISBN 978-608-244-059-0

Скриптата дава преглед на историјата и културата на Англија и Америка од раните почетоци до модерно време. Го опфаќа сите наставни единици од предметот Британска и американска култура и цивилизација, притоа задржувајќи се на најважните моменти за историјата и културата. Скриптата дефинира значајни поими, но и дава поим на најзначајните моменти од историјата. Тоа го постигнува преку разни видови прашања со кои поттикнува критичко размислување кај студентите како прашања за размислување и понатамошно истражување. Скриптата претставува едно сеопфатно и многу корисно помагало за учење кое дава јасна слика на материјалот по дадениот предмет.

26. Goodspeed, Andrew, and Pop Zarieva, Natalija, and Iliev, Krste. (2020). Практикум по Британска литература 3 (19 век). ISBN: 978-608-244-785-8

Целта на практикумот е подетална разработка и примена на содржините од наставниот материјал по предметот Британска книжевност 3 (19 век). Ракописот содржи прашања и вежби од различни видови: прашања со повеќе избори со цел да се препознае одреден книжевен поим, појава, мотив, тема или карактеристика на дадениот книжевен текст; прашања точно-грешно, со цел да се дефинира или употреби некој литературен концепт; прашања со краток есејски одговор кои поттикнуваат размислување од повисоки нивоа како анализа, синтеза и евалуација со цел да се развие способноста за критичко размислување и книжевна анализа. Ракописот е поделен на два дела во согласност со распределбата на материјалот и периодот кој го покрива: Прв дел – Период на романтизам и Втор дел – Викторијански период. Практикумот става акцент на идентификување на најважните карактеристики на овој избор на поезија и проза од периодот на романтизмот и викторијанскиот период. Воедно прашањата насочуваат кон размислување во однос на карактеристиките на времето како што се суеверие наспроти религија, религија наспроти рационализам, разум наспроти чувства, рурална средина наспроти брза урбанизација, природа наспроти индустријализација, како и влијанието на научните достигнувања на живеењето и нивната рефлексија во книжевноста.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатот Крсте Илиев во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Покрај објавените стручни трудови, кандидатот има учествувано со усна презентација на неколку меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, семинари, обуки и организирала дисеминации на обуки во улога на обучувач.

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатот м-р Крсте Илиев активно учествуваше во низа стручно-апликативни и организациски активности на Филолошкиот факултет. Од нив ги издвоивме следниве:

27. Учество во проект: Kusevska, Marija and Ivanovska, Biljana and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Donev, Dragan and Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Tasevska, Marica (2018) Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката.

Покрај објавените стручни трудови, кандидатот има учествувано со усна презентација на неколку меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, семинари и обуки:

28. 19–20.09.2019, Тетово. Меѓународна научна мултилингвална конференција "Multilingialism as a Challenge of Linguistic, Literary and Cultural Communication. Организатори на конференцијата: Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово. Презентиран труд *The Rime of the Ancient Mariner: A Romantic Text and Beyond*.

29. 18-19 октомври 2021, Шеста меѓународна конференција Филко со труд *Дигиталните номади како културолошки феномен во современото општество.*

30. Студиски престој во American University во Благоевград, Бугарија.

Кандидатот бил член во тела, комисии и институти на Филолошки факултет.

31. Учество во комисии за спроведување на завршни испити на Филолошкиот факултет.

32. Учество во комисии за спроведување на комисиски испити на Филолошкиот факултет.

33. Членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД.

34. Учество во комисија за промоција на Филолошки факултет.

35. Учество во комисија за одбрана на дипломски трудови:

Ивана Вареловска – 1903-69/1

Надица Алексова – 1903-78/1

Марија Пржитоска-Мартиноска – 1903-98/1

Моника Антова – 1903-140/1

Мариче Иванова-1903-147/1

Софија Анѓелеска – 1903-155/01

Петранка Т. Костадинова – 1903-155/1

Марјан Ќиров – 1903-126/1

Ненад Виранов – 1903-134/1

Александар Анѓелов- 1903-169/1

Кристијан Јорданов – 190348/1

Марија Трајковска Чоневска – 1903-105/1

Славче Здравковиќ – 1903-114/1

Дејана Санданска – 1903-132/1

Милана Калајџиева – 1903-133/1

Надица Александрова – 1903-143/1

Александра Симионова – 1903-142/1

Ана Марија Димкина – 1903-156/1

Елизабета Ристова – 1903-186/1

Кристина Јанкова – 1903-186/1

Александра Стамболиска -1903-181/1

Боре Христов – 1903-39/1

Александра Ѓаковиќ – 1903 -116/1.

36. Учество во Организациски одбор на Филко - Трета меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 2018 год., Филолошки факултет, УГД, Штип.

37. Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2018 г.

38. Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2019 г.

39. Член на Институт за јазици на Филолошки факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на наведените факти во деталниот Извештај произлезени од доставената целосна и соодветна документација на пријавениот кандидат д-р Крсте Илиев и земајќи ја предвид целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Крсте Илиев поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски и со своите наставни, научни, стручни и професионални квалитети ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, како и Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за да биде избран во звање доцент.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и да го избере кандидатот д-р Крсте Илиев во наставно-научното звање *доцент* за наставно-научната област *англистика 64004* и *историја на книжевноста на германските народи 61212* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Ендру Гудспид, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Марија Кусевска, редовен професор во пензија, член, с.р.

Д-р Сашка Јовановска, доцент, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 15 |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 2 | Дел од монографија или научна книга<br>Ред.бр. 24, 25 и 26 | 3x6=18 | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>Ред.бр. 2,3,4,5,6,7,8,9,10, 11, 12, 13, 16, 17, 18 и 19 | 6x9=54<br>7x6=42<br>4x3=12<br>Вкупно: 108 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Ред.бр.1,14,20, 21, 22 и 23 | 3x2=6<br>3x1=3<br>Вкупно: 9 | |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>Ред.бр.28 и 29 | 2x1,5=3 | |
| 10 | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 11 | Одбранета магистерска работа | | 4 |
| 22 | Студиски престој во странство, ред.бр.30 | 8 | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 13 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>Ред.бр.27 | 5 | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија<br>Ред.бр.31, 32, 33, 34, 35, 36, 37 и 38 | 16 | |
| 29 | Член на институтски орган, комисија<br>Ред.бр.39 | 2 | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | 206 | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МАКЕДОНИСТИКА И НАРОДНА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-136/7 од 14.6.2023 година донесена на 270. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 14.6.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области *македонистика и народна книжевност* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ**, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - претседател;
- **д-р Ермис Лафазановски**, научен советник/редовен професор на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - член;
- **д-р Зоранчо Малинов,** научен советник/редовен професор на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 16.5.2023 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **д-р Ана Витанова-Рингачева**, доцент на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената комплетна документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката доц. д-р Ана Витанова-Рингачева е родена на 2.11.1981 година во Струмица. Основно и средно образование стекнува во родниот град. Во учебната 2000/2001 година се запишува како редовен студент на Катедрата по македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, во 2004 година дипломира со среден просек 9.09, како најдобар студент во групата. Во 2005 година се запишува на постдипломски студии на групата Македонска книжевност, успешно ги положува сите предвидени испити со просек 9.91, а во 2011 година го одбранува својот магистерски труд под наслов „*Методички постапки за наставна интерпретација на поетски текст во наставата по литература”* под менторство на проф. д-р Виолета Димова, со што се стекнува со звање **магистер на филолошки науки**.

На 8.2.2012 г. Наставно-научниот совет при УКИМ ја одобрува темата за докторска дисертација под наслов *„Шаманизмот како `културен остаток` во македонската народна традиција“* под менторство на проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ. На 23.2.2017 година, Ана Витанова-Рингачева ја одбранува докторската дисертација на тема *„Шаманизмот како `културен остаток` во македонската народна традиција“* и се стекнува со највисокото звање ***доктор по филолошки науки.***

Д-р Ана Витанова-Рингачева од декември 2018 година е во редовен работен однос како доцент на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот од студиска 2018/2019 до студиска 2022/2023 година, д-р Ана Витанова-Рингачева извршува наставни активности како доцент по следните предмети на прв циклус студии на Филолошки факултет во Штип, СП Македонски јазик и книжевност: *Македонска народна книжевност, Мит и фолклор, Методика на наставата по македонски јазик 1, Методика на наставата по книжевност 2, Методика на наставата по македонски јазик 3, Методика на наставата по книжевност 4* **(задолжителни).**

Учествува во реализација на наставата на втор циклус студии на СП Македонска филологија на Филолошкиот факултет, каде што реализира предавања по следниве предмети: *Од фолклорот до новата македонска книжевност* **(задолжителен предмет);** *Антропологија на фолклорот (социо-антрополошки истражувања)* и *Теории за првобитните религиозни искуства* (**изборни предмети**).

***1. Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

**1.1. Научен степен доктор на науки од соодветната научна област:**

На 8.2.2012 г. Наставно-научниот совет при УКИМ ја одобрува темата за докторска дисертација под наслов *„Шаманизмот како `културен остаток` во македонската народна традиција“* под менторство на проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ. На 23.2.2017 година Ана Витанова-Рингачева ја одбранува докторската дисертација на тема *„Шаманизмот како `културен остаток` во македонската народна традиција“* и се стекнува со највисокото звање ***доктор по филолошки науки.***

**1.2. Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус:** Просечниот успех на Ана Витанова-Рингачева од прв циклус на студии е 9,09, а просечниот успех од втор циклус на студии е 9,91;

**1.3. Претходен избор во звање:** Кандидатката д-р Ана Витанова-Рингачева во 2018 година е избрана во наставно-научно звање *доцент* за наставно-научните области *македонистика* и *народна книжевност* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 1902-214/3 од 3.12.2018 г. донесена на 184. седница на ННС на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип).

**1.4. Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор:**

| ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
| 1. | Витанова-Рингачева, Ана | *Сказната низ призма на симболичкиот јазик и нејзината рецепција во современ контекст* [оригинален] научен труд | Македонски фолклор 82, 2022, 9-30 УДК 82-343:159.922.7 https://doi.org/10.55302/MF2282009vr | трудот е објавен во 2022 г. |
| 2. | Витанова-Рингачева, Ана | *„Смртта како кума“ - архаичен мотив во една волшебна приказна од книгата „Араптази“ на Иван Котев* | Македонски фолклор. Година LIII, Број 81, ISSN 2671-3993 121-138 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 3. | Koceva Vesna, Kuzmanovska, Dragana, Kirova Snezana, *Vitanova-Ringaceva Ana* | *Analysis of Grammar Vocabulary in Foreign Language Textbooks: Italian, German, English, and Macedonian* | INTED 2022 Conference Proceedings,<br>16th International Technology, Education and Development Conference,<br>pp. 5297-5305. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 4. | *Vitanova-Ringaceva, Ana* and Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana | *Phraseologisms and their function in the building of the motive "innocently prosecuted heroines" in the Grimm brothers' fairy tales* | Knowledge – International Journal, 54.5 (5). pp. 779-785.<br>ISSN 2545-4439 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 5. | Kuzmanovska Dragana, Koceva Vesna, *Vitanova-Ringaceva Ana,* Kirova Snezana, Ivanova Biljana, Koteva Ivana, Todorova Marija | *Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings* | EDULEARN22 Proceedings<br>14th International Conference on Education and New Learning Technologies<br>pp. 5345-5349. ISSN 2340-1117 | од 2009 г.<br><br>трудот е објавен во 2022 г. |
| 6. | Kuzmanovska Dragana, Koceva Vesna, Kirova Snezana, *Vitanova-Ringaceva Ana,* Ivanova Biljana | *Using Fairy Tales for Enriching the Vocabulary of Foreign Languages* | INTED 2022 Conference Proceedings,<br>16th International Technology, Education and Development Conference<br>pp. 5261-5266. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2022 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Витанова-Рингачева, Ана и Мицева, Сузана | *Јуруците-македонските Амиши* | Зборник на трудови од меѓународната конференција ФИЛКО 2021. ISSN 978-608-244-871-8, 117-122 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 8. | Витанова-Рингачева, Ана | Балканските војни и Првата светска војна како мотиви во народните песни од Струмица и Струмичко (Кон книгата „Грозен бој се почна горе на Балкано" 2021. | Палимпсест, 6 (11). ISSN 2545-3998, 2021, 171-182 | трудот е објавен во 2021 г. |
| 9. | Витанова-Рингачева, Ана | *ДВЕ ГОДИШНИНИ – ДВА СТОЖЕРНИ ВЕКА (Кон двата големи македонски јубилеи – 95 години од смртта на Крсте Петков Мисирков и 100 години од раѓањето на Блаже Конески)* | Палимпсест бр.12, 2021. ISSN 2545-3998, 107-116 | Трудот е објавен 2021 |
| 10. | Kuzmanovska Dragana, Koceva Vesna, Vitanova-Ringaceva Ana, Kirova Snezana, Ulanska Tatjana, Ivanova Biljana | *Phraseological units -"A thorn in the side" or "Icing on the cake" for language learners?* | EDULEARN21 Proceedings 13th International conference on education and new learning technologies. pp.11111-11115. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2021 г. |
| 11. | Самарџиева, Бојана и Витанова-Рингачева, Ана | *Верувањата во болести и обредната практика за нивно лекување во Тиквешкиот Регион* | Годишен зборник, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип. ISSN 1857-7059, 2021, 143-153 | трудот е објавен во 2021 г. |
| 12. | Витанова-Рингачева, Ана | *Собирачите на македонското народно творештво од Цепенков до денес (на 100-годишнината од смртта на Марко Цепенков)* | ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, Штип, 2020, 27-32 ISSN 978-608-244-698-1 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 13. | Витанова-Рингачева, Ана | *На брегот, живот!* | Македоника год. X, бр. 23-24, јули 2020, стр. 130-138 ISSN 18577539 | Трудот е објавен во 2020 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Витанова-Рингачева, Ана | *„Не треба шум да се крева, туку темелно да се гради!“* | Македоника год. X, бр. 23-24, 2020, стр. 117-123 ISSN 1857-7539 | Трудот е објавен во 2020 г. |
| 15. | Витанова-Рингачева, Ана | *Семантичкиот поттекст на локалната сказна во соодносот со универзалниот модел на сказновидната матрица* | Македонски фолклор 77-78, 2020, стр.225-364<br>ISSN 0542-2108 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 16. | Витанова-Рингачева, Ана | *Русалиите – споделена вредност во културната меморија на Македонците и на Власите (врз примери на русалиската традиција во Гевегелиско-валандовскиот Регион)* | Македонски фолклор 76, (76). 2019, pp. 144-152.<br>ISSN 0542-2108 | трудот е објавен во 2019 г. |
| 17. | Витанова-Рингачева, Ана | *Шапкаревиот запис за русалиите – вовед во истражувањата за шаманистичките остатоци во македонската традиција* | Македоника, година IX, бр. 22,октомври 2019<br>ISSN 18577539, 30-42 | Трудот е објавен во 2019 г. |
| 18. | Витанова-Рингачева, Ана | *Реликти на шаманизмот како нишка на поврзување во македонската и руската традиција* | Зборниик на трудови ФИЛКО 4, 35-41 ISSN 978-608-244-698-1 | трудот е објавен во 2019 г. |
| 19. | Витанова-Рингачева, Ана | Шаманистички реликти во русалискиот обреден комплекс. *(Паралели на релација шаманизам – русалиски игри од источниот дел на Балканскиот Полуостров*) | Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-7059, 37-47 | Трудот е објавен во 2019 г. |

**1.5. Објавена рецензирана скрипта и објавен рецензиран практикум од соодветната научна областа за која се избира кандидатот:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Витанова-Рингачева, Ана. | *Практикум по Македонска народна книжевност* | Универзитет „Гоце Делчев“ Штип ISBN 978-608-244-939-5 | 2022 |
| 2. | Витанова-Рингачева, Ана. | *Скрипта по Македонска народна книжевност* | Универзитет „Гоце Делчев“ Штип ISBN 978-608-244-952-4 | 2023 |

***2. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

**2.1. Наставно-образовна дејност**: Кандидатката доц. д-р Ана Витанова-Рингачева има богато работно искуство во наставно-образовната дејност. Во периодот од 2007 до 2018 г. работи како професор по Македонски јазик и книжевност во основно и средно образование. Врз основа на јавен конкурс, од декември 2018 година е избрана за *доцент* и е во редовен работен однос на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на Катедрата за македонски јазик и книжевност. Избрана е во наставно-научните области *македонистика и народна книжевност* (Одлука бр. 1902-214/3 од 3.12.2018 г.).

Во периодот од студиска 2018/2019 година до студиска 2022/2023 година, Ана Витанова-Рингачева извршува наставни активности како доцент по следните предмети на **прв циклус студии** на Филолошки факултет во Штип, СП Македонски јазик и книжевност: *1.Македонска народна книжевност, 2.Мит и фолклор, 3.Методиката на наставата по македонски јазик 1, 4.Методика на наставата по книжевност 2, 5. Методика на наставата по македонски јазик 3, 6. Методика на наставата по книжевност* 4 **(задолжителни).**

Кандидатката учествува во реализација на наставата на **втор циклус студии** на СП Македонска филологија на Филолошкиот факултет, каде што реализира предавања по следниве предмети: 1.*Од фолклорот до новата македонска книжевност* **(задолжителен предмет);** 2. *Антропологија на фолклорот (социо-антрополошки истражувања), 3.Теории за првобитните религиозни искуства* (**изборни предмети).**

За потребите на наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип, во периодот од 2018 г. до 2023 г., доц. д-р Ана Витанова-Рингачева на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има објавено: рецензирана *Скрипта по македонска народна книжевност* и рецензиран *Парактикум по македонска народна книжевност.*

Кандидатката д-р Ана Витанова-Рингачева е ментор за изработка на дипломски трудови на студенти на СП Македонски јазик и книжевност, како и ментор на магистерскиот труд со наслов „*Народните верувања во болести и обредната практика за нивно лекување во Тиквешкиот Регион (фолклористичко-етнографски интерпретации)*“ на кандидатката Бојана Самарџиева. Исто така,

е член на бројни комисии за одбрана на дипломски трудови и претседател на комисија за одбрана на еден магистерски трудот со наслов „*Флоралните симболи во творештвото за деца на Видое Подгорец*“ на кандидатката Катерина Лазарова.

**2.2 Научноистражувачка дејност (оценка на научните, стручните и други остварувања на кандидатот што се релевантни за утврдување на условите за избор во звање вонреден професор):** Кандидатката д-р Ана Витанова-Рингачева дава значаен придонес во истражувањата и дискусиите во области *македонистика* и *народна книжевност* како автор и коавтор на голем број трудови објавени во меѓународни списанија и зборници, коишто ги наведуваме во продолжение со кратка евалуација за секој труд одделно.

I. **Научна книга (монографија)**

1. **Витанова-Рингачева, Ана. (2019).** *Шаманизмот во македонската народна традиција. Македоника литера, Скопје*

**Евалуација на трудот:** Книгата на д-р Ана Витанова-Рингачева претставува импозантна научноистражувачка расправа за шаманизмот согледан како своевиден „културен остаток“ од првобитните култури, којшто опстојува во народната култура на современите народи. Во својата богата теоретска и апликативно-аналитичка студија, д-р Ана Витанова-Рингачева докажува дека шаманизмот не е историски надминат ниту во цивилизирани околности: иако генерално им се припишува на пониските стадиуми од еволутивниот развој, оваа древна мистична практика преживеала и во цивилизираните општества, каде што персистира паралелно со поразвиените религиски облици. Анализата на актуелната теренска етнографска и фолклористичка граѓа во целост ја потврдува тезата дека реликти од шаманизмот се препознаваат во многу слоеви од македонскиот обреден и приказничен фолклор. Врз основа на извршеното истражување и дешифрирање на шаманистичките елементи во наши локални рамки, д-р Витанова-Рингачева со право заклучува дека се работи за универзален обреден комплекс, вграден во човековото духовно искуство насекаде низ светот, па и на нашата почва. Во таа смисла, авторката потенцира дека, иако религиозните убедувања на нашите предци доживеале многу трансформации низ времето (зависно од општествено-историските, културните, економските и социјалните услови, или како резултат на бројните „културни симбиози“ меѓу протоисториските и историските популации), очигледно е дека одредени религиски концепти преживеале непроменети до нашата современост. Тоа важи и за шаманизмот кој иако не успеал да се издигне на ниво на религија, сепак се наоѓа во основата на сите доминантни религии, а шаманистичките практики се препознаваат во сите култури и на сите цивилизациски степени до кои успеал да се издигне човекот. Како систем од екстатични и терапевтски методи, чија цел е да се воспостави контакт со паралелниот и невидлив свет на духовите, шаманизмот е присутен во религиите на сите континенти, а ова истражување убедливо докажа дека шаманистичкото искуство е вградено и во духовното искуство на нашите предци.

2. **Витанова-Рингачева, Ана (2020).** *Премостени соништа (огледи, студии, осврти), Силсонс, Скопје*

**Евалуација на трудот:** Книгата *Премостени соништа* ја составуваат дваесет и девет огледи, студии и осврти кон дела и автори од современата македонска книжевност. Текстовите се распределени во пет тематски циклуси со творечка тенденција да се покажат остварените соништа низ системна и долгорочна стратегија што едно десетолетие ги исполнувала и осмислувала работните денови во седмицата/неделата. Премостувањето од соништата до освојувањето на конкретните резултати/текстови, се своевиден летопис за постојаниот и динамичен развиток на авторката кои ги аргументираат нејзините подрачја на истражување, системот на проследување и вреднување на книжевното дело и поетиката како автохтон, препознатлив знак за идентификација на авторката. Станува збор за проект во кој однапред биле испланирани сите димензии на делото, биле одредени намерите и целите за одбраните теми и мотиви, етичките и естетските елементи обединети во личноста и делото на еден автор со златното правило оти тие се една неделива целина. Во првиот циклус поместени се четири текста од кои три се за Конески. Со неговите намери за строга, едноставна и убава песна и за мајчиниот македонски јазик што треба да се сака и чува како наша единствена татковина, Ана Витанова-Рингачева неуморно трага по правилата и средствата за толкување на делото. Таа ги обединува мудроста, дарбата и искуството на безимениот народен гениј од една и на Конески за возвишената убавина на едноставноста како можно совршенство, од друга страна. Во циклусите кои следат, таа со мера на домашно воспитување, со почит кон вложениот труд, чесно и достоинствено пишува за своите роднокрајни/струмички писатели. И пак во петтиот/завршен циклус со своите збор, став и родољубие пишува за уметноста во *време на суша* за изложбата на четворицата струмички уметници прави обид за толкување на нивните сликарски дела.

**II. Трудови објавени во меѓународни научни списанија и во зборници од меѓународни научни конференции**

**3. Витанова-Рингачева, Ана** (2022). *Сказната низ призма на симболичкиот јазик и нејзината рецепција во современ контекст* [оригинален] научен труд, Македонски фолклор 82, УДК 82-343:159.922.7 https://doi.org/10.55302/MF2282009vr, 9-30

**Евалуација на трудот:** Современиот пристап кон сказната, наметнат од недоволно упатените, доведе до потребата да се размислува за нејзина прохибиција и ревидирање на сказновидната нарација, во согласност со потребите на современите читатели - деца и родителите. Дискусиите поттикнати од реакцијата на родителите дека децата читаат морбидни четива полни со насилство, страв и аморални сцени, ја наметна потребата од актуализација на психоаналитичкиот пристап. Фројд и неговите следбеници, сказните ги читаат како слика на потиснатите инфантилни и инцестуозни желби, а Јунг, пак, препознава ризница на архетипски слики, што доаѓаат од колективното несвесно – психичкиот слој што е заеднички за сите луѓе. Сказната претставува синтеза на сето искуство што го поминал човекот од неговиот архаичен предок, до денес. Сказната како симбол во себе содржи многу напластени слоеви: историски, религиски, магиски, психолошки, социјални, културни и сл. Сите тие постојано се поместувале, се комбинирале, доминирале еден над друг, се прилагодувале и се менувале. Сказната го допира философското и

психолошкото разбирање на светот што го опкружува детето и младиот човек. Таа индиректно го претставува периодот на растење и созревање на детето (неговата потрага по индивидуалноста), притоа говорејќи за односите во семејството (мајка, татко, браќа, сестри), како и конфликтите што произлегуваат од тие односи. Трудот прави евалуација на прашањата: Дали сказната е „безбедна“ и „безопасна“ литература што му се нуди на детето, а тоа, пак, ја прифаќа безусловно?! Каков треба да биде нејзиниот третман од страна на науката и колкава е оправданоста на тврдењата дека е неопходно ревидирање?!

4. **Витанова-Рингачева, Ана** *(2022)„Смртта како кума“ - архаичен мотив во една волшебна приказна од книгата „Араптази“ на Иван Котев.* Македонски фолклор. Година LIII, Број 81, ISSN 2671-3993 121-138 https://doi.org/10.55302/MF2281121vr

**Евалуација на трудот:** Архаичните родовски традиции нашле свое место во фолклорот и по сите поминати фази на модификации останале нивни реликти. Анализирајќи ги фазите на развој на сродничките врски, доаѓаме до најраспространетиот феномен кумство/побратимство, релација што има свој заеднички култен образец во народната традиција.Кумството претставува институција во која две единки или групи влегуваат во содејство заради исполнување на одредени обредно-ритуални практики, а неговите зачетоци се лоцираат длабоко во древноста. Истражувањата покажуваат дека терминот *кум*е широко распространет во традицијата на јужнословенските народи и претставува институција позната уште во претхристијанско време. Во традицијата на јужнослоенските народи сè уште стои жива сликата за кумот како лик, кој ги заслужува најголемите почести и длабока почит. За кумството како сродничка врска меѓу две индивидуи важи релацијата подреден – надреден.Во извонредно богатата собирачка актива на современиот македонски фолклорист Иван Котев, стои запишана волшебна приказна со наслов „Момчето шо служило двајсе и пет гудини вујник“. Покрај многуте мотиви што ги содржи приказната, мотивот „смртта како кума“ посебно го привлече нашето внимание. Во трудот ќе направиме подробна опсервација на мотивот како архаичен реликт што се видоизменувал низ времето за, на крајот, да се приспособи на христијанската традиција и како таков останува во фолклорот.

5. Koceva, Vesna and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and **Vitanova-Ringaceva, Ana** (2022). *Analysis of Grammar Vocabulary in Foreign Language Textbooks: Italian, German, English, and Macedonian.* INTED 2022 Conference Proceedings,16th International Technology, Education and Development Conference, pp. 5297-5305. ISSN 2340-1079.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се анализира металингвистичката терминологија во учебниците по странски јазици, односно во учебниците по италијански, германски, англиски и македонски јазик како странски јазик наменети за ученици на почетно ниво А1.1. Анализата ја опфаќа поставеноста на граматичките термини и изрази, стратегите што се употребуваат за да се објасни нивното значење, како и прашањата што се однесуваат на проблемите коишто може да се појават при совладувањето на значењето на граматичките поими. Анализата вклучува елаборација на граматичките термини, но и лексиката којашто добива граматичка вредност во метајазичен контекст (на пр.: правилен, неправилен, итн.),

како и термини што се користат при објаснување на граматичките правила (на пр.: реченица, збор, слог и сл.). Авторките индивидуачно работат на анализата, во зависност од странскиот јазик за кој се наменети учебниците, а потоа се применува методот на споредување на застапеноста на металингвистичката терминологија.

6. ***Vitanova-Ringaceva, Ana*** and Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana (2022). *Phraseologisms and their function in the building of the motive "innocently prosecuted heroines" in the Grimm brothers' fairy tales.* Knowledge – International Journal, 54.5 (5). pp. 779-785. ISSN 2545-4439.

**Евалуација на трудот:** Овој труд има за цел да ги детектира компаративните фразеологизми што се употребени во функција на опис на ликовите на двете хероини, со слична структура на лик. Изворниот корпус на лингвистичкиот материјал за овој труд се сказните на Браќата Грим, во оригинал на германски и во превод на англиски, италијански и македонски јазик. Во овој труд фокусот е врз двете хероини во сказните „Снежана" и „Пепелашка" кои имаат заеднички статус на „невино прогонети хероини". Целта на овој научно-истражувачки труд е да ги претстави сличностите и разликите во фразеолошките состави што се употребени во ист контекст, а во сосема различни јазични системи: македонскиот, германскиот, англискиот и италијанскиот. Трудот ги спојува знаењата од областа на фолклорот и од областа на јазикот, во корелација со наставниот процес, низ кој студентите ги стекнуваат неопходните знаења од двете полиња на интерес.

7. Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and **Vitanova-Ringaceva, Ana** and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Koteva, Ivana and Todorova, Marija (2022). *Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings.* EDULEARN22 Proceedings 14th International Conference on Education and New Learning Technologies, pp. 5345-5349. ISSN 2340-1117.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дава преглед на улогата на жената во општеството преку анализа на поголем корпус на поговорки и изреки со компонентата „жена" на македонски, германски, англиски, италијански, шпански и турски јазик. Се прикажуваат резултати од истражување во кое учествуваат студенти од трета и четврта година од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Студентите анализираат околку 50 поговорки и изреки на погореспоменатите странски јазици и нивните еквиваленти на македонски јазик. Прво се прикажуваат резултатите за позитивните и негативните карактеристики на жената, а потоа се прави споредба и се утврдува дека има повеќе сличности отколку разлики во однос на позитивната и негативната перцепција на жената во општеството.

8. Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and **Vitanova-Ringaceva, Ana** and Ivanova, Biljana (2022). *Using Fairy Tales for Enriching the Vocabulary of Foreign Languages.* INTED 2022 Conference Proceedings 16th International Technology, Education and Development Conference, pp. 5261-5266. ISSN 2340-1079.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прикажуваат резултати од истражување во кое учествуваат студенти од трета и четврта година од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, од студиските програми по англиски, германски, италијански и македонски јазик и книжевност. Истражувањето се состои од два дела. Во првиот дел се прави анализа за тоа колку читањето бајки во детската возраст помага за збогатување на вокабуларот и учење на поголем

број фразеологизми. Вториот дел од истражувањето се состои во утврдување на познавањето на фразеологизмите кои се најмногу застапени во бајките „Снежана" и „Пепелашка" на мајчин и на странскиот јазик што го изучуваат студентите, како и примената на фразеологизмите.

9. **Витанова-Рингачева,** Ана и Мицева, Сузана. *Јуруците - македонските Амиши (2022).* Зборник на трудови од Меѓународната конференција ФИЛКО 2021. ISSN 978-608-244-871-8, 117-122

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави обид да се предочат спецификите на јуручкото население во Македонија, како посебен ентитет, кој повеќе од единаесет века успева да ги задржи најзначајните карактеристики на својот идентитет и култура. Јуруците, по потекло номадско турско население, до денес живеат со една нога во расчекор, секогаш подготвени да поминат на некое друго, за нив посигурно место, каде ќе можат да живеат во склад со својата традиција и своите морални и етички начела. Затоа, не е за изненадување што голем број Јуруци од штипските, радовишките, струмичките, валандовските и дојранските села се враќаат кон својата прататковина - Турција. Јуруците, освен Абориџините во Австралија и Амишите во Америка, се најверојатно единствените народи кои својата култура ја чуваат негибната со векови, иако во нивна непосредна околина светот се менува под влијание на технолошките и цивилизациските текови.

10. **Витанова-Рингачева, Ана** (2021). *Балканските војни и Првата светска војна како мотиви во народните песни од Струмица и Струмичко (Кон книгата „Грозен бој се почна горе на Балкано",* Палимпсест, 6 (11). ISSN 2545-3998, 2021, 171-182

**Евалуација на трудот**: Во овој труд авторката дава свој осврт за делото на Иван Котев, најголемиот жив современ собирач на народното творештво кој во својата петдецениска потрага по фолклорното богатство на Струмица и регионот, има собрано обемен фолклористичко-етнографски материјал. Книгата *„Грозен бој се почна горе на Балкано" (Македонски народни песни од Струмица и Струмичко за Балканските и Првата светска војна)* е ретка книга во македонската фолклористика која содржи околу четириесет народни песни со мотиви од Балканските војни и Првата светска војна. Книжевно-јазичната анализа на фолклористичките единици приложени во книгата, даваат појасна слика за еден значаен период од македонската историја, за кој народот најмалку пеел. Песните претставуваат оригинални записи и варијанти на познати мотиви од една значајна историска епоха и при нивната детална анализа, се потенцираат јазичните белези (особено лексички) на народниот говор од овој крај и неговиот развој во период од скоро педесет години.

11. **Витанова-Рингачева, Ана** (2021). *Две годишнини - два стожерни века (Кон двата големи македонски јубилеи – 95 години од смртта на Крсте Петков Мисирков и 100 години од раѓањето на Блаже Конески).* Палимпсест бр.12, 2021. ISSN 2545-3998, 107-116

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката прави осврт и своевидна паралела на делото на двајцата најголеми кодификатори на македонскиот јазик, Блаже Конески и Крсте Петков Мисирков. Во историјата на секој народ има години што испишале историја, години на создавање и години на значајни историски навраќања. 2021 година беше во знакот на двете стожерни годишнини за Македонија

и македонскиот народ, 95 години од смртта на Крсте Петков Мисирков и 100 години од раѓањето на Блаже Конески. За македонскиот народ, јазик и воопшто за државата, годината 2021 е година на навраќање кон двата стожери, двата силни столба вкопани длабоко во темелите на македонската опстојба. Мисирковото и Блажеконеското дело се нашиот најсилен аргумент против сите наметнати негирања за нашето постоење и културен континуитет, аргументи кои пред повеќе од 100 години сме ги добиле во наследство. Парадигмата поставена од Мисирков доби своја опширна елаборација и практичен показ при кодифицирањето на македонскиот литературен јазик, логичен чин по вековниот процес на јазично зреење.

12. Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and **Vitanova-Ringaceva, Ana** and Kirova, Snezana and Ulanska, Tatjana and Ivanova, Biljana (2021). *Phraseological units -"A thorn in the side" or "Icing on the cake" for language learners?* EDULEARN21 Proceedings 13th International conference on education and new learning technologies. pp.11111-11115. ISSN 2340-1117.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прикажува истражување кое има за цел да ја нагласи важноста на фразеологизмите во непречената комуникација на странски јазик, и тоа на англиски, на германски, на италијански и на македонски јазик. Во трудот авторките се обидуваат да дадат одговор на прашањата: „Дали студентите- филолози од трета и четврта година на студии ги познаваат и препознаваат фразеологизмите како специфични лексички категории?"; „Дали студентите филолози сметаат дека фразеологизмите се алатки кои укажуваат на повисоко ниво на познавање на странскиот јазик?" и „Дали студентите филолози ги сметаат фразеологизмите како „трн во око", или пак, како „црешка на шлагот"?". Во истражувањето учествуваат 65 студенти од катедрите за англиски, германски, италијански и македонски јазик и книжевност.

13. Самарџиева, Бојана и **Витанова-Рингачева, Ана** (2021). *Верувањата во болести и обредната практика за нивно лекување во Тиквешкиот Регион.* Годишен зборник, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISSN 1857-7059, 2021, 143-153

**Евалуација на трудот:** Во овој труд, со помош на литература од бројни автори и истражувачи, а исто така и преку лични теренски истражувања, авторките ги претставуваат народните верувања во болести во Тиквешијата. Народните верувања и обредната практика којашто произлегува од нив, во македонската традиција егзистираат толку долго колку што човекот ги зачувал во својата колективна меморија. Човекот соочен со немилосрдната сила на природата, но и налетот на болестите за кои многу малку знаел, прибегнувал кон примена на обредни активности во надеж дека ќе се заштити себе, заедницата и плодородието. Обредната практика за заштита од болестите била широкораспространета на територијата на Македонија, а остатоци од неа постојат и денес. Обичаите, празнувањето на одредени празници, забраните, магиските активности сочувале свои остатоци во тиквешкиот регион. Нив ги препознаваме во кажувањата, верувањата, легендите, преданијата, песните и обичаите кои до ден-денес се зачувани во овој регион. И не само болестите, туку сè што е поврзано со нив, нивната историја, нивното лекување, со билки, со баење, со предмети. Потребата на човекот да и се спротивстави на болеста ќе развие цела една палета на верувања

во лековити води, култни камења, заштитни амајлии кои имаат чудотворна и лековита моќ. Верувањата во соништа и нивното толкување исто така претставува нераскинлив сегмент од народната култура на македонскиот народ. Верувањата во заштитната моќ на празниците и светците, празнувањето на одредени празници, обредната практика и забраните се во насока на заштита на заедницата од силните налети на злото. Сите овие верувања и обичаи претставуваат дел од народното творештво на Тиквешијата, кое се изделува како посебна целина со свои белези и карактеристики.

14. **Витанова-Рингачева, Ана** (2020). *Собирачите на македонското народно творештво од Цепенков до денес (На 100-годишнината од смртта на Марко Цепенков).* ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, Штип, 2020, 27-32 ISSN 978-608-244-698-

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката прави своевиден пресек на собирачката дејност на најголемите собирачи на македонското народно творештво. Современата наука денес има увид во фазите на развој, во голема мера благодарение на огромниот и непроценлив труд на собирачите и материјалите што ги оставиле како плод на својата работа. Во времето на Преродбата (втората половина на XIX век), македонските собирачи ја започнуваат својата мисија да бидат будилници на македонската национална свест. Стожерот на таа мисионерска дејност е секако Марко Цепенков (1829-1920), од чија смрт годинава се навршуваат 100 години од перпектива на десет децении од неговото физичко заминување, можеме само да ја потврдиме тезата дека подвигот на Цепенков како собирач на македонски народни умотворби е највисокиот чин на почит и жртва за татковината и за својот народ. Во неговото дело се наоѓа потврдата дека традицијата е најверодостојниот документ за тоа дека сме народ со длабока традиција и богата оставнина на духовно наследство. Традицијата е ковчеше во кое се чуваат јазикот, фолклорот, митот, историјата, културата и уметноста кои во себе носат обрасци што се вклопуваат во универзалната слика на светот.

15. **Витанова-Рингачева, Ана** (2020). *На брегот, живот!* Македоника, год. X, бр. 23-24, јули 2020, стр. 130-138 ISSN 18577539

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува херменевтичко толкување на книжевното дело на Георги Барбаровски. Авторката забележува дека прецизно обликуваното паспарту на Барбаровски ги врамува портретите и делата на авторите за кои тој самиот определил простор во својата херменевтичка лабораторија. Барбаровски воспоставува аналогија меѓу зборот, музиката, сликата, скулпурата и сите тие заедно дишат стуткани во пазувите на македонската книжевна, музичка, сликарска, скулпторска историја. Авторот не ги опсервива делата служејќи се со формулите на пететиката. Тој не се обидува да биде допадлив секому и по секоја цена. Едноставно, Барбаровски поставува свои критериуми по кои ги одбира делата кои не се нашле во фокусот на критичарите, од една или друга причина.

16. **Витанова-Рингачева, Ана** (2020). *„Не треба шум да се крева, туку темелно да се гради“!* Македоника, год. X, бр. 23-24, 2020, стр. 117-123 ISSN 18577539

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува научен осврт кон книгата за македонските лингвисти од авторот Иван Глигоровски. Авторката потенцира дека Глигоровски со систематичност, прецизност и трпение гради слика за секој научник поединечно, при тоа педантно внесувајќи факти кои се во служба на докажување на веродостојноста на напишаното. Глигоровски можеби е единствениот новинар кој вложувајќи се себеси во сопствената професија успеал да изгради име на публицист кој достоинствено и со многу почит им приоѓал на нашите големи научници, знаејќи дека кажаното и напишаното од нив во иднина ќе биде најсилното оружје за одбрана на македонскиот идентитет и јазик. Двотомното издание опфаќа личности кои одиграле клучна улога во развојот, подемот и афирмацијата на македонската лингвистика во светски рамки, но и помлади научници чија работа допрва ќе се вреднува. Тоа се луѓе кои се одликуваат со рационален став за насоката во која треба да оди развојот на македонскиот јазик, литература и култура.

17. **Витанова-Рингачева, Ана** (2020). *Семантичкиот поттекст на локалната сказна во сооднос со универзалниот модел на сказновидната матрица.* Македонски фолклор 77-78, 2020, стр.225-364 ISSN 0542-2108 УДК 398.21(497.742)(049.3)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд во фокусот стои детекцијата и толкувањето на семантичкиот поттекст на сказната. Митолошката семантика е појдовната точка во толкувањето на сказната затоа што космичките закони за устројбата на човекот и светот во сказната се прелеваат кон социјалното и индивидуално искуство. Тотем-митовите за чудесните животни за бракот и искушенијата, за стекнување необични нешта, најчесто волшебни предмети, за обредот на посветување, за патувањето во други светови и потрагата по лек за одредена болест, како и многу други мотивски конструкции, имаат свои реликти во сказната. Волшебните народни приказни се најколоритни, мотивски најбогати и најраскошни единици на фолклорот и тие, покрај приказните за животни, се сметаат за најстар вид усна проза. Регионот на Струмица и околината изобилува со фолклористичка граѓа, особено со волшебни народни приказни кои, по својата структура, мотивска конструкција и старост, се пресликуваат во универзалниот модел на светската сказна. Посочените примери како апликации ја докажуваат тезата за оживувањето или реконструкцијата на сказничните мотиви со помош на семантичкиот пристап. На тој начин се разоткрива естетизираниот, живописен и колоритен поттекст на сказната како универзален културен идентификатор.

18. **Витанова-Рингачева, Ана** (2019). *Русалиите – споделена вредност во културната меморија на Македонците и на Власите (врз примери на русалиската традиција во Гевегелиско-валандовскиот Регион).* Македонски фолклор 76 (76). 2019, pp. 144-152. ISSN 0542-2108 УДК394.3(497.715:=163.3)(049.3); УДК394.3(497.715:=135.1)(049.3)

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува научна анализа на русалиските игри во Гевгелиско-валандовскиот Регион што претставуваат феномен кој ги обединува Македонците и Власите. Селата Ума (Хума), Коњско (Конско) и Серменин, кои се наоѓаат во областа Влахомеглен, на падините на планината Кожуф, во околината на градот Гевгелија, биле целосно населени со Власи, кои до првата половина на дваесеттиот век го негувале русалиството. Додека пак селата: Петрово, Стојаково, Смоквица, Миравци, Давидово се села познати по традицијата

на русалиските игри, а се населени исклучиво со македонско население. Собраната етнографска граѓа од Гевгелиско-валандовскиот Регион ја потврдува тезата дека феноменот на русалиството претставува споделена вредност во културната меморија на Македонците и на Власите, кои имале активен духовен живот во овој дел од Македонија.

19. **Витанова-Рингачева, Ана** (2019). *Шапкаревиот запис за русалиите – вовед во истражувањата за шаманистичките остатоци во македонската традиција.* Македоника, година IX, бр. 22, октомври 2019 ISSN 18577539, 30-42

**Евалуација на трудот:** Трудот се осврнува на записот на Шапкарев за русалиските игри. Научните истражувања за шаманизмот и неговите реликти неспорно доведоа до заклучокот дека дејствувањето на шаманите во древните цивилизации оставило длабока трага во современите обредни практики. Соочувањето и справувањето со невидливите сили на злото, заштитата на заедницата и нејзината егзистенција биле врвен приоритет на нашите предци. Русалиските игри, кои се изведувале на територијата на Балканскиот Полуостров, денес не се среќаваат во нивната изворна форма. Но, во колективната меморија тие остануваат да постојат како обреди кои ги обединува една единствена цел: да се заштити заедницата од злото, да се обезбеди плодородие и здравје за болните. Обредните игри кои се практикувале со цел ослободување на човекот од демоните, несомнено се игри од шамански тип. Русалискиот обреден комплекс, кој некогаш бил нераскинливо врзан за скутот на македонската народна традиција, најдиректно е засведочен во записот на Кузман Шапкарев (1834 – 1909) во 1884 година.

20. **Витанова-Рингачева, Ана** (2019). *Реликти на шаманизмот како нишка на поврзување во македонската и руската традиција* Зборниик на трудови ФИЛКО 4, 35-41 ISSN 978-608-244-698-1

**Евалуација на трудот:** Трудот е посветен на трагите што шаманизмот како религиозен феномен ги оставил во македонската и руската народна традиција. Истражувањето на шаманизмот е значаен сегмент од проучувањето на религиозното искуство на древниот човек, бидејќи голем број шамански елементи се среќаваат во различни облици на архаичните облици на религија. Да се откријат такви нишки на поврзување во македонскиот и рускиот фолклор значи да се истражуваат остатоците од примитивни верувања и техники кои се во суштина шаманистички. Иако се среќаваат во многу култури и религии, сепак во фолклорт на словенскиот свет има реликти кои во суштина се вклопуваат во универзалната матрица на шаманистичката митологија. Легендите и народните приказни, како оригинални фолклористички единици, ќе бидат солиден апликативен материјал за докажување на поставената теза.

21. **Витанова-Рингачева, Ана** (2019). Шаманистички реликти во русалискиот обреден комплекс. *(Паралели на релација шаманизам – русалиски игри од источниот дел на Балканскиот Полуостров)*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-7059, 37-47

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката ги истражува трансните ритуални игри кои егзистирале на просторите на Балканскиот Полуостров. Според истражувањата, овие игри покажуваат големи сличности со шаманската обредна практика која постоела, но и сè уште постои на местата кои се сметаат за жариште

на шаманизмот како религиозен феномен. Русалиските игри во Македонија, Бугарија, Романија и Србија содржат компоненти кои ги поврзуваат, но и такви по кои се разликуваат. Меѓутоа, заедничко за сите нив е целта со која се изведуваат, а тоа е плодородие, истерување на злото и заштита од него како и лекување на болни. Овие цели пред себе си ги поставуваат и повиканите за шаманскиот позив. Иако, просторно и временски неверојатно оддалечени, русалиските игри и шаманистичките обредни активности отвораат простор за повлекување асоцијативна врска, која овозможува детекција на сличностите кои се во фокусот на ова истражување.

**II. Учество на меѓународни научни конференции и собири**

22. Меѓународна научна конференција **Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику**, Департман за српски јазик Филозофски факултет, Универзитет во Ниш 19 април 2019 година**;** Реферат на тема: *Опсцената лексика во функција на создавање универзални пораки во трилогијата „Вечна игра“ на Митко Маџунков.*

23. Четвртата меѓународна научна конференција **„ФИЛКО“:** филологија, култура и образование, Воронешки државен универзитет (Русија), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Македонија), 23-25 мај 2019 година; Реферат на тема: *Реликти на шаманизмот како нишка на поврзување во македонскиот и рускиот фолклор.*

24. XX Меѓународен симпозиум за балкански фолклор **„Фолклористика: предизвици и перспективи“** - Скопје, Република Македонија, Хотел „Континентал“, 22-23 ноември 2019 г. ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје; Реферат на тема: *Семантичкиот поттекст на локалната сказна во дослух со универзалниот модел на сказноликата матрица (врз примери од книгата Араптази – волшебни народни приказни од Струмица и Струмичко од Иван Котев).*

25. Петта меѓународна научна конференција **„ФИЛКО“:** филологија, култура и образование, Воронешки државен универзитет (Русија), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Македонија), 2020; Реферат на тема: *Собирачите на македонското народно творештво од Цепенков до денес (по повод 100-годишнината од смртта на Марко Цепенков).*

26. Меѓународната конференција **Охрид - Водици 2021,** 18-19 јануари; Реферат на тема: *Архаичните претстави за болестите низ призмата на женскиот принцип - болеста како жена, невеста, старица, вештерка;*

27. Петта меѓународна научна конференција **„ФИЛКО“**: филологија, култура и образование, Воронешки државен универзитет (Русија), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Македонија), 2020; Реферат на тема: *Јуруците – македонските Амиши.*

28. Дванаесетти меѓународен научен собир **„Савремена српска фолклористика“,** Тршиќ, Република Србија, септември 2022; Реферат на тема: *Еротските народни песни во македонската и српската народна традиција во контекст на обредната практика (Врз примери од книгата „Играле моми по месечина“ од Иван Котев и делото на Вук Караџиќ).*

29. Меѓународен научен собир во рамки на манифестацијата **„Vezeni most“** одржан во Тузла, Босна и Херцеговина, ноември 2022 г.; Реферат на тема: *Како се создаваше поезијата за деца? Паралели на делото на Видое Подгорец и Киро Донев - најплодните македонски автори на литература за деца.*

30. XXI Меѓународен симпозиум на балкански фолклор, Скопје, ноември 2022 г. Тема **„Традиција, медиуми, дигитален свет“**; Реферат на тема: *Филмуваните видеозаписи за Русалиите – жива слика и драгоцен архивски извор.*

31. Меѓународниот научен собир **„Денови на Благоја Корубин“,** 2022 г. Тема: „Лексиката во народните говори - состојби и перспективи“, декември 2022. Реферат на тема: *Народната лексика во делото на Митко Маџунков – извор на автентичен јазичен израз (врз примери од драмите „Големиот Смок“, „Сенката“ и „Пуста земја“).*

32. VII меѓународна научна конференција **„Македонскиот јазик - извор на научни истражувања“** (Скопје, 19–20 октомври 2022 г. Тема: *Етнонимските фразеологизми“ (анализа на германски и англиски фразеолошки корпус и приказ на нивни македонски еквиваленти).*

33. Меѓународниот научен собир **„Денови на Благоја Корубин“,** 2023 г. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 4-5 мај. Тема: *Позитивни искуства од употребата на **Фразеолошкиот речник на македонскиот јазик** во изучувањето на јазиците во рамки на наставниот процес.*

34. Znanstveni skup: **Kulturna animalistika: interdisciplinarna polazišta i tradicijske prakse** Institut za etnologiju i folkloristiku i projekt HRZZ-a Mitska i etno životinja: bestijarij hrvatske etnokulture. Zagreb, 18. i 19. svibnja 2023. Реферат на тема: *Orao kao posrednik i slika kozmičke vertikale - šamanističke predstave u makedonskoj narodnoj priči (kroz prizmu ornitološke simbolike).*

**III. Студиски престој во странство**

35. **Витанова-Рингачева, Ана** (2022). Наставничка мобилност во рамките на Средноевропската програма за универзитетска размена – ЦЕПУС (CEEPUS) на Универзитет „Паисиј Хилендарски“ - Пловдив, Република Бугарија. За време на престојот кандидатката одржува предавање на тема: *„The cultural elements in the textbooks for Italian, English, German and Macedonian as a foreign languauge used in higher education in the Republic of North Macedonia“* и *„Gender Power Relations in German, English, Italian and Macedonian Phraseologisms“*, од 5 декември до 9 декември, Пловдив, Република Бугарија.

**IV. Завршна евалуација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на доц. д-р Ана Витанова-Рингачева**

Од приложениот список на објавени трудови на реализираните активности во последните пет години, како и од евалуацијата на секој труд и на секоја активност поединечно, може да се забележи дека кандидатката д-р Ана Витанова-Рингачева објавила солиден број научни и стручни трудови и реализрала голем број активности. Нејзината ангажираност по предмети во наставата во прв и втор циклус, поголемиот број трудови објавени во меѓународни научни списанија, учеството на меѓународни научни конференции во државата и надвор од неа,

студискиот престој во странство и менторството, покажуваат дека кандидатката доц. д-р Ана Витанова-Рингачева во периодот од изборот во доцент до денес реализирала мошне плодотворна наставно-педагошка и научноистражувачка дејност. Со тоа, кандидатката дала свој значаен придонес во наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип и во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката доц. д-р Ана Витанова-Рингачева е избрана за раководител на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет (Одлука бр.1903-149/7 од 30.8.2021 година). Како раководител е активно вклучена во сите аспекти на работата на Факултетот, меѓу кои и креирањето на студските програми за прв и втор циклус на студии, планирање активности и координација на истите. Исто така, таа е активно вклучена во работата на бројни тела и комисии, со што дава значителен придонес во функционирањето и унапредувањето на организациско-развојната дејност на Филолошкиот факултет во Штип.

**V. Учество во научни проекти**

36. **Ана Витанова-Рингачева** – истражувач (2018-2020). Научноистражувачки проект *„Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование“*. Раководител и главен истражувач на проектот - проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 1902-68/3 од 1.3.2018 година донесена на 168. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).

**Евалуација на проектот:** Предмет на истражување на овој проект се можностите за евалуација на наставниот процес во високото образование, во наставата по јазик и книжевност. Се истражувале различни видови евалуациски постапки со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето кои се трансформираат во квалитативни и квантитативни промени во развојот на студентите. Евалуацијата се одвива и во процесот на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно се спроведе формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Со евалуација на наставата се следи и процесот на реализација на новите курсеви по одделни студиски програми, а од студентите се добиваат непосредни информации за тоа што навистина мислат за курсот. Повратните информации за наставниот процес се добиваат со собирање податоци од страна на студентите и колегите наставници, а евалуацијата се спроведува со помош на евалуациски ливчиња, анкети, структурирана групна дебата или по пат на e-mail прашалник. Проектот се спроведува со студентите на Филолошкиот факултет од втора, трета и четврта година на студии, како и со дел од професорите што им предаваат на овие студенти, и тоа не само задолжителни, туку и изборни предмети и курсеви. Временската рамка на проектот е од февруари 2018 до февруари 2020 година.

**VI. Рецензирани учебни помагала (скрипта и практикум)**

37. **Витанова-Рингачева, Ана (2023)** *Скрипта по Македонска народна книжевност. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-952-4*

**Евалуација на трудот:** Рецензираната скрипта „Македонска народна книжевност“ од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева содржи 150 страници, А4 формат, распределени во поглавја и потпоглавја во кои се елаборирааат теми за природата и спецификите на македонското народно творештво. Содржината во скриптата е изложена и елаборирана во три поглавја. Првото поглавје насловено **Основни согледби – структура, класификација и карактеристики** ги содржи основните насоки за разгледување на фолклорот како феномен, неговото значење во развојот на цивилизацијата и неговиот континуитет во времето. Народната книжевност како интегрален дел на фолклорот има свои особености по кои се разликува од уметничката литература. Авторката направила поедноставување и предочување на најзначајните карактеристики за секој жанр одделно. Очигледно, целта на ваквиот потфат е доближување на материјата до студентите и отворање можност за нејзино полесно совладување. Вториот дел насловен **Собирачите и фолклорот** е дел посветен на собирачите на македонското народно творештво, без чиј труд македонската фолклористика немаше да се реализира како една од најзначајните научни дисциплини. Авторката прави панорамски пресек на најзначајните македонски, но и странски собирачи на македонското народно творештво, со посебен осврт кон современите собирачи. Третиот дел насловен **Апликации** претставува посебна целина во која од научен аспект, со прецизна аналитичко-синтетичка експертиза, се елаборираат теми од фундаментално значење за македонската фолклористика. Книжевно-теоретскиот истражувачки пристап поткрепен со оригинален апликативен материјал (фолклористички и етнографски единици) им предочува на студентите едно длабинско промислување на фолклорот, кој е во најнепосредна врска со останатите научни дисциплини: антропологија, историја на религиите, психоанализа, културологија, компаративна митологија и сл. Тука се поместени четири текста: 1. *Сказната – меѓу книжевноста и животот;* 2. *„Смртта како кума“ – архаичен мотив во една волшебна приказна;* 3. *Арапот – архетип или споделена вредност во културната меморија на балканските народи* и 4. *Оставнината на Марко Цепенков низ призмата на шаманистичкиот модел (врз примери на сказни, верувања, преданија, легенди и песни).*

38. Витанова-Рингачева, Ана (2022). *Практикум по македонска народна книжевност. Универзитет „Гоце Делчев – Штип, ISBN 978-608-244-939-5*

**Евалуација на трудот:** Ракописот „Македонска народна книжевност“ - практикум од доц. д-р Ана Витанова-Рингачева содржи 140 страници, А4 формат, структуриран во четири дела и прегледно претставени библиографски единици. Истиот содржи примери на текстови, модели, табели и графички решенија коишто се во согласност со барањата на Предметната програма по Македонска народна книжевност. Содржината на Практикумот ја следи и поддржува концепцијата на рецензираната скрипта „Македонска народна книжевност“ и заедно се во функција на наставни помагала за студентите од прва година на прв циклус студии. Практикумот е конципиран во форма на прирачна литература, која е во функција

на практична проверка на знаењата, што треба да останат трајни и применливи во пракса. Сложените содржини од Предметната програма се објаснети на едноставен и лесно приемчив начин, а преку примери на текстови, студентите добиваат материјал за апликација на теоретски стекнатите знаења.

Содржината на ракописот „Македонска народна книжевност" – практикум е систематизирана во четири дела: а) Прв дел: *Апликации – анализа и интерпретација на фолклорна граѓа;* б) Втор дел: *Особености и класификација на народната книжевност (проверка)*; в) Трет дел: *Колоквиумски прашања* и г) Четврт дел: *Прилози.*

**VII.Учество на обуки, семинари, веб-конференции и предавања, организација на настани**

39. Научната и стручната работилница на тема „Придонесот на списанијата во развојот на современата македонска литература, култура и уметност: 75 години од ослободувањето (историографско-културолошки преглед и современа состојба)". Излагање на тема „Третманот на книжевноста и вредносните критериуми на книжевните текстови во списанијата за деца".

40. Предавач на Есенската школа за млади афористичари, декември 2020 и 2021 г.

41. Раководител на Книжевна работилница за студенти на Македонистика во рамки на Неделата на италијанскиот јазик на Филолошки факултет, Штип, 2021.

42. Предавач на проектот „Палеографски амбасадори – Меѓународен ден на мајчиниот јазик 2021" е е-твининг проект, март 2021. Тема: *Јазик-традиција-фолклор.*

43. Предавач на проектот „Творилница", организиран од Академија за иновативно образование „Здравеј", Скопје, Амбасада на Република Бугарија во Република Северна Македонија, јуни 2021, 2022 и 2023 г.

44. Предавач на настанот по повод 5 Мај, Денот на македонскиот јазик 2021 и 2022 г.

45. Работилница на тема „Учењето странски јазици – влог во иднината", Струмица, мај 2022 г.

46. Предавач и организатор на книжевната работилница „Св. Климент - темелник, светилник и инспирација", Филолошки факултет, декември 2021 г.

47. Предавач на дебата на тема „Дефицитарни студии во државата".

48. Предавач за ликот и делото на Блаже Конески, Библиотека „Искра" - Кочани, декември 2021 г.

49. Излагач на настанот „Светот на Данте во колективната меморија - јазични и визуелни аспекти" во рамки на XXI Недела на италијанскиот јазик, во годината кога светот одбележува 700 години од упокојувањето на Данте Алигиери, октомври 2021 г.

50. Предавач на настан по повод 21 февруари, Меѓународниот ден на мајчиниот јазик; НУУБ „Гоце Делчев", Штип.

51. Предавање на тема „The cultural elements in the textbooks for Italian, English, German and Macedonian as a foreign languauge used in higher education in the Republic

of North Macedonia“ и „Gender Power Relations in German, English, Italian and Macedonian Phraseologisms“ на Универзитетот „Паисиј Хилендарски“ во Пловдив, Република Бугарија, 5 до 9 декември 2022 г.

52. Организација на настанот „Ние за Конески“ по повод 5 Мај и 100 години од раѓањето на Блаже Конески, 2021 г.

53. Организатор на настан по повод „Денот на македонскиот јазик“ 2022 г.

54. Организација на вебинарот „Книжевниот превод како ваша идна професија“ 2021 г.

55. Организатор на студиско патување и предавање во Бигорскиот манастир по повод Месецот на љубители на библиотеки, како и по повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, февруари 2022 г.

56. Организатор на собир на млади македонисти од Катедрата за македонски јазик и книжевност при УГД во спомен-домот „Блаже Конески“ во Небрегово, мај 2022 г.

57. Коорганизатор на вебинар на тема „Жената во фразеолошкиот корпус на македонскиот, германскиот, англискиот, италијанскиот, шпанскиот и турскиот јазик“, 30 март 2022 г.

58. Организација на настан „Прв академски час“ на УГД.

59. Организација на настанот „УГД форум за младинско учество во образованието“.

60. Предавање по повод Светскиот ден на поезијата, тема „Позитивни практики во пристапот кон книжевните дела во наставата по македонски јазик“ во организација на Општина Кочани, Библиотека „Искра“ и ООУ „Никола Карев“, Кочани, април 2023 г.

61. Организација на настанот „120 години од смртта на Гоце Делчев“, мај 2023 г.

62. Организација на настанот „Дигиталниот речник на македонскиот јазик - можности и перспективи за истражување“, мај 2023 г.

**VIII. Учество во универзитетски и факултетски органи, тела, комисии и слично**

63. Раководител на Катедрата за македонски јазик и книжевност, Одлука бр.1903-149/7 од 30.8.2021 г.

64. Член на Наставно-научен совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

65. Член на Институт за јазици на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

66. Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии на Филолошки факултет, 2021/2022 (Одлука бр.1902-162/5 од 14.9.2021 донесена на 233. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).

67. Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 1906-62/3 од 24.4.2020 г.).

68. Член на Изборна комисија за спроведување на изборите за членови во Факултетско студентско собрание на Филолошки факултет (Одлука бр.1903-49/1 од 24.2.2022 година).

69. Член на Изборна комисија на Филолошки факултет за избор на ректор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука 1902-100/30 од 6.6.2022 г.).

70. Член на Работна група за организација на настан „Прв академски час“ 2022 г. (Решение бр. 0204-615/1 од 3.10.2022 г.).

71. Член на Работна група за организација на настанот „УГД форум за младинско учество во образованието“ (Решение бр. 0204-750/1 од 17.11.2023 г.).

72. Член на Работна група за организација на настанот „120 години од смртта на Гоце Делчев“ (Решение бр.0204-420/1 од 11.4.2023 г.).

73. Член на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и општа книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2021 г. (Одлука 1902-122/12 од 7.6.2021 г.).

74. Член на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања за подрачје наука за јазикот (лингвистика), наставно-научни области македонистика и граматика, семантика, синтакса на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2019 г. (Одлука бр. 1902-70/10 од 31.3.2021 г. донесена на 225. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).

75. Ментор за изработка на магистерски труд со наслов „Народните верувања во болести и обредната практика за нивно лекување во Тиквешкиот Регион (фолклористичко-етнографски интерпретации)“ на кандидатката Бојана Самарџиева. (Одлука бр. 1902-78/17 од 3.4.2023 г. донесена на 263. седница на ННС на Филолошкиот факултет).

76. Член на Комисија за оценка на магистерскиот труд со наслов „Семиологија на неантропоморфниот лик во романите на Венко Андоновски“ на кандидатката Маријана Горгиева-Ристевска (Одлука бр. 1902-91/8 од 19.4.2021 г. донесена на 226. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).

77. Претседател на Комисија за оценка на магистерскиот труд со наслов „Флоралните симболи во творештвото за деца на Видое Подгорец“ на кандидатката Катерина Лазаревска (Одлука бр. 1902-164/10 од 19.11.2020 г. донесена на 218. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).

78. Претседател на Комисијата за преземање обврски од наставник проф. д-р Виолета Димова за изборни и задолжителни предмети на Филолошкиот факултет и на нематичните факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип (Одлука бр. 1902-91/7 од 19.4.2021 донесена на 226. седница на ННС).

79. Претседател на Комисија на спроведување писмен и устен испит по Македонски јазик за странци, рамниште А1, во Априлска испитна сесија 2023 г. (Одлука бр. 1902-78/14 од 3.4.2023 г. донесена на 263. седница на ННС).

80. Член на Комисија на спроведување писмен и устен испит по Македонски јазик за странци, рамниште А1, во Јануарска испитна сесија 2023 г. (Одлука бр. 1902-35/19 од 23.1.2023 г.).

81. Член на Комисијата за преземање обврски од наставник проф.д-р Виолета Николовска за универзитетски изборен предмет на Филолошкиот факултет и на нематичните факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 1902-108/4 од 17.8.2020 г. донесена на 213. седница на ННС).

82. Член на Комисијата за преземање обврски од наставник проф. д-р Виолета Николовска за задолжителни и изборни предмети од областа лингвистика на Филолошкиот факултет и на нематичните факултети при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 1902-108/3 од 17.8.2020 г. донесена на 213. седница на ННС).

83. Член на Жири-комисија за доделување на книжевната награда „Драган Радуловиќ“, Р. Црна Гора (Решение бр.01-018/23 - 3210 од 12.4.2023 г.).

84. Член на комисии за полагање на комисиски испити.

85. Член на комисии за одбрана на дипломски трудови.

**IX РЕЦЕНЗЕНТ НА НАУЧЕН/СТРУЧЕН ТРУД**

86. Митологизација на астрофеномените (археоастрономски и етноастрономски декодирања на словенските митови врз граѓа од записите на Цепенков https://eprints.ugd.edu.mk

87. Прекрасниот ум на Митра Ристова, бисерот на македонскста народна книжевност од XIX век https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/4581

88. Рецензија на научен труд во списанието Vospitanie, Journal of Educational Sciences Theory and Practice, Vol. 17, No 2, 2022 https://js.ugd.edu.mk/index.php/vospitanie

89. Рецензија на научен труд „Облици сарадње македонских и српских фолклориста“, труд за Зборникот од дванаесеттиот Меѓународен научен собир „Савремена српска фолклористика“, Тршиќ, Република Србија, септември 2022 г.

**X УРЕДУВАЊЕ СПИСАНИЈА, ЗБОРНИЦИ, МОНОГРАФИИ И КНИГИ**

90. Главен и одговорен уредник на списанието за наука, литература, култура и уметност „Зенит“, ISBN 2671-3217.

91. Уредник на Зборникот на трудови од научниот симпозиум на тема „Книжевната оставнина на Видое Подгорец – влог во издигнувањето на современата македонска литература во национален и меѓународен контекст“, Струмица, 2020, ISBN 978-608-66584-0-3.

92. Уредник на Зборникот на трудови посветен на Блаже Конески со наслов „Уште едно навраќање кон Конески“, Струмица, 2021, ISBN 978-608-66804-0-4.

**XI НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

93. Д-р Ана Витанова-Рингачева е добитник на Годишната награда на Општина Струмица „Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици“ за 2016 година, за особен придонес во областа на науката, литературата и културата.

94. Во 2019 година ја добива наградата „Горан Бујиќ" за книжевник – новинар надвор од границите на Република Хрватска, награда што ја доделува Хрватското книжевно друштво, задарски огранок.

***4. Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Ана Витанова-Рингачева***

Евалуацијата на резултатите што ги постигнала кандидатката доц. д-р Ана Витанова-Рингачева покажува дека таа има искуство и достигнувања во трите посебни дејности. Во наставно-образовната дејност Ана Витанова-Рингачева има искуство во високото образование како *доцент* по предмети од областа *македонистика и народна книжевност* како дел од студиските програми од прв и втор циклус студии на Филолошкиот факултет во Штип. Објавените научни трудови во списанија со меѓународен карактер, како и учеството на меѓународни научни конференции, зборуваат за сериозниот пристап на кандидатката и во научноистражувачката работа, а учеството во голем број активности во функција на унапредување на нејзиниот личен професионален развој, како и објавените книги и учебни помагала (скрипта и практикум) наменети за наставата во високото образование, сведочат за една богата и продуктивна стручно-апликативна дејност на кандидатката д-р Ана Витанова-Рингачева.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со задоволство заклучуваат дека доцент д-р Ана Витанова-Рингачева во целост ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање *вонреден професор*, предвидени со Законот за високото образование и со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Имено, како што може да се види од фактите изнесени погоре, д-р Ана Витанова-Рингачева има наставно искуство во високото образование како доцент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во последните 5 години. За потребите на студентите има објавено рецензирана скрипта и рецензиран практикум од областите во кои се избира во повисоко звање, како и две научни публикации од областа што ја истражува. Кандидатката, исто така, има плодна научноистражувачка работа што се гледа од големиот број објавени трудови во меѓународни научни списанија и публикации и учеството како истражувач во научноистражувачки проект. Кон тоа треба да се приложи и активното учество на кандидатката на меѓународни научни конференции и бројни обуки за перманентно усовршување. Не помалку важен е и нејзиниот придонес во унапредувањето на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, преку нејзината работа како раководител на Катедрата за македонски јазик и книжевност и активното учество во работата на бројни комисии, органи и тела. Нејзиниот ангажман во голем број настани од значење за Факултетот и Универзитетот говори за нејзиниот сериозен пристап и професионалност. Сето тоа сведочи за посветена и сериозна работа и постигнати резултати во наставно-образовната, во научноистражувачката, во стручно-апликативната и во организациско-развојната дејност.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката, доцент д-р Ана Витанова-Рингачева, во наставно-научно звање *вонреден професор* за наставно-научните области *македонистика* и *народна книжевност*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Ермис Лафазановски, научен советник / редовен професор, член, с.р.

Д-р Зоранчо Малинов, научен советник / редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

(Табела за вреднување на активностите на д-р Ана Витанова-Рингачева во изборниот период од декември 2018 до мај 2023 година, според критериумите дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање **доцент** (Одлука бр. 1902-214/3 од 3.12.2018 г. донесена на 184. седница на ННС на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип) | 1 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО НО** | **30** | | | | |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научна книга (монографија) **Труд под ред.број 1 и 2** | 2 | 10 | | | **20** |
| **2.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) **Труд под ред. бр. 3,4,6,10,11, 15,16,17,18,19,21** | 11 | 9 | | | **99** |
| **3.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) **Труд под ред. бр. 13** | 1 | 6 | | | **6** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир **Труд под ред. бр. 5, 7,8,9,12,14,20** | 3 | 2 | 4 | 3 | **18** |
| **5.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство **Активност под ред. бр. 22, 23,24,25,26, 27,28,29,30,31,32,33,34** | 9 | 1,5 | 4 | 2 | **21,5** |
| **6.** | Одбранета докторска дисертација | | | | 8 | **8** |
| **7.** | Одбранет магистерски труд | | | | 4 | **4** |
| **8.** | Студиски престој во странство **Активност под ред. бр.35** | | | 1 | 8 | **8** |
| **9.** | Награди-признанија за научни/ уметнички постигнувања, сценско-музички награди **Активност под бр. 93 и 94** | 5 | 10 | | | **15** |
| **10.** | Рецензент на научен труд **Ред. бр. 86, 87, 88, 89** | 3 | 1 | 1 | 1,5, | **4,5** |
| | **ВКУПНО НИ+СУ** | **204** | | | | |

| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Учество во научни проекти **Активност под ред. бр. 36** | 1 | 5 | | | **5** |
| **2.** | Уредник на стручно списание **Ред.бр.90** | 1 | 3 | | | **3** |
| **3.** | Уредник на зборник на трудови од стручен собир **Ред.бр.91** | 1 | | | | **2** |
| **4.** | Техничко унапредување **Активности под ред. бр. 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46,47,48,49,50,51,52,53,54,55, 56,57,58,59,60, 61,62** | 24 | 2 | | | **48** |
| **5.** | Раководител на катедра **Активност под ред. бр. 63** | 1 | 8 | | | **8** |
| **6.** | Член на факултетски орган, комисија **Активности под ред. бр. 64,65,66,67,68 ,69,70,71,72,73,74,75,76,77,78,79,80,81, 82,83,84,85** | 22 | 2 | | | **44** |
| **7.** | Класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | / | / | / | / | / |
| | **ВКУПНО СА + ОР** | **110** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30 (НО) + 204 (НИ+СУ) + 110 (СА+ОР) = 344** | | | | |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „АПАРАТИ И ИНСТРУМЕНТИ ВО ЗАБОТЕХНИЧКАТА ЛАБОРАТОРИЈА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р КИРО ПАПАКОЧА, ДОЦ. Д-Р МИХАЈЛО ПЕТРОВСКИ, АС. Д-Р ЉУБИЦА ПРОШЕВА, ЛАБ. Д-Р ПАВЛЕ АПОСТОЛОВСКИ И ЛАБ. КИРИЛ МИТЕВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-92/7 од 300. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.3.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ерол Шабанов, редовен професор во пензија, област стоматолошка протетика;
- д-р Катерина Златановска, вонреден професор, вработена на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, област стоматолошка протетика

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија" од авторите проф. д-р Киро Папакоча, доц. д-р Михајло Петровски, ас. д-р Љубица Прошева, лаб. д-р Павле Апостоловски и лаб. Кирил Митевски, наменет за студентите на прв циклус студии Забен техничар-протетичар (стручни студии) при Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „АПАРАТИ И ИНСТРУМЕНТИ ВО ЗАБОТЕХНИЧКАТА ЛАБОРАТОРИЈА" е наменет за студентите на студиската програма Забен техничар-протетичар, стручни студии од прв циклус. Приложениот ракопис (учебник) е во целост осмислен и реализиран според наставниот план и програма за предметот Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 1, кој се изучува на студиите од прв циклус на додипломска настава на Студиската програма за забен техничар протетичар, во вториот семестар со 2+2+1 неделен фонд на часови и 4 кредити и на предеметот Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 2 на стручните студии за забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, трети семестар со 2+2+1 неделен фонд на часови и 6 кредити.

Целокупниот ракопис доставен за рецензија претставува комплетен материјал претставен во една логичка целина, преку кој студентите ќе имаат можност да ја изучуваат и совладаат предметната материја и да се стекнат со практични познавања, според поставените барања на ЕКТС системот. Учебникот е напишан на соодветен стил кој би овозможил успешно совладување на материјалот за горенаведените предмети.

**Податоци за обемот ракописот:** Учебникот се состои од 174 страници во А4 формат, приспособени според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Приложениот ракопис содржи вкупно 151 илустрација (фотографии) со кои сликовито се надополнува текстот. Текстот на учебникот е конципиран во два дела, за секој семестар во кој се изучува предметот, при што секој дел содржи по 10 поглавја. Од овој аспект, слободно можеме да заклучиме дека обемот на учебникот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и дадените кредити за предметите апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 1 и апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 2.

Тргнувајќи од фактот што досега не постои комплетен учебник кој би ги задоволил потребите на студентите по овој предмет, ја наметнува и потребата од пишување на еден ваков учебник, наменет првенствено за студентите од студиската програма Забни техничари-протетичари, но истиот може да им послужи и за студентите на Дентална медицина, како и за студентите запишани на специјалистички студии Забен техничар-протетичар, со цел продлабочување на стекнатите знаења. Поради недовилниот квантум на учебници или пак учебни помагала кои ја опфаќаат оваа материја, како и можноста за совладување на основните теоретски и практични познавања, оваа скрипта е вистинска потреба за студентите. Притоа, авторите на едноставен начин со јасен стил, концизност и чиста мисла ја приложуваат обработената материја.

**Краток опис на содржината:** Материјалот од овој учебник во комплетност корелира со наставната програма. Со совладување на материјалот елабориран во овој учебник им се овозможува на студентите стекнатите знаења да ги применат во понатамошната нивна пракса. Содржините се конципирани како тематски целини, зачуван е принципот на постапност, темите се јасно обработени и илустрирани со соодветни фотографии, со што се овозможува системско совладување на сите апарати инструменти, со кои секој забен техничар работи во рамките на својата секојдневна пракса.

Во првиот дел од учебникот обработени се тематските единици кои се изучуваат по предметот Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 1, поместени во вкупно десет поглавја.

Во првата глава авторите даваат краток пресек на историскиот развој на апаратите и инструментите кои се користеле во минатото, на првите заботехнички изработки и секако на создавањето на забната техника како струка и наука.

Во второто поглавје, авторите ги прикажуваат стандардите кои треба да ги исполнува една заботехничка лабораторија. На почетокот е даден приказ за организацијата на заботехничката лабораторија, по што се опишани стандардите за просторно и техничко опремување на заботехничка лабортаторија. Во ова поглавје се опишани основните апарати и инструменти кои треба да ги содржи една заботехничка лабораторија, а посебен аспект е дадено на новите технологии во забната техника, како и на описот на различните типови на оклудатори и артикулатори.

Во третото поглавје на приложениот ракопис, на едноставен и краток начин, прикажани се стандардите кои е потребно да ги задоволуваат материјалите и апаратите кои се користат во заботехничката лабораторија.

Во четвртото поглавје опишани се основните постулати за безбедност на работата во заботехничката лабораторија, заедно со можностите за одржување на апаратите и инструментите, работниот простор и место. Дадена е дефиниција за ергономијата и нејзината примена во заботехничката лабораторија, како и на можностите за заштита на здравјето на секој еден забен техничар.

Петтото поглавје се однесува на апаратите и инструментите кои се користат за работа со восок и маси за вложување. Презентиран е опис на секој апарат, при што презентирани се и техничките карактеристики на истите. Текстот е богато илустриран со бројни фотографии со цел полесно препознавање на инструментите и апаратите.

Шестото поглавје од овој учебник авторите го насочиле кон апаратите и инструментите кои служат за леење и дублирање, како две значајни постапки во секојдневната работа во забната техника.

Во седмото поглавје, слично како и на претходното, опишани се посебно инструментите, а посебно апаратите кои се користат за работа во восок. Опишани се и презентирани и основните технички карактеристики на апаратите. Ова поглавје исто така изобилува со бројни фотографии.

Во осмото поглавје, објаснети се и опишани апаратите и инструментите кои се користат за леење и вложување. Во овој дел даден е опис на бројни инструменти и апарати со кои забните техничари може да се сретнат во текот на изведувањето на овие две постапки. Текстот ги презентира и основните технички карактеристики на апаратите и прикажува соодветна фотографија на секој опишан апарат.

Во рамките на деветтото поглавје обработена е материја која се однесува на материјалите и инструментите кои се користат за фасетирање. Во овој дел се опишани и инструментите и апаратите за фасетирање на вештачките изработки, а презентирани се и различните инструменти потребни за моделирање на истите.

Во последното десетто поглавје од првиот дел на овој учебник даден е опис на апаратите за планирање и фрезување на протетски надоместоци, односно презентирани се паралелометарот и фрез апаратот.

Во делот од учебникот кој е означен како втор дел обработени се тематските единици кој се изучуваат по предметот апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 2, претставени исто така преку десет поглавја.

Во првата глава на вториот дел, односно во единаесеттото поглавје, авторите даваат приказ на апаратите и инструментите кои се користат за обработка на готовите протетски изработки. Опишани се основниот изглед и техничките карактеристики на сите инструменти кои може да послужат за таа намена. Ова поглавје, како и сите претходно е збогатено со бројни автентични фотографии.

Во дванаесеттото поглавје, опишани се апаратите и инструментите кои служат за лемење и пунктирање. Посебен дел од ова поглавје е насочен кон употребата на ласерската светлина во заботехничката лабораторија.

Во тринаесеттото поглавје на приложениот ракопис направен е опис на апаратите и инструментите кои се користат за завршна обработка на протетските надоместоци, односно за полирање. Ова поглавје од учебникот изобилува со фотографии, со цел полесно согледување на разликите меѓу различните инструменти и апарати.

Во четиринаесеттото поглавје опишани се две групи на апарати и тоа апаратите за полимеризација и апаратите за печење на масите за фасетирање. Посебен дел од ова поглавје е насочен кон апарати за печење и леење на керамичките маси, како најкористени во рамките на секојдневната заботехничка пракса.

Петнаесеттото поглавје се однесува на апаратите и инструментите кои се користат за чистење и кондиционирање на протетски конструкции. Во текстот е даден опис на секој апарат, при што презентирани се и техничките карактеристики на истите.

Шеснаесеттото поглавје од овој учебник се однесува на апаратите и системите кои служат за дигитална изработка и компјутерско дизајнирање на стоматопротетски конструкции. Во овој дел од учебникот опишан е целокупниот процес на изработка на протетски помагала со помош на CAD/CAM технологијата.

Седумнаесеттото поглавје е насочено кон денталната фотографија. Даден е краток историски преглед и начинот на кој се формираат сликите во фотографските апарати. Посебен сегмент на ова поглавје е дигитално дизајнираната насмевка.

Во осумнаесеттото поглавје презентирани се оптичките дигитални отпечатоци и лицевите скенери. Ова поглавје е особено значајно пред се поради брзиот напредок на забната техника, при што овие апарати ќе станат незаменлив дел од секојдневната работа.

Во рамките на деветнесеттото поглавје презентирани се апаратите кои се користат за визуализација во забната техника. Во овој дел се опишани различните типови на лупи, стеромикроскопот и камери.

Во последното поглавје од овој учебник е даден пис на апаратите за глодање и 3D печатење на стоматопротетски изработки. Во ова поглавје опишани се апаратите, инструментите и методи за компјутерско глодање и 3D печатење во рамките на заботехничките лаборатории.

Во завршниот дел на овој учебник дадена е користената литература при што може да се забележи дека при изработката на истиот цитирана е литература која се состои од учебници, учебни помагала и научни и стручни трудови од понов датум од светско и балканско потекло.

Согледувајќи ги сите сегменти на предадениот ракопис, впечатокот е дека истиот ја постигнал својата основна цел - студентите да ги совладаат основните знаења за апаратите и инструментите кои би ги користеле понатаму во текот на својата кариера како забни техничари. Ракописот нуди можност студентите да се запознаат со основните апарати инструменти кои се користат во заботехничката лабораторија, како и со бројни термини и процеси кои ќе бидат имплементирани во останатите стручни предмети кои се дел од оваа студиска програма. Исто така, ракописот ги задоволува критериумите за објавување и од таа причина, Рецензентската комисија дава предлог истиот да биде категоризиран како учебник.

Може да се забележи исто така дека ракописот „Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија" од проф. д-р Киро Папакоча, доц. д-р Михајло Петровски, ас. д-р Љубица Прошева, лаб. д-р Павле Апостоловски и лаб. Кирил Митевски е пишуван на литературен македонски јазик, а стилот е лесен и разбирлив.

Материјалот е добро стручно и научно обработен, збогатен со најнови сознанија од современата стручна литература и богато е илустриран со фотографии, што го прави прегледен и лесно разбирлив за студентите. Концепциски е адекватно обмислен, а содржините едноставно прикажани што остава впечаток на лесно апликативна материјал.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Приложениот ракопис „Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија" од авторите проф. д-р Киро Папакоча, доц. д-р Михајло Петровски, ас. д-р Љубица Прошева, лаб. д-р Павле Апостоловски и лаб. Кирил Митевски е во целост во согласност со наставната материја предвидена во програмата за предметите Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 1 и 2 за студентите на прв циклус студии Забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Концизно со употреба на едноставен јазик и лесен стил, авторите се потрудиле да ја презентираат материјата на студентите, за што полесно совладување на методските единици. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник и условите за издавање на учебник, пропишани според Правилникот за единствените основни остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки ракописот „Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија" од авторите проф. д-р Киро Папакоча, доц. д-р Михајло Петровски, ас. д-р Љубица Прошева, лаб. д-р Павле Апостоловски и лаб. Кирил Митевски да биде издаден како учебник за студентите на прв циклус стручни студии за забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензенти**

Проф. д-р Ерол Шабанов, с.р.

Проф. д-р Катерина Златановска, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ" ОД ПРОФ. ДР. ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2302-92/5 од 145. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на ден 11.5.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Димко Димески, редовен професор во пензија од областа на композитни материјали и технички и текстилни влакна, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Светлана Ристеска, редовен професор од областа на композитни материјали, Институт за современи композити и роботика

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ**" од **ред. проф. д-р Винета Сребренкоска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Е-учебникот „Композитни материјали" е наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет на Универзитетот „Гоце Делчев", на студиските програми Технологија на текстил и облека, Дизајн на текстил и облека и Технологија на материјали по предметот Композитни материјали, со фонд на часови (3+2+2), кој се слуша во VII сем. и за предметот Полимерни композитни материјали со фонд на часови (3+2+2), VII сем. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Е-учебникот се состои од вовед и од два делови и тоа прв дел: општо за композитни материјали и нивна класификација и втор дел за сите типови композитни материјали и нанокомпозити. Ракописот се состои од 350 страници (А4 формат) со 10 тематски целини со 212 слики и 92 табели. Предложениот ракопис е во согласност со студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 3 (три) часа неделно.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Композитни материјали на ТТФ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Е-учебникот „Композитни материјали“ е наменет за студентите на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип и има за цел запознавање на студентите со сите типови на композитни материјали (КМ) со метална матрица, КМ со керамичка матрица, КМ со јаглеродна матрица и КМ со полимерна матрица кои се користат за технички апликации. Учебникот е поделен во два дела. Во првиот дел претставува генерално запознавање општо со композити, составни конституенти, каква е нивната структурна градба, начинот на формирање и кои се нивните битни особини. Во вториот дел се обработени сите типови на композитни материјали и во посебни поглавја се обработени и нанокомпозитните материјали. Основна цел на е-учебникот е да се запознаат студентите со најмногу користените композитни материјали. Запознавањето ја опфаќа нивната градба т.е. структура, начинот на добивање, перформансите и примената. Во учебникот се опфатени и најновите резултати од истражувањата кои се тренд во последниве неколку децении – нанокомпозити.

Овој е-учебник го претставува развојот на нови и подобрување на постоечките композити и покажува дека тоа е континуиран тренд кај истражувачите и производителите. Објаснето е дека се вложуваат огромни средства и напори за истражување и пронаоѓање на нови композитни материјали со посебни перформанси како и на усовршување на оние композити кои се веќе развиени. Целта на истражувањата е да се добијат композитни материјали кои се подобри од веќе постоечките од аспект на: нивната јакост, модул на еластичност, термичка и балистичка отпорност, хемиска постојаност итн. Целта е со што помала маса да се постигнат целните повисоки перформанси или генерално, од технички аспект, што е можно повеќе да се зголеми односот перформанси/маса, а од комерцијален аспект – перформанси/цена. Оние композитни материјали кои во моментот се сметаат за современи (композитни материјали со метална, керамичка, јаглеродна и полимерна матрица) во иднина можат да го изгубат тој статус со развојот на нови композити. Во е-учебникот се опфатени и најновите нанокомпозити со нивно објаснување од вовед, структура, перформанси и нивна апликација. Потоа, во посебни поглавја обработени се нанокомпозити со полимерна матрица, нанокомпозити со керамичка матрица и нанокомпозити со метална матрица.

## ЗАКЛУЧОК

Е-учебникот е напишан технички прецизно на јасен и разбирлив јазик. Сите ознаки и единици во текстот се во склад со меѓународниот систем на мерни единици. Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Композитни материјали на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип не е објавен. Квалитетот на е-учебникот од педагошки и научен аспект е соодветен за студентите на прв циклус студии. Заради тоа е-учебникот го категоризираме како рецензиран е-учебник.

**Рецензенти**

Д-р Димко Димески, редовен професор, с.р.

Д-р Светлана Ристеска, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МАРКЕТИНГ: ОСНОВИ ЗА НАВИГАЦИЈА ВО ДИНАМИЧНО ОПКРУЖУВАЊЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р ТАМАРА ЈОВАНОВ-АПАСИЕВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-75/5 од 238. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на ден 19.6.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Снежана Ристевска-Јовановска, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- д-р Ристе Темјановски, редовен професор на Економски факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МАРКЕТИНГ: ОСНОВИ ЗА НАВИГАЦИЈА ВО ДИНАМИЧНО ОПКРУЖУВАЊЕ“ од вонреден проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општиподатоцизаракописот:**Универзитетскиотучебник„МАРКЕТИНГ: ОСНОВИ ЗА НАВИГАЦИЈА ВО ДИНАМИЧНО ОПКРУЖУВАЊЕ“ од авторката проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева претставува синтеза на научна материја поврзана со маркетингот како научна област со фокус на знаења и вештини кои овозможуваат проучување и примена на различни маркетиншки активности во деловното работење. Материјата од областа маркетинг студентите ја изучуваат во рамки на повеќе предмети поврзани со областа маркетинг, како што се: Маркетинг, Маркетинг менаџмент, Стратегиски маркетинг, Интегрирани маркетинг комуникации, Маркетинг истражување и др. Учебникот е наменет како литература за проучување на предметот Маркетинг од страна на студентите од прв циклус на студии, од различни студиски години (втори, трети, четврти и петти семестар) на насоките: Маркетинг менаџмент, Сметководство и ревизија, Финансии, Бизнис економија, како и Бизнис информатика при Факултетот за информатика. Во рамки на наставните програми, предметот Маркетинг се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+2. Воедно, учебникот ќе биде наменет и како дополнителен материјал за студентите кои ги изучуваат останатите наведени сродни предмети, како и студентите од втор циклус на студии, земајќи предвид дека учебникот е збир на поглавја кои ги обработуваат суштинските и актуелни теми од маркетингот и можат да ги насочат идните академски кадри кон

нови истражувања од областа. Рецензенткста комисија оценува дека ракописот е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет, обработувајќи делови кои се клучни од областа маркетинг, како: вовед во маркетинг, дефинирање и историјат на маркетингот, основни маркетинг поими, општествен маркетинг концепт, разбирање на пазарот и однесување на потрошувачите, маркетинг истражување и истражување на пазарот, маркетинг стратегии и тактики, маркетинг микс – производ, цена, дистрибуција и промоција, маркетинг планирање, маркетинг организација и маркетинг контрола, меѓународен маркетинг и додаток кој ги посочува идните трендови во маркетингот, според видувања на авторката.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 339 страници, со 41 табела, 7 графикони и 22 слики. Материјата е систематизирана во 5 дела, кои им овозможуваат на студентите и читателите разбирање и совладување на проблематиката на маркетингот, преку академски преглед на разработената проблематика. По содржината на учебникот, на последните страници се сместени релевантните библиографски единици со чија помош е изработен истиот, на вкупно 12 страници. Трудот е пишуван во А4 формат, со проред 1, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, а маргините на страниците се 2,54 cm: top; left; bottom; right. Цитирањето е во АПА стилот, при што цитатите во текстот се поставени во рамките на речениците и пасусите, со што се олеснува прегледноста на информациите за цитирање или парафразирање, односно авторите и делата кои се консултирани за изготување на делото. Сметаме дека обемот на делото и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Изготвувањето на учебник со наслов „МАРКЕТИНГ: ОСНОВИ ЗА НАВИГАЦИЈА ВО ДИНАМИЧНО ОПКРУЖУВАЊЕ“ е резултат на зголемување на интересот за областа маркетинг, како во рамки на научната заедница, така и помеѓу реалниот сектор. Посебно значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката Маркетинг менаџмент, со оглед на фактот дека според влијанието на маркетиншките активности во работењето на компаниите, тие се едни од најопсежните, а безмалку и едни од најзначајните во денештното деловно опкружување. Како припадници на акдемската заедница, сметаме дека целта на науката не е само да се истражува, туку и да се направат истражувањата, теоријата и праксата подостапни за студентите, јавноста и бизнис секторот. Клучна цел на овој учебник е да даде преглед на најважните теми од областа маркетингот, со опфаќање на актуелни трендови, како во земјата, така и во светот, преку комбинација на теорија и пракса, за најдобро прикажување на можната примена на маркетиншкото знаење. Целината ги обработува едни од најзначајните аспекти од областа на маркетингот.

Учебникот исполнува и неколку дополнителни цели: Објективно и систематично опишување или дескрипција на прецизираната тематиката, како прв чекор во процесот на спознавање, преку увид во актуелната светска и домашна литература; научно објаснување на предметот на материјата преку откривање на условите, причините и мотивите за текот на случувањата, врз основа на научната

теорија и пракса; следење на тенденцијата на менување на состојбите и на динамичките карактеристики на дефинираните проблеми; едукација на читателите во насока на разбирање на механизмите и суштината на маркетиншките активности и процеси, со цел зголемување на свесноста, знаењата и вештините за успешно деловно работење во рамки на конкуретно опкружување. Ова дело претставува логична надградба на претходните изданија на авторот. Од оваа причина, сметаме дека материјалот се одликува со голема значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е сочинет од 5 дела, 13 поглавја и додаток за иднината на маркетингот:

Дел 1 – Разбирање на маркетингот, опфаќа 2 глави, во кои се обработуваат темите на: Основни маркетинг концепти и поими, дефинирање на маркетингот, историски развој на науката за маркетинг, значење и улога на маркетингот, општествен маркетинг концепт, основни маркетинг поими, маркетинг етика, маркетинг опкружување (внатрешно, микори и макро опкружување).

Дел 2 – Разбирање на пазарот и потрошувачите, опфаќа 3 глави, во кои се обработеи темите: Пазарот и неговите димензии, дефинирање, големина и структура на пазарот, видови пазари (пазари според типот на купувачи – потрошувачи, бизнис и владини пазари; останати видови пазари), однесување на потрошувачите, фактори на влијание на потрошувачите, потрошувачки потреби, виодви на потрошувачко однесување, видови на потрошувачи и личност на идеален купувач.

Дел 3 – Истражување, стратегија и планирање на маркетингот, опфаќа 4 глави, во кои се обработени темите: Маркетинг истражување, процес на маркетинг истражување, прашалник и фокус групи како техники на маркетинг истражување, истражување на пазарот, алатки за истражување на пазарот (SWOT анализа, Портеров модел на 5 сили, испитување на задоволството на потрошувачите, анализа на конкуренти), маркетинг стратегија, дефинирање и значење на маркетинг стратегија, разлики меѓу стратегија и тактики, водви маркетинг стратегии, развојни елементи на маркетинг стратегија, конкурентска предност, маркетинг микс (производ, цена, промоција, дистрибуција), маркетинг планирање.

Дел 4 – Организација и контрола на маркетингот, опфаќа 2 глави, во кои се обработени темите на: Организација на маркетингот, структури на маркетинг организација, маркетинг тимови и улоги, маркетинг контрола и ревизија.

Дел 5 – Меѓународен маркетинг, опфаќа 2 глави, во кои се обработени: специфики на меѓународен маркетинг, предизивици на меѓународен маркетинг, стратегии за настап на странски пазари.

На крај е вметнат краток додаток, кој дава преглед на идните трендови во рамки на областа маркетинг, на кои академската фела и реалниот сектор ќе треба да внимаваат, да ги следат и да се приспособуваат во блиска иднина.

Делото завршува со значителна и релевантна користена литература, во АПА стил.

На крај од учебникот се приложени и биографски податоци за авторот.

## ЗАКЛУЧОК

Универзитетскиот учебник **„МАРКЕТИНГ: ОСНОВИ ЗА НАВИГАЦИЈА ВО ДИНАМИЧНО ОПКРУЖУВАЊЕ“** од авторката проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева претставува целина на материја поврзана со маркетингот како научна област и различните видови на маркетиншки знаења и вештини со чија примена може значително да се подобри знаењето на студентите, како и работењето на компаниите во пракса. Авторката направила синтеза на научни и стручни аспекти на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и останатата целна публика, за да го направи ова знаење подостапно и да ја зголеми веројатноста да биде применето и во практична работа. Учебникот ги доближува како научните сознанија, така и практичната примена на истите до публиката, овозможувајќи полесно разбирање и имплементација на принципите, методите и техниките на процесот на изучување на маркетингот како област, но и негова примена во работењето на деловните субјекти.

Со оглед на големото значење кое маркетингот го има за успешното работење на деловните ентитети и за потребите на сите заинтересирани организации, со цел да го пронајдат соодветното решение на пазарните предизвици, сметаме дека ова дело ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Учебникот воедно ги исполнува и критериумите за објавување. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме учебникот со наслов „МАРКЕТИНГ: ОСНОВИ ЗА НАВИГАЦИЈА ВО ДИНАМИЧНО ОПКРУЖУВАЊЕ“ од авторката проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, с.р.

Проф. д-р Ристе Темјановски, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПЕТРОЛОГИЈА (МАГМАТСКИ И МЕТАМОРФНИ КАРПИ)“ ОД ПРОФ. Д-Р ИВАН БОЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и врз основа на Одлуката бр. 1707-147/13 од 30.6.2023, донесена на 52. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 28.6.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Соња Лепиткова, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,
- проф. д-р Тена Шијакова Иванова, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Петрологија (магматски и метаморфни карпи)“** од проф. д-р Иван Боев, наменет за студентите на прв, втор и трет циклус на студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Доставениот ракопис на учебникот „ПЕТРОЛОГИЈА (МАГМАТСКИ И МЕТАМОРФНИ КАРПИ)“ претставува синтетизиран приказ на современите знаења кои се однесуваат на магматските и метаморфните карпи, на нивните петролошки, петрографски, минералошки, геохемиски и генетски карактеристики, на нивната поделба, класификација, кои на студентите од областите на геологијата, рударството, земјоделството, хемијата, географијата, животната средина, градежништвото, шумарството, треба да им послужат во креирањето на нивното знаење од науките за Земјата. Учебникот е напишан на лесно разбирлив јазик и како таков многу ќе им олесни на студентите во совладувањето на нивните знаења од оваа многу значајна материја во нивните образовни потреби.

Учебникот започнува со ПРЕДГОВОРОТ во кој се дадени одредени видувања на авторот за потребата од ваков учебник и намената на овој учебник. Во понатамошниот текст на учебникот следуваат поглавјата како што се: ШТО Е НАУКА, НАУЧЕН МЕТОД и РАНА НАУЧНА МИСЛА. Во овие поглавја авторот има за цел да ги воведе студентите во светот на науката и методите кои ги користи науката. Ова преставува исклучителен придонес во самиот учебник.

Во поглавјето ЗЕМЈА, ПОСТАНОК, ЕВОЛУЦИЈА, ГРАДБА во учебникот се прикажани најсовремените сознанија кои се однесуваат на Земјата како небеско тело, како дел од Сончевиот Систем, прикажани се теориите за еволуцијата на планетата, на нејзиниот постанок, како и на нејзината градба. Целото поглавје обилува со исклучителни илустрации со кои студентите многу полесно ќе ја совладаат оваа материја.

Во поглавјето ТЕКТОНИКА НА ПЛОЧИ многу детално е прикажана теоријата на тектоника на плочи, на нејзините основни постулати, на самата

историска генеза на оваа теорија со која денес се објаснуваат најголемиот дел од геолошките процеси на планетата Земја. Самото поглавје е исклучително богато илустрирано со илустрации во боја со кои многу полесно се разбира самата теорија на тектоника на плочи.

Во понатамошниот дел од учебникот следуваат поглавјата кои се однесуваат на: МАГМАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ, ПОТЕКЛОТО НА МАГМАТИЗМОТ, НАЈВАЖНИТЕ МАГМАТСКИ ПРОЦЕСИ, ВИДОВИ НА ПРИМАРНИ МАГМИ. Во овие делови од учебникот студентите ќе имаат можност да ги осознаат феномените кои се поврзани со појавата на магматизмот, како геолошки процес кој се случува во внатрешноста на планетата Земја, а во некои случаи и на самата Земјина површина (вулканската активност), да се запознаат со феномените на делумното топење на карпите и горната обвивка, а како последица на тоа и појавата на магматските процеси. Исто така во овие делови од учебникот студентите ќе можат да ги осознаат и видовите примарни магми (ултрабазични, базични, интермедиерни и кисели).

Во понатамошниот дел од учебникот следуваат поглавјата: ОСНОВНИ ПОИМИ ЗА КАРПИТЕ, МАГМАТСКИ КАРПИ, ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МАГМАТА, процесите на АСИМИЛАЦИЈА И КОНТАМИНАЦИЈА, НАЧИН НА ПОЈАВУВАЊЕ НА МАГМАТСКИТЕ ТЕЛА, ЛАЧЕЊЕТО КАЈ МАГМАТСКИТЕ ТЕЛА. Во овие поглавја студентите ќе можат да ги продлабочат своите знаења кои се однесуваат на магматските процеси во кои се формираат магматските карпи и да се оспособат за идна теренска работа.

Понатаму во учебникот следуваат поглавјата: СТРУКТУРА НА МАГМАТСКИТЕ КАРПИ, ТЕКСТУРА НА МАГМАТСКИТЕ КАРПИ, КЛАСИФИКАЦИЈА НА МАГМАТСКИТЕ КАРПИ, ПОДЕЛБА НА МАГМАТСКИТЕ КАРПИ. Знаењата кои студентите можат да ги добијат во овие поглавја од учебникот се исклучително важни во градењето на нивниот професионален образовен профил.

Во понатамошниот дел од учебникот се прикажани основните видови на магматските карпи и тоа: УЛТРАБАЗИЧНИ МАГМАТСКИ КАРПИ, БАЗИЧНИ МАГМАТСКИ КАРПИ, АЛКАЛНИ ГАБРОИДИ, ИНТЕРМЕДИЕРНИ МАГМАТСКИ КАРПИ, АЛКАЛНИ МАГМАТСКИ КАРПИ, КИСЕЛИ МАГМАТСКИ КАРПИ. Овие поглавја се исклучително важни од аспект на знаењата кои студентите можат да ги добијат и кои се фундаментални во нивниот образовен профил и во можноста од идната теренска работа.

Поглавјата за метаморфните карпи започнуваат со деловите: ГРАНИЦИ НА МЕТАМОРФИЗАМ, ФИЗИЧКО-ХЕМИСКИ ПРИНЦИПИ НА МЕТАМОРФИЗМОТ, МЕХАНИЗАМ НА ПРЕКРИСТАЛИЗАЦИЈА. Во овие поглавја студентите можат да се запознаат со основните физичко-хемиски контролни граници на метаморфните реакции, основните закони на метаморфните реакции, како и самите механизми на растењето на кристалите за време на метаморфните процеси.

Во понатамошниот дел од учебникот следуваат поглавјата: КЛАСИФИКАЦИЈА НА МЕТАМОРФНИТЕ РЕАКЦИИ, ТИПОВИ НА МЕТАМОРФИЗАМ, ПРИМАРЕН МАТЕРИЈАЛ НА МЕТАМОРФНИТЕ КАРПИ. Ова се исклучително важни поглавја во кои студентите ќе се запознаат со самите метаморфни реакции, како и со главните типови на метаморфизам (ороген,

метаморфизам на океанските гребени, метаморфизам на тонење, контактен метаморфизам, импакт метаморфизам и други).

Во учебникот потоа се претставени поглавјата кои се однесуваат на: ПРИМАРЕН МАТЕРИЈАЛ НА МЕТАМОРФНИТЕ КАРПИ, МИНЕРАЛЕН СОСТАВ НА МЕТАМОРФНИТЕ КАРПИ, ДИЈАГРАМИТЕ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА МИНЕРАЛНИТЕ АСОЦИЈАЦИИ. Ова се исклучително важни теми за студентите кои студираат геологија и кои треба да работат теренска работа во својата идна кариера.

Во поглавјата СКЛОП КАЈ МЕТАМОРФНИТЕ КАРПИ се прикажани типовите на структури и текстури кои се појавуваат во метаморфните карпи и на основа на кои можат да се разликуваат овие карпи од другите групи на карпи (магматски и седиментни).

Во понатамошниот дел од учебникот следуваат поглавјата: РЕГИОНАЛЕН ДИНАМОТЕРМАЛЕН МЕТАМОРФИЗАМ, ТИПОВИ НА РЕГИОНАЛНО МЕТАМОРФНИ КАРПИ. Ова се важни поглавја за студентите од аспект на нивните знаења кои се однесуваат на геолошкиот склоп на одреден терен, еволуцијата на тој терен, како и тектонските збиднувања кои се случиле на тој терен. Регионално метаморфните карпи се исклучително многу присутни во геолошката градба на Земјината кора и како такви е важно студентите по геологија да добијат квалитетни знаења за оваа група на метаморфни карпи.

Понатаму во учебникот следува едно исклучително важно поглавје во метаморфизмот, а тоа се МЕТАМОРФНИТЕ ФАЦИИ. Тука се внесени сите сознанија кои се однесуваат на метаморфните фации, нивните услови на постанок, нивната графичка интерпретација, метаморфните реакции кои се критични за појавата на одредена фација. Тука студентите можат да ги добијат фундаменталните знаења кои се однесуваат на ова исклучително важно прашање во метаморфните процеси и нивната класификација.

Потоа во учебникот следуваат поглавјата за другите типови на метаморфизам како што се: КОНТАКТЕН МЕТАМОРФИЗАМ, КАТАКЛАСТИЧЕН МЕТАМОРФИЗАМ, ИМПАКТ МЕТАМОРФИЗАМ, АВТОМЕТАМОРФИЗАМ, ХИДРОТЕМАЛЕН МЕТАМОРФИЗАМ. Во овие поглавја се прикажани основите на овие специфични типови на метаморфни процеси, како и карпите кои се појавуваат во овие метаморфни процеси. Студентите во овие поглавја ќе ги добијат потребните знаења со кои тие можат да го комплетираат своето знаење од обласста на метаморфните карпи и метаморфните процеси.

Последните две поглавја во учебникот се однесуваат на ГЕОТЕРМОБАРОМЕТРИЈАТА како исклучително важно прашање во самата генеза на метаморфните процеси и ИЗОТОПСКИТЕ МЕТОДИ НА ОДРЕДУВАЊЕ НА СТАРОСТА НА МЕТАМОРФНИТЕ КАРПИ.

Врз основа на изнесеното, предлагаме учебникот „ПЕТРОЛОГИЈА (МАГМАТСКИ И МЕТАМОРФНИ КАРПИ)“ од авторот проф. д-р Иван Боев да биде објавен во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

проф. д-р Соња Лепиткова, редовен професор, с.р.

проф. д-р Тена Шијакова Иванова, редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ“ ОД КАНДИДАТКАТА М-Р САЊА ГАЦОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, со Одлука бр. 1003-79/8 од 15.6.2023 год. донесена на 66. седница, одржана на 10.7.2023 год. формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Училишниот педагог во современото училиште“**, пријавена и изработена од кандидатката м-р Сања Гацов, во состав:

- **проф. д-р Снежана Мирасчиева** – претседател (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);
- **проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева** – ментор и член (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);
- **проф. д-р Татјана Атанасоска** - екстерен ментор и член (Педагошки факултет, Универзитет „Свети Климент Охридски“ – Битола;
- **проф. д-р Даниела Коцева** – член (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);
- **проф. д-р Ирена Китанова** – член (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип).

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Училишниот педагог во современото училиште“, пријавена и изработена од м-р Сања Гацов, докторанд на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е оригинален научен труд напишан со јасен и разбирлив стил на 203 страници, компјутерски обработен текст, Arial 12, структуриран во 3 (три) дела: Теоретско согледување на проблемот, Методологија на истражување, Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето. Содржи и краток извадок на македонски и на англиски јазик со клучни зборови, заклучок со препораки, користена литература (102 референци) и прилози/додатоци (истражувачки инструменти, табели и графикони.

Сите наведени делови меѓусебно се поврзани, заемно се надополнуваат, чинат една заокружена целина во која се елаборирани одговорите на поставените прашања во докторската дисертација.

Во продолжение следи осврт на секој дел и поглавје од докторската дисертација.

Во оваа докторска дисертација ќе го третираме прашањето на тенденциите на традиционалното и современото во областа на работата на училишниот педагог. Исто така, ќе се направи обид да се компарира традиционалниот педагог

со некогашните тенденции, од една страна, и педагогот на модерното време, со сите предизвици коишто ги носи истото, од онлајн часови, алатки и апликации за реализирање на часовите, родителски виртуелни средби и сл., од друга страна. Фактот дека педагошко-психолошката служба и соработката со наставниците е многу битен фактор за правилно функционирање и организирање на воспитно-образовната работа во училиштата имаше пресудно значење и влијание во оваа докторска дисертација.

Посебен акцент ставаме на делот во којшто подетално ја објаснуваме целокупната методика на работа на училишниот педагог, конкретно во основното училиште. Во овој дел поединечно ги разработуваме следниве подрачја на работа на училишниот педагог: планирање, програмирање и вреднување на воспитно-образовната работа; инструктивно-педагошка работа на училишниот педагог со наставниците; работата на училишниот педагог со учениците; соработката на училишниот педагог со родителите; аналитичко-истражувачка работа на училишниот педагог; соработка на училишниот педагог со другите стручни орган и општествени институции и водење и обработка на педагошка документација и подготовка за работа.

Функцијата на педагогот во училиштето е неделива од останатите функции во училиштето и надвор од него, тука нема остро поделени улоги. Затоа односот спрема останатите субјекти е темел на активностите на педагогот. Овде се мисли првенствено на поврзаноста на педагогот со личностите кои можат непосредно да влијаат на околината на ученикот (родител, наставник), а во организациски поглед тоа се личности кои имаат силно, поправно, советодавачко и регулациско влијание врз работата во училиштето (директор, просветен работник, лекар, социјален работник).

Овде мора да ја објасниме и работата на наставникот во современото училиште како полесно би ги сфатиле функциите на педагогот во истото. Концепциска поставеност на новото училиште доведува до значително видоизменување на улогата и позицијата на наставникот. Имено, наставниците во квалитетното училиште се ставаат пред посложени и посуптилни проблеми и задачи што доведува до надминување на несигурноста, изолацијата и некооперативноста. Наставникот добива нова професионална улога, улога на современ наставник кој ќе се залага, мотивира, стимулира и презема одговорност за подобрување на процесот на учење и подобрување на работата на училиштето. Наставникот во квалитетното училиште не е само пренесувач на знаења и информации или само експерт од својата област тој е водач, дијагностичар, координатор, реализатор на процесот на учење, стимулатор на квалитетно учење и подучување, планер, програмер на наставниот процес, духовен и морален советник, модел на етичко однесување. Кои барања се поставени пред наставникот во квалитетното училиште?

Со реконцептуализацијата на традиционалната улога, наставникот се поставува пред посложени, одговорни барања пред учениците, родителите, директорот, општествената средина. Од наставникот се бара: 1. да поседува високи човечки квалитети: висок степен на iq и eq (класична и емоционална интелигенција), општествени способности, емпатија, самоконтрола, моќ на расудување, вербални способности, способност за интерперсонално влијание врз

однесувањето, ставовите, мислењето, поведенијата на учениците; 2. педагошки квалитети: да биде педагошки водач, да го овозможи процесот на учење, да обезбеди квалитетно учење и подучување, да биде советник, да дава пример, да не е пристрасен, да биде праведен, постојан; 3. стручни квалитети: да биде експерт од својата област, да има предизвик во предавањето, да има висок степен на вербална, писмена, информатичка писменост; демонстрација на стратегии, модели на учење и подучување, да посветува внимание на својот професионален развој, да ги структурира семинарите, изведба на идеите од семинарите во училницата, способност за оптимално искористување на емоционалните и духовните ресурси во училницата; насоченост на перманентно-стручно усовршување; создавање клима на големи очекувања во училницата; мотивираност за тимска работа; способност за кооперативно-партиципативни односи; следење на динамиката на процесот на учење во училницата; како висок степен на досигната професионална етика.

Во докторската дисертација ќе изнесеме и факти за работата на педагогот во 12 различни земји: Австрија, Србија, Бугарија, Данска, Хрватска, Ирска, Македонија, Малта, Русија, Америка, Словенија и Обединетото Кралство. Овде ќе елаборираме за стручната работа на педагозите во секоја од избраните земји врз основа на следниве елементи и аспекти: нормативна рамка, услови за вработување, улогата на педагозите, функцијата на педагозите, соработка со другите, статистика.

Првиот дел, односно теоретскиот дел на трудот се состои од четири поглавја: Концепции на организација, Училиштен педагог и наставникот во нашето општество, Педагогот во училиштето, Компаративен преглед.

Првото поглавје го содржи теорискиот опис на концептот на работата на училишниот педагог, дефинирање на поимот за училиштен педагог, подрачјата на работа на училишниот педагог, законските обврски на училишниот педагог, како и тоа со кого работи училишниот педагог за успешност на воспитно-образовниот процес. Овде се дава осврт и на компетенциите на наставниците, нивната соработка со педагозите.

Второто поглавје ја содржи теориската обработка, односто компаративниот преглед на 12 различни земји: Австрија, Србија, Бугарија, Данска, Хрватска, Ирска, Македонија, Малта, Русија, Америка, Словенија и Обединетото Кралство. Овде ќе елаборираме за стручната работа на педагозите во секоја од избраните земји врз основа на следниве елементи и аспекти: нормативната рамка, услови за вработување, улогата на педагозите, функцијата на педагозите, соработка со останатите институции и статистика.

Во третото поглавје е анализирана коомпарацијата на: нормативната рамка, условите за вработување, улогата на педагозите, функцијата на педагозите, соработката со останатите институции и статистика за 12. европски држави поединечно. Овде се изнесени и најчестите воспитни провблеми во современото училиште во „новото време" и исто се дадени резултати од анкетите за истите. Четвртото поглавје содржи релевантни теориски и емпириски истражувања од подрачјето на работата на училишниот педагог во современото училиште. Исто така, направено е и истражување по пат на анкетирање за прецизирање на воспитните проблеми во современото училиште:

Во согласност со дадените искази по пат на анкетирање:

- *Застапен е проблемот со страв од хакери;*
- *Застапен е проблемот со емоционална вознемиреност;*
- *Застапен е проблемот со снимање и злоупотреба на снимките во училиштето;*
- *Застапен е проблемот со несоодветно облекување;*
- *Застапен е проблемот со непочитување на кодексот на однесување;*
- *Застапени се навредите упатени кон наставникот;*
- *Застапен е проблемот со неоправданите изостаноци;*
- *Застапен е проблемот со зависности во училиштето (цигари, алкохол, дрога);*
- *Застапен е проблемот со физичките пресметки меѓу учениците.*

Табеларно и графички (процентуално) истакнати се и процентите на застапеност на горенаведените проблеми. Резултатите на истражувањето изнесени во трудот треба да ги насочат високообразовните институции (педагози, психолози), да ги развиваат нивните педагошки компетенции во согласност со современите трендови во образованието. Исто да направат и потребни промени вонаставните планови во функција на унапредување на воспитно-образовната работа. Основната цел би требало да биде развојот на потребните компетенции на образовниот персонал за работа со ученици со пројавување на различни проблеми во однесувањето и учењето во училиштето. Од разговорот со наставниците и педагозите на основните училишта дојдовме до заклучок дека педагозите се постојано во контакт со сите ученици и вработени, како и со родителите и дека аналогно на оваа соработка се одвива во насока за успешно функционирање на воспитно-образовниот процес во училиштето. Во иднина, поради проблемите на „новото" време, како што се врсничкото насилство – булинг (eng. Bullying, што во превод значи обидување за наштетување, заплашување или принудување на некој што се смета за ранлив), емоционалната вознемиреност, злоупотреба со мобилните телефони, страв од хакери (дојави за бомби и сл.), треба да се интензивира на што поуспешна соработка, помеѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес. Секое насилство треба да се пријави, постои Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба или занемарување, донесено од Министерство за образование и наука (МОН), член 66 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019).

Вториот дел на трудот ја содржи методологијата на истражувањето каде што е одреден предметот на истражувањето, поставени се целите, задачите и хипотезите на истражувањето, како и операционализација на истражувачките варијабли, истражувачките методи, техники и инструменти, популацијата и примерокот, динамиката на истражувањето и начинот на обработка на податоците.

Третиот дел на трудот – Резултати и дискусија ја содржи анализата на структурата на примерокот, анализата на резултатите на истражувањето и дискусијата и верификацијата на хипотезите на истражувањето.

Во четвртиот дел на трудот се изнесени заклучоците.

Преглед на литературата.

При изработка на оваа докторска дисертација беше искористена литература од голем број на странски автори и неколку домашни автори, која се однесува на одредувањето на основните поими, поважните модели на училишниот педагог релевантните истражувања во врска со знаењата, ставовите, компетенциите на педагогот во современото училиште.

Третиот дел од докторската дисертација се однесува на **анализата и дискусијата на резултатите од истражувањето.**

Авторката м-р Сања Гацов нуди прегледна анализа на резултатите од истражувањето во и низ која се опфатени: Во овој дел авторката презентира и верификација на поставената општа и неколку посебни хипотези. Врз основа на увид во нормативните акти на секоја од нив од вклучените земји (закони, правила, прописи, упатства, одлуки итн.) и други извори на податоци (документи на професионални здруженија, литература итн.) може да се заклучи дека има многу сличности, но исто така и разлики во професионалните улоги на училишниот педагог во разгледуваните земји. Во секоја од овие земји, стручниот соработник (училиштен педагог) придава многу значајна улога во развојот и подобрувањето на образованието. Како причините дадени за објаснување на потребата за нивно ангажирање се истакнуваат со следново: зголемување на бројот на потребни ученици дополнителна поддршка во образованието; зголемена инциденца на насилство меѓу учениците на училиште; чести конфликти помеѓу учениците и наставниците, како и соработката меѓу наставниците и родителите; високи очекувања на родителите, проблеми во семејството кои се одразуваат на однесувањето и успехот на учениците; употребата на психоактивни супстанции кај учениците; висок процент на напуштања на учениците од образовниот систем (ова е карактеристично само за некои земји); училиштен булинг и сл. Училишните педагози можат професионално да се ангажираат во училиштето како редовни членови на училишниот колектив, често во рамките на специјалните (педагошки-психолошки) служби или, се разбира, можат да работат во рамките на услугите на локалното население, надвор од училишната институција, т.е. надворешни услуги кои обезбедуваат услуги за училиштата на нивните територии.

Се прават напори за обезбедување стручна помош и поддршка за учење на учениците со тешкотии и за поттикнување на развојот и напредокот на учениците и успешно постигнување на образовни активности во училиштето. Нивната задача, професионални соработниците ја остваруваат преку директна работа со учениците и преку соработка со наставниците. Се фокусираат на активностите за обезбедување поддршка за целокупниот развој на учениците; обезбедување помош за учениците кои се соочуваат со одредени тешкотии (развојни, емоционални, учење, однесување, општествени односи итн.); решавање на конфликти помеѓу учесници во училишниот живот; обезбедување на помош на наставниците и родителите во постигнување на нивните улоги; координација на различните активности кои се спроведуваат во училишта, итн. Сепак, исто така постојат и некои разлики и специфичности во професионалната работа на училишните педагози во набљудуваните земји.

Реализираното истражување понуди една комплексна анализа на факторите кои имаат влијание на развојот на интеркултурен училиштен модел на образование, во кој наставниците се клучниот фактор за негово оживотворување. Заклучните согледувања во однос на концептуалните, емпириските и апликативните цели се елаборирани во *Заклучокот*. Презентирани се согласно редоследот на истражувачките задачи.

**Предмет на докторската дисертација**

Предмет на докторската дисертација насловена „Училишниот педагог во современото училиште" е да утврдиме дали работата на училишниот педагог се разликува од работата во традиционалното училиште компарирано со современото училиште, постојат одредени разлики воочени со компарацијата на педагогот во 12. европски земји.

Како индикатори, показатели, авторот ги имал во вид: факти за работата на педагогот во 12 различни земји: Австрија, Србија, Бугарија, Данска, Хрватска, Ирска, Македонија, Малта, Русија, Америка, Словенија и Обединетото Кралство. Елаборирано е за стручната работа на педагозите во секоја од избраните земји врз основа на следниве елементи и аспекти: нормативна рамка, услови за вработување, улогата на педагозите, функцијата на педагозите, соработка со другите, статистика. Исто така, направена е и анкета со педагозите и учениците за најчестите воспитни проблеми во современото училиште на територија на Штип – Република С. Македонија.

**Цели и нивна разработка**

Како дел на научната замисла со која се доаѓа до детално сознание за проблемот на истражувањето, за неговите објективни манифестации во реалноста како посакувана состојба, намера која води до канализирање на истражувачкиот процес е и поставената цел на истражувањето. Авторката м-р Сања Гацов ја поставила следната цел на истражувањето т.е. училишниот педагог во современото училиште, неговите сличности и разлики во традиционалното и современото училиште со осврт на компаративна анализа во 12. различни земји

Резултатите на истражувањето изнесени во трудот треба да ги насочат високообразовните институции (педагози, психолози), да ги развиваат нивните педагошки компетенции во согласност со современите трендови во образованието. Исто да направат и потребни промени вонаставните планови во функција на унапредување на воспитно-образовната работа. Основната цел би требало да биде развојот на потребните компетенции на образовниот персонал за работа со ученици со пројавување на различни проблеми во однесувањето и учењето во училиштето.

Од анкетата со наставниците и педагозите на основните училишта дојдовме до заклучок дека педагозите се постојано во контакт со сите ученици и вработени, како и со родителите и дека аналогно на оваа соработката се одвива во насока за успешно функционирање на воспитно-образовниот процес во училиштето. Во иднина, поради проблемите на „новото" време, како што се врсничкото насилство – булинг (eng. Bullying, што во превод значи обидување за наштетување,

заплашување или принудување на некој што се смета за ранлив), емоционалната вознемиреност, злоупотреба со мобилните телефони, страв од хакери (дојави за бомби и сл.), треба да се интензивира на што поуспешна соработка, помеѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес. Секое насилство треба да се пријави, постои Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба или занемарување, донесено од Министерство за образование и наука (МОН), член 66 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019).

**Научен придонес**

Докторската дисертација „Училишниот педагог во современото училиште", изработена под менторство на проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, редовен професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како интерен ментор и проф. д-р Татјана Атанасоска, редовен професор на Педагошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како екстерен ментор е успешно завршен. Трудот е оригинален, јасно напишан, како од научен, така и од стручен аспект. Обработката на податоците од истражувањето и анализата на резултатите е квалитетно систематизирана, со високо ниво на јасност и конкретност на заклучоците и препораките. За елаборирање на истата користени се податоци од соодветна и современа литература.

Научната цел на истражувањето беше да се добијат нови научни сознанија во врска со проблемот, како и прецизно дефинирање на подготвеноста на педагогот за справување со учениците, со нивните стравови, проблеми во однесувањето, проблеми во учењето и сл. како и да се придонесе во развојот на педагошките пристапи за проучување на проблемот. Практичната цел беше резултатите на истражувањето да се стават на располагање на образовните институции и другите креатори на образовните политики во контекст на подобрувањето на квалитетот на образованието и унапредувањето на интеркултурните компетенции на педагозите кои се многу важни претпоставки во контекст на детектирање, превенирање и справување со проблемите во современото училиште.

Постигнувањето истражувачка цел се овозможи преку реализација на следниве истражувачки задачи: испитување на разликите во нормативната рамка, нормативна рамка, услови за вработување, улогата на педагозите, функцијата на педагозите, соработка со останатите институции и статистика во 12. европски земји: Австрија, Србија, Бугарија, Данска, Хрватска, Ирска, Македонија, Малта, Русија, Америка, Словенија и Обединетото Кралство, утврдување, односно детекција на воспитните проблеми во современото основно училиште.

Докторската дисертација е оригинален научен труд и го збогатува научниот корпус на училишните педагози во смисла на продуцирање на нови научни сознанија во врска со проучуваниот проблем, прецизното дефинирање на подготвеноста на педагозите за справување со разните асоцијални, девијантни, проблеми во однесувањето на учениците. Докторската дисертација се очекува да поттикне и понатамошни истражувања особено во подрачјето на глобалната компетенција на училишниот педагог.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатката Сања Гацов ги има објавено следните научноистражувачки трудови:

1. Рецензирани научноистражувачки трудови (најмалку два) кои се резултат на истражувањата во рамките на изработката на докторската дисертација, објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

2. - Gacov, S. (2023). The collaboration between the pedagogue and teachers in the function of improving the teaching work. Vision International Scientific Journal, Volume 8, Issue 1, March 2023, page 113-132.

3. - Gacov, S. (2022). The role of the pedagogue in 12 European countries. Меѓународното списание Филолошки факултет. УГД, 86-93, ISSN 1857-7059, UDC 80(82), volume 13, No. 20.

4. - Gacov, S. (2022). Field of work of the pedagogue and its role in the physical education in elementary school, PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 5(4), Art.2, pp. 5-11, (Online).

5. - Gacov, S. (2022). Pedagogical Approach In Physical Education, PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 5(4), Art.3, pp. 12-19, (Online).

6. - Gacov, S. (2023). The responsibilities of the physical education teacher as a pedagogue in the school physical activity program, PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 6(1), Art1, pp. 01-09, (Online).

7. - Gacov, S. (2023). The function of the school pedagogue in 10 European countries, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), pp. 45-61, Vol. 68. 1.

8. - Gacov, S. (2011). Семејството како клучен фактор во работата на современото училиште, Yearbook Faculty of philology, pp. 203-210, Vol. 2 No. 2.

Труд објавен во меѓународно списание со импакт фактор:

9. Gacov, S. (2023). Pedagogical work in the modern school and antisocial behavior of students, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), pp. 251-288, Vol. 67, No. 2.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „*Училишниот педагог во современото училиште*“ од кандидатката м-р Сања Гацов и заклучи дека истата претставува самостоен оригинален научен труд во кој се третира исклучително актуелен педагошки проблем. Проучувањето на предметот има холистички карактер, како од теоретски така и од емпириски аспект. Содржински и структурно, трудот е добро систематизиран, а резултатите од истражувањето имаат оригинален карактер.

Заклучните согледувања и препораките дадени во трудот се базирани на презентираниот материјал во истиот и се значаен придонес за педагошката наука, педагошката пракса и образовните политики.

Докторската дисертација е во согласност со законските прописи и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Училишниот педагог во современото училиште“** и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Снежана Мирасчиева – претседател, с.р.

Проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева – ментор и член, с.р.

Проф. д-р Татјана Атанасоска - екстерен ментор и член, с.р.

Проф. д-р Даниела Коцева – член, с.р.

Проф. д-р Ирена Китанова – член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ОБРАЗОВАНИЕ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК ВО КОСОВО“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р САЛИЈА БАНГОЈИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, со Одлука бр.1003-79/7 од 13.6.2023 год. донесена на 66. седница, одржана на ден 10.7.2023 год., формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Образование и стручно усовршување на наставниците во наставата на босански јазик во Косово“,** пријавена и изработена од кандидатот м-р Салија Бангоји, во состав:

- **проф. д-р Снежана Мирасчиева** – претседател (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);
- **проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева** – ментор и член (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);
- **проф. д-р Татјана Атанасоска** - екстерен ментор и член (Педагошки факултет, Универзитет „Свети Климент Охридски“ - Битола;
- **проф. д-р Ирена Китанова** – член (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);
- **проф. д-р Даниела Коцева** – член (Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип).

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Образование и стручно усовршување на наставниците во наставата на босански јазик во Косово“, пријавена и изработена од м-р Салија Бангоји, докторанд на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, е научен труд напишан со јасен и разбирлив стил на 225 страници текст односно ги содржи следните целини: КРАТОК ИЗВАДОК (на македонски и на англиски јазик), СОДРЖИНА, ВОВЕД, ТЕОРИСКИ ДЕЛ НА ТРУДОТ (седум поглавја и 41 потпоглавја), МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО (шеснаесет поглавја), РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА (три поглавја и 12 потпоглавја), ЗАКЛУЧОК, ПРЕПОРАКИ, КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (повеќе од сто библиографски единици) и ПРИЛОГ.

Многу проблеми се случуваат во образовниот процес, а меѓу нив е и проблемот на образование и усовршување на наставниците од основните училишта, па затоа ова е предмет на многу дискусии за подобрување на работата на училиштата и на нивните резултати. Јасно е дека без адекватен систем на образование и усовршување на наставниците не може да се остварат општествените задачи на училиштата и на останатите воспитни установи.

Современата настава од наставникот бара поголем ангажман, како во наставните така и во воннаставните активности, а исто така треба поголем ангажман и за училишните и за професионалните активности, а со тоа значително се проширува и традиционалната концепција на наставниците. Освен ова, промените во методите, техниките, формите, пристапите, со новата технологија се проширува професионалното образование, а истовремено се создава потреба за образование на специјални профили на наставници, кои ќе бидат подготвени најсоодветно да одговорат на денешните предизвици. Училишните реформи треба да ги следат промените во системот на образование на наставниците, бидејќи без соодветно оспособување на наставниот кадар овие реформи нема да ги дадат посакуваните резултати.

Моделот на традиционално училиште треба постепено да се заменува со моделот на современо училиште, кое и на наставниот и на ученикот им дава можност за напредување и за постигнување на подобри резултати во учењето и во усовршувањето. Во современите училишта се прошируваат компетенциите на наставниците и на учениците, па можеме да кажеме дека стручните компетенции на наставниците се од огромно значење за секоја земја, бидејќи преку нивната работа се засноваат основните знаења, навики и вештини на учениците. Компетенциите на наставниците настануваат како резултат на работата за време на студирањето, кои би требало да бидат во наставниот план на факултетот. Компетенциите не се стекнуваат само тогаш, за време на студирањето, туку и подоцна. Факултетите можат со својата организирана работа да влијаат врз стекнување на компетенции во училиштата со воспитно-образовни потреби. Во последно време во Европа, па и во светот, современите образовни тенденции се насочени кон доживотно учење, а тоа е и целта на образованието во XXI век, создавање на општество на знаење.

Наставниот процес се обидува да се промени со создавање на различни стратегии, кои имаат за цел да го унапредат и да го менуваат наставниот процес. Напорите што се вложуваат зависат од многу фактори, како што се општествените односи и економскиот и културниот развој на една земја. Покрај компетенциите на наставникот, во трудот ги опфативме и најважните фактори на воспитно-образовниот процес и особините на личноста на наставникот, кои го карактеризираат наставникот во традиционалното и современото училиште и сите заедно имаат една единствена цел да се подобри образовниот процес и да се подигне нивото на знаење. Исто така и професионалниот развој на наставниците во текот на нивната служба дава нови можности и создава нови идеи за организирање на нови видови на работа.

Во овој труд сакаме да нагласиме дека како иновации во општеството, од една страна, и како иновации во училиштата се интеграцијата и инклузијата на маргинализираните групи. „За да ја согледаме индивидуализацијата на наставата во светло на концептот на инклузивно образование треба најнапред да направиме поимска и суштинска дистинкција, а потоа да размислиме за проникнување на елементите од овие поими (појави)“ (Milinković, M. 2008: 8).

Семејството отсекогаш, во помала или поголема мера, влијаело врз општествените промени, а поради напредокот на човештвото доаѓа до промена на индивидуален план на родителите во поглед на потребата за ново образование, нова работа, нов статус во општеството итн. Без оглед на тоа за какви промени

станува збор, тие го менуваат начинот на живот и кај родителите и кај децата. Со појавувањето на потребата за институционално згрижување на децата во воспитно-образовни установи се случија некои промени и на семеен и на општествен план, што доведе до промена на работата на институциите. Самата модернизација на школството носи подобрување на образованието на родителите, кои стануваат поинформирани и поупатени во развојот на детето.

За да им овозможиме на децата подобар и поинтересен престој во училиште, важно е да се воспостави соработка помеѓу родителите и наставниците, т.е. семејството и училиштето, каде што е потребно да се вложи време, труд, да се вложи знаење, да постои толеранција, разбирање и вистинска желба сето тоа да се спроведе на дело. Бидејќи училиштето и домот се места каде што децата се воспитуваат, но и се образуваат, оваа соработка не смее да изостане, бидејќи претставува значаен фактор во развојот и успехот на детето.

Наместо еднострана комуникација (наставник – ученик), тој се труди да ги мотивира учениците да преземаат активности и индивидуално да напредуваат во согласност со нивните предзнаења и способности. Некои наставници многу споро ги прифаќаат иновациите, бидејќи се чувствуваат поподготвени користејќи ги традиционалните методи и форми на работа, додека кај некои наставници иновациите се веќе воспоставени во секојдневната практика. Иновациите во воспитно-образовниот процес подразбираат мобилност и постојано стручно усовршување на наставниците.

Без образован наставник не може да се развиваат воспитно-образовни установи. Овде ќе напомнеме дека во наставата на босански јазик во Косово наставникот нема можности да се образува на адекватен начин, т.е. да заврши факултет на мајчин јазик, како и тоа дека поради недоволен број на стручен кадар на факултетите нема отворено групи за поединечни предмети.

Затоа се јавуваат проблеми во наставата, бидејќи се ангажира нестручен кадар, кој не може адекватно да одговори на предизвиците на современото образование. Сметаме дека мошне битни се квалификациите на наставникот, неговите способности и вештини, како и мотивацијата за проширени индивидуални и професионални функции. Со ова се унапредува и процесот на самоевалуација, а со тоа се создава комплетен ученик. Низ процесот на самоевалуација, училиштето јасно ја проценува својата работа и создава јасна слика за својот напредок и презема јасни чекори и мерки за подобрување на квалитетот и на наставниците и на учениците и на сите оние што влијаат врз развојот на воспитно-образовниот процес. Покрај наставникот, како еден од важните фактори за работата на училиштето, за што подобар квалитет на работата на училиштето треба да придонесат и останатите фактори, а истовремено со тоа ќе се создаде добра основа за ученик со широки посестрани погледи на светот. Партнер на наставникот во воспитно-образовниот процес и најважен фактор во работата на училиштето е ученикот. За да се постигне подобро функционирање на целокупниот училиштен систем, ученикот треба постојано да се поттикнува и да му се овозможи активно да учествува во училишните активности, да го објаснува значењето на вклученоста во училишните активности и да се охрабрува без оглед на тоа за каква активност станува збор, доброволно да побара негово вклучување. Посебно внимание треба да се обрне на односот помеѓу наставникот и ученикот, т.е. на доминантната улога

на наставникот во однос на ученикот во сите сегменти на училишниот систем. Пријателски однос, поголем степен на толеранција и меѓусебно почитување во голема мера би придонеле за подобро функционирање на воспитно-образовниот процес, а со тоа и подобри резултати во учењето. Ученикот во училиштето има многу мал простор за дејствување и мала можност за планирање, одлучување и за слобода на мислењето. Со усвојување на Конвенцијата за правата на детето во 1989 година детските права беа, а и ден-денес се, предмет на многу истражувања, а исто така и преку нив се прави обид да се апелира и да се влијае врз сите одговорни за да се почитуваат загарантираните права на децата. Тоа значи дека децата треба да се вклучат во донесувањето на одлуки за да бидат активни учесници во училиштето. Децата треба да се третираат како активни учесници, како компетентни партнери, вклучени во сопственото образование и воспитување. Тие треба да бидат оспособени да ја преземат одговорноста за своето однесување, успех или неуспех.

Меѓутоа, ако сакаме да создадеме „училишта без насилство", „училишта еднакви за сите", без оглед на разликите што ги имаме, мора да ги менуваме сопствените навики и со сопствениот позитивен пример да влијаеме врз другите да го направат истото. Поддржувајќи го авторитетот на наставникот во многу сфери би дало позитивни резултати, а функционирањето на училиштето би се променило за доброто на сите. „Наставникот стои на страната на детето, во ученичкиот простор, кој всушност е простор за заедничко учење и меѓусебно дополнување" (Milić i Marojević 2014: 129). Секое вклучување на учениците во работата на училиштето и во сите активности може да даде само позитивен одговор и можност да се избегнат негативните случувања што го следат денешното училиште, кои не се ретки. На ученикот треба да му се даде поголем простор за дејствување, кој му е доста тесен во однос на функционирањето и одлучувањето. Како што секојдневно се вклучуваат иновации во современите училишта, така треба да се вклучуваат и учениците во училишниот систем, а со тоа ќе се подобри положбата на учениците во училиштата.

Првиот дел односно теорискиот дел на трудот се состои од седум поглавја: Настанување на училиштата и училишниот систем, Образование, Курикулум и предизвици на светот што се менува, Образование на наставниците, Настава, Комуникација, Педагогија во XX и XXI век, Компетенции за XXI век.

Првото поглавје го содржи теорискиот опис настанување на училишта и историски преглед на развојот на училишта. Второто поглавје го опфаќа концептот на образование, Курикулум и образовните стратегии. Во третото поглавје опишуваме образованиeто на наставниците, наставните компетенции, професионалната обука, како и системот за лиценцирање. Четвртото поглавје ги содржи поимот и суштината на наставата, како и недостаците на традиционалната настава споредба со современата настава. Што е комуникација, до кој степен се користи во наставата и кои се ефектите од добрата комуникација ги опишавме во петтото поглавје. Во шестото поглавје накратко го опишавме развојот на педагогијата во XX и XXI век. Во последното седмо поглавје од теоретскиот дел на трудот ги опфатиме компетенциите на наставниците за XXI век и јакнење на сите компетенции.

Вториот дел на трудот ја содржи методологијата на истражувањето каде што е одреден предметот на истражувањето, поставени се целите, задачите и хипотезите на истражувањето, како и истражувачките методи, техники и инструменти, популацијата и примерокот, динамиката на истражувањето и начинот на обработка на податоците.

Третиот дел на трудот – Резултати и дискусија ја содржи анализата на структурата на примерокот, анализата на резултатите на истражувањето и дискусијата и верификацијата на хипотезите на истражувањето.

Во четвртиот дел на трудот се изнесени заклучоците.

Третиот дел од докторската дисертација се однесува на **анализата и дискусијата на резултатите од истражувањето.**

Авторот м-р Салија Бангоји нуди анализа на резултатите од истражувањето во и низ која се опфатени: Во овој дел авторот презентира и верификација на поставената општа и неколку посебни хипотези. Потврдена е општата хипотеза т.е. се претпоставува дека успехот на наставникот во реализацијата на наставниот план и програма зависи од квалитетно образование и перманентно усовршување на наставникот, примена на знаењата, како и од имплементација на современите методи, техники и пристапи во воспитно-образовниот процес.

Генералната хипотеза ќе се докажува преку следните потхипотези:

– се претпоставува дека наставниците кои стручно се усовршуваат мошне често го применуваат стекнатото знаење од семинарите во воспитно-образовниот процес;

– се претпоставува дека наставниците доволно се подготвуваат за наставно-образовниот процес;

– се претпоставува дека постои заинтересираност на наставниците за нивно стручно усовршување;

– се претпоставува дека наставниците недоволно ги запознаваат учениците со современата технологија;

– се претпоставува дека наставниците во наставата во доволна мера користат наставни средства и современа технологија;

– се претпоставува дека наставниците во работата користат само традиционални наставни методи и облици на работа;

– земајќи го предвид степенот на стручно усовршување и познавање на современите методи и техники, наставниците редовно применуваат современа технологија и наставни средства при реализација на наставно-образовниот процес.

– се претпоставува дека наставниците во доволна мера ја познаваат работата на компјутер и програмите за реализација на наставата;

– се претпоставува дека учениците знаат да работат на компјутер и ги задоволуваат потребите на плановите и програмите.

Заклучните согледувања во однос на концептуалните, емпириските и апликативните цели се елаборирани во *Заклучокот*. Презентирани се согласно со редоследот на истражувачките задачи.

**Предмет на докторската дисертација**

Предмет на докторската дисертација насловена „Образование и стручно усовршување на наставниците во наставата на босански јазик во Косово“ е да утврдиме е образованието и стручното усовршување на наставникот, што е мошне актуелно во денешно време па многу често се зборува за сфаќањето на улогата на наставникот во воспитно-образовниот процес, стекнувањето компетенции, а посебно за воведувањето иновации и користењето на новите технологии, методи и техники на работа. Од тоа произлегува дека улогата на наставникот мора да се менува за да се остварат поставените цели и да се задоволат потребите што ги бара професијата наставник. Проблемот на образованието и стручното усовршување на наставниците во основните и средните училишта, во услови на научно-техничка и технолошка револуција секој ден е сè поактуелен. Заради тоа сè повеќе се зборува и се пристапува на истражувања на оваа тема во многу земји, па и во Косово.

Овој труд има за цел да ја преиспита актуелната состојба во училиштата во Косово во кој постои и настава на босански јазик по прашање на образованието и стручното усовршување на наставниците во согласност со новиот наставен план и програма, но исто така и за потребите на наставата за да се постигнат европските стандарди на образование. Нестручноста и несоодветната примена на новите наставни методи и техниката на работа на одредени наставници, недоволната неподготвеност за работа доведуваат до конфузија во училницата, па според тоа пожелно е со процесот на стручно усовршување да бидат опфатени сите лица што се дел од образовниот процес во сите рамништа од образовниот систем во Косово.

*Цел на истражувањето*

Образованието и стручното усовршување е предмет на многу науки (педагогија, андрагогија...). Сите се обидуваат да дадат придонес во решавањето на овој проблем кој е во криза, пред сè во земјите во транзиција кои се сретнуваат со новонастанати системи на образование, но истовремено ги прифаќаат достигнувањата од другите науки. И овој труд се занимава со проблемите поврзани со образованието и стручното усовршување на наставниците во основните и во средните училишта, со посебен нагласок на наставниците во наставата на босански јазик во Косово.

Целта на овој проект е да се истакнат проблемите, подлабоко да се согледаат, да се проучат, но исто така да се дадат предлози за нивно решавање. Со подобрувањето на некои недостатоци, кои се сретнуваат на ова подрачје, се стремиме да ја оствариме главната цел. Подигнување на квалитетот на образованието на наставниците во наставата на босански јазик во Косово и нивно стручно усовршување

*Задачи на истражувањето*

- Утврдување на нивото на образование од претходниот систем, како и утврдување на моделот на новиот систем на образование во Косово.
- Да се истражи колку стручното усовршување на наставникот влијае врз успехот на наставно-образовниот процес.

- Да се истражи колку од наставниците редовно се подготвуваат за наставно-образовниот процес.
- Да се истражат потребите на наставниците за стручно усовршување.
- Да се испита дали наставниците ги запознаваат учениците со современата технологија.
- Да се испита колку наставниците користат наставни средства и современа технологија.
- Да се испита колку наставниците во текот на својата работа користат традиционални наставни методи и форми на работа.
- Да се утврди во кој обем наставниците користат современи методи и техники.
- Да се истражи колку наставниците се запознаени со работата на компјутер и со програмите за реализација на наставата.
- Да се испита дали учениците знаат да работат на компјутер.
- Наодите и заклучоците да се проследат на надлежните институции заради поуспешно образование и стручно усовршување на наставниците.

**Цели и нивна разработка**

Цела статистичка обработка на податоците е објавена во компјутерската програма SPSS 26.0 (Statistical Package for the Social Sciences). Во обработката на дескриптивните статистички параметри ќе се пресметуваат апсолутните и релативните фреквенции, како и аритметичките средини со соодветните стандардни девијации. При споредување на два независни примероци ќе се користи т.н. т-тест на независност (Independent t-test), додека пак кај тестирањето на зависните опсервации ќе се примени т.н. т-тест на зависни примероци (Paired samples t-test). Исто така, во трудот ќе користиме и една факторска анализа на варијантите (ANOVA) за споредување на три или повеќе независни примероци, додека пак кај дополнителните (post-hoc) споредувања користен е тестот ЛСД (LSD). Статистичката важност ќе се дефинира на рамниште на веројатност на нулта хипотеза од $p \leq 0.05$ до $p<0.0001$.

**Научен придонес**

Докторската дисертација „Образование и стручно усовршување на наставниците во наставата на босански јазик во Косово“, изработена под менторство на проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, редовен професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како интерен ментор и проф. д-р Татјана Атанасоска, редовен професор на Педагошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како екстерен ментор е успешно завршен. Трудот е оригинален, јасно напишан, самостоен оригинален научен труд и го збогатува научниот корпус на образованието. Истиот е многу значаен за општествата. Проблемот со стручното усовршување на наставниците е глобален и заклучивме дека на училиштата им се потребни стручно способни наставници, кои ќе можат на најдобар начин да и пренесат своите знаења. Добиените резултати од истражувањето во дисертацијата се вредни за креирање на образовни политики во нашата држава.

Докторската дисертација се очекува да има практични примени на ниво на државни, локални и училишни политики, посебно во сферата на професионалниот развој на наставниците.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Образование и стручно усовршување на наставниците во наставата на босански јазик во Косово“, од кандидатот м-р Салија Бангоји, и заклучи дека истата претставува самостоен оригинален научен труд во кој се третира исклучително актуелен педагошки проблем. Проучувањето на предметот има холистички карактер, како од теоретски така и од емпириски аспект. Содржински и структурно, трудот е добро систематизиран, а резултатите од истражувањето имаат оригинален карактер.

Заклучните согледувања и препораките дадени во трудот се базирани на презентираниот материјал во истиот и се значаен придонес за педагошката наука, педагошката пракса и образовните политики. Докторската дисертација е во согласност со законските прописи и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Образование и стручно усовршување на наставниците во наставата на босански јазик во Косово“** и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Снежана Мирасчиева – претседател, с.р.
Проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева – ментор и член, с.р.
Проф. д-р Татјана Атанасоска - екстерен ментор и член, с.р.
Проф. д-р Ирена Китанова – член, с.р.
Проф. д-р Даниела Коцева – член, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ТТФ | 0206-650/4 од 03.07.2023г. | „Развој на математички модели за дизајн на симетрични и асиметрични композитни делови“ /„Development of mathematical models for the design of symmetric and asymmetric composite parts“ | проф. д-р Винета Сребренкоска за интерен ментор и проф. д-р Емилија Фиданчевски за екстерен ментор | Филип Кочоски |